4. Изворите на средства за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште и изградбата на комунална инфраструктура;
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
6. Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште по зони;
7. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
8. Границите на зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
9. Динамиката на реализација на програмата.

И покрај тоа што со оваа Програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи за нивна ургентна реализација во текот на 2025 година.
Програмата е релативно обемна и сеопфатна со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на граѓаните, градежната оператива и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконското градење кое перманентно преставува проблем на градот.

**1. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ**

Како простор кој е предмет на уредување на градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Штип со населбите, како и подрачјето за станбена и друга изградба одредени со ГУП за град Штип, како и важечката урбанистичка документација за градот.

**2. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Овде се опфатени сите активности поврзани со техничката подготовка и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурните објекти, во смисла на регулирање на имотно правните односи, (во колку се работи за приватно земјиште), расчистување на постоечки инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на уредувањето на градежното земјиште.

**3. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ**

**3.1.** Обемот на уредување на градежното земјиште, како и степенот на опремување ќе опфаќа:

**3.1.1.** Секоја објект со намена според важечка урбанистичка планска документација кои се во опфат на ГУП ќе добие пристапна улица, приклучок на водовод и фекална канализација до 1 метар во тротоар од парцелата и улично осветлување.

Трошоците за подготвување на градежното земјиште (фундирање), изместување на постоечки инсталации (водовод, канализација електро и ПТТ) дворно уредување, изградба на потпорни ѕидови кои се во функција на локацијата, оградни ѕидови, пристапни патеки, паркиралишта, во склоп на локацијата, дворно зеленило, приклучни такси, изградба на боксови за контејнери, канти за ѓубре, паѓаат на товар (целосно) на инвеститорот на објектот.

Со оваа Програма се предвидува приклучување на објектите предвидени со урбанистичка планска документација на постоечката или новоизградена мрежа од (улици, фекална канализација, атмосферска канализација и улично осветлување), додека приклучокот на електричната мрежа (трафостаница, нисконапонска мрежа и приклучок) и ПТТ мрежа ќе го извршат ЕВН и МТ со меѓусебен договор со инвеститорите. Изведените инсталации треба да бидат во согласност со проектираните од урбанистичката планска документација , а контролата ќе се врши од страна на Одделение за уредување на градежно земјиште. Степенот на уредување ќе се реализира согласно со динамиката на прибирање на средствата (сите средства прибрани за уредување на урбаниот блок во тековната година ќе бидат вложени за уредување), а додека целосното уредување ќе се реализира со прибирање на вкупните средства предвидени за комплетно уредување на урбаниот блок.

Доколку уредувањето е со повеќе стварни трошоци од оние кои треба да се добијат со пресметувањето на комуналниот надоместок за соодветната зона, пресметувањето на надоместокот за уредување ќе биде согласно нив.

**3.1.2.** Обемот на уредување за објектите од групата на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси: Г1, Г2, Г3 и Г4 и за објектите од група на класи на намени Б5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта и за објектите од група на класи на намени А4-хотел, мотел, планинарски дом, ловен дом, детски градинки, пензионерски домови, старечки домови, објекти за високо образование, објекти за култура, катни гаражи и објекти од терцијална здравствена заштита, обемот на уредувањето ќе зависи од степенот на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура и ќе опфаќа:

- На локациите кои се уредени согласно основниот степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура, сите приклучоци на постоечките инсталации ќе бидат на трошок на инвеститорот.
- На локациите кои не се уредени и уредување не е предвидено со урбанистичко планска документација, уредувањето во целост ќе биде на трошок на инвеститорот.

**3.1.3.** Уредувањето на градежното земјиште од страна на инвеститорите треба да се врши согласно постоечкиот ДУП и проектната документација.

**3.1.4.** Контролата при уредувањето на градежното земјиште од страна на инвеститорите, ќе бидат вршена од Одделението за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи при Општина Штип.

Одржувањето на веќе изградената инфраструктура ќе се врши согласно усвоената Одлука за комунален ред на Општина Штип.

## 4. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОКОЛУ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБАТА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Изворите на средствата за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште, реконструкција, изградба и одржувањето на улици и изградба на комуналната инфраструктура во 2025 година се:

| | | |
|---|---|---|
| | Буџет на Општина Штип | |
| | основна тековна + развојна програма | 150.000.000,00 + 35.000.000,00 |
| | ВКУПНО денари | 185.000.000,00 |

## 5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 5.1. Доградба и надградба на постојните легално изградени објекти

За доградба и надградба на легално изграден објект со иста намена на просторот како постојниот објект (освен за надградба со поткровни површини), за површина до една половина од постојниот објект и за ново изградени зголемени површини во внатрешноста на објектот (нови галерии, еркери, излози, испусти...) ќе се наплатува 50% од висината на надоместокот од соодветната зона.

За доградба и надградба на објект со површина поголема од една половина на постојниот објект ќе се наплатува 100% од висината на надоместокот од соодветната зона за површина над 50% од постојаната.

Кога се врши доградба-надградба на објект со несоодветна намена (деловен врз гаража) комуналниот надоместок ќе се наплатува во целосен износ - 100% од висината на надоместокот од соодветната зона т.е. нема да важи став 1 од оваа точка.

Правото на попуст за доградба-надградба ќе се применува само за објекти за кои градежното одобрение е издадено пред најмалку дваесет години, а во останатите случаи надоместокот ќе се пресметува 100% од соодветната зона.

### 5.2. Изградба на објекти на локација на која се руши легално изграден стар објект

Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со

изградба на новите објекти ако истите се со иста намена како старите објекти по имотен лист.

Во случаите од претходниот став површините на подпокривен простор, логија, подлогија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визби, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот, која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Пресметувањето на комуналниот надоместок ќе се врши врз основа на заверена проектната документација која е изработена според извод од ДУП, издадени од одделението за урбанизам и заштита на животна средина, а согласно ДУП.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се руши, тогаш инвеститорот не плаќа комунален надоместок, а има да се приклучи на постојните комунални приклучоци со веќе одреден капацитет (водовод; канализација).

Во колку инвеститорот бара да биде приклучен на нов комунален приклучок со зголемен капацитет (поголем капацитет на водовод, или канализација поради новопроектирана ситуација), инвеститорот го плаќа на ЈП реалниот трошок за проектирање и изведување на било кој комунален приклучок).

Во градското подрачје при изградба на заеднички и колективни објекти (комбинирани деловни и станбени објекти) со битно зголемување на корисната површина од постојната согласно нов ДУП трошоците за уредување ќе се пресметуваат спрема реалните трошоци за уредување (нови приклучоци на водовод, канализација), на улица, тротоар, дворни уредувања и сл.

Доколку има потреба од изградба на нови приклучоци (водовод, фекална канализација) или изместување на инсталации (водовод, фекална канализација) на постојната локација (за објекти со површина зголемена до мах. 50% од постојната), тие ќе паднат на терет на инвеститорот.

**5.3. Пренамена на просторот**

Инвеститорот кој врши пренамена на веќе изградениот простор од станбен во деловен ќе доплати надоместок во износ на разликата помеѓу поранешната намена на просторот и пресметковната вредност на новата намена, по цена која важи во моментот на пресметката.

За пренамена од јавен и деловен во станбен простор, не се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште.

**5.4. Нерегулирани обврски**

Нерегулираните обврски на инвеститорите во уредувањето на градежното земјиште (утврдени разлики во изградената површина, или објекти градени без платен комунален надоместок за уредување на градежното земјитте) ќе се регулираат и наплатат по цени што ќе важат на денот на плаќањето односно на денот на утужувањето.

Општина Штип со цел преземањето на мерки за регулирање на наплата на неплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти со поголема изградена површина од онаа што е во проектната документација, а која е во согласност со постојниот ДУП, разликата за комунален надоместок ќе ја регулираат во согласност со важечката законска регулатива.

**6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ**

просечниот надоместок за уредување на градежно земјиште денари по м 2

| | градежни зони | централн | вонцентрално | населено |
|---|---|---|---|---|
| 1 | индивидуални станбени објекти<br>со површина до 150м2<br>со површина над 150м2 | <br>3.000<br>4.300 | <br>2.000<br>4.000 | <br>1.800<br>3.500 |
| 2 | колективни станбени објекти | 4.800 | 4.500 | 4.000 |
| 3 | деловни објекти | 5.000 | 4.300 | 4.000 |

Надоместок за уредување на градежно земјиште за делови од населба Суитлак вон Генерален урбанистички план за кои има донесено урбанистичка документација со намена домување е 2.500 ден/ м2.

За подрачјето во градежниот реон и надвор од него, каде Општина Штип не е во состојба да обезбеди целосно уредување на градежното земјиште согласно со предвидениот обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации инвеститорите ќе плаќаат надомест на градежно земјиште процентуално спрема соодветните зони и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици и тротоари | 60% |
| 2. | Изградба на водовод | 9% |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 14% |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 11% |
| 5. | Улично осветлување | 6% |
| | ВКУПНО | 100% |

Градоначалникот на Општина Штип по барање на инвеститорот може да склучи меѓусебен договор со кој износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште се уредува да се плати на рати и тоа:

За вкупен износ на надоместокот до 100.000 денари, надоместокот се плаќа веднаш и во целост;

За вкупен износ на надоместокот над 100.001 надоместокот се плаќа 50% пред склучување на договорот, а остатокот од 50% на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати;

Во случаите за кои е предвидено плаќање на комуналниот надоместок на рати со договорот мора да се обезбеди банкарска гаранција или хипотекарен залог на недвижен имот заверен на нотар вклучувајќи го и залогот на објектот што се гради во намалена вредност од 25% за станбен дел, односно 30% за деловен дел согласно проценатата вредност.

Во случаите кога комуналниот надоместок изнесува над 1.000.001 денари и истиот е предвидено да може да се плати на рати, а инвеститорот се определи надоместокот да го плати во целост (без рати) за што поднесува изјава заверена на нотар, градоначалникот одобрува износот на комуналаниот надоместок да се намали за 5% кој ќе биде пресметан во склоп на пресметката за уредување на градежното земјиште.

Кога обезбедувањето на плаќањето се врши со залог на недвижност или со залог на објектот што се гради, кога се заложува станбен дел, се пресметува 25% намалена вредност од проценетата пазарна вредност според официјалната методологија, кога се заложува деловен дел се пресметува 30% намалена вредност од проценетата пазарна вредност според официјалната методологија.

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти.

6.1. Станбени објекти

| | |
|---|---|
| - станбени простории | 1.0 |
| - станбени простории со висина до 2.50м (подпокривен простор) | 0.2 |
| - логија затворена од три страни | 0.4 |
| - подлогија затворена од 2 страни | 0.3 |
| - балкони,тераси | 0.2 |
| - заеднички проодни тераси, пасажи | 0.2 |
| -сутерен | 1.0 |
| - галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0.3 |
| - подрум се пресметува кога 2/3 на висината бруто е влезена во земја | 0.3 |
| - трафостаница до 35кв во објект и надвор од објектот | 0.3 |
| - скалишен простор и заеднички комуникации | 0.3 |
| - стражарници, управител, простории за домар или хаусмајстор | 0.5 |
| - гаражи во подрум | 0.1 |
| - гаража во приземје | 1.0 |
| - паркиралишта | 0.1 |
| - објекти со висина над 32 ката и за другите објекти од истата парцела | 0.27 |

**6.2.Деловни, јавни објекти**

| | |
|---|---|
| - простории | 1.0 |
| - магацин во приземје во функција на деловен објект (дуќан), | |
| производен погон | 1.0 |
| -сутерен | 1.0 |
| - галерија со висина над 4.50 | 1.4 |
| - магацини и други простории во визба | 0.5 |

| | |
|---|---|
| - гаражи во подрум | 0.1 |
| - гаража во приземје | 1.0 |
| - трафостаница до 35кв во објект и надвор од објектот | 0.4 |
| -скалишен простор и заеднички комуникации | 0.5 |
| - логија затворена од три страни | 0.5 |
| - подлогија затворена од 2 страни | 0.4 |
| - балкони,тераси | 0.3 |
| - отворен наткриен простор (настрешници) | 0.3 |
| - помошни простории, остава за гориво, котлара | 0.3 |
| - објекти со висина над 32 ката | 0.27 |
| - паркиралишта | 0.10 |
| - објекти за култура (сите простории) | 0.01 |
| - објекти од терцијална здравствена заштита | 0.05 |
| | |

**6.3. Други објекти**

| | |
|---|---|
| - катна гаража | 0.05 |
| - спортски покриени објекти | 0.5 |
| - спортски откриени објекти | 0.3 |
| - гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата | 1.0 |
| - отворени пазаришта - за 30% од површината на локацијата | 1.0 |
| -базени | 0.2 |
| - трафостаница над 35кв | 1.0 |
| - агро берзи - 50% од вкупно пресметаната површина | 1.0 |
| - откупно дистрибутивни центри или пазари - 50% од вкупно пресметаната површина | 1.0 |
| - објекти за високо образование-сите простории | 0.5 |
| - детски градинки, пензионерски домови, домови за стари лица-сите простории | 0.05 |

6.4. За објектите од група на класи на намени

Г-производство, дистрибуција и сервиси

| | |
|---|---|
| - Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0.05 |
| - Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0.01 |
| - Г3 сервиси | 0.01 |
| - Г4 стоваришта | 0.01 |

**6.5.** За бензинска пумпна станица и нејзините придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторанитe, авто сервиси, авто салони, помошни простории)

| | |
|---|---|
| - продажни простории на бензински пумпни станици | 1.0 |
| -услужни простории на бензински пумпни станици | 1.0 |

**6.6. За објекти од група на класи на намени Б 5 и А4**

| | |
|---|---|
| - угостителски и туристички комплекси | 0.05 |
| - хотелски комплекси и одморалишта | 0.05 |
| -хотел | 0.05 |
| - мотел, времено сместување во викенд куќи | 0.05 |
| - планинарски дом | 0.05 |
| -ловен дом | 0.05 |

Дадената висина во табелата за поткровје од 2.50м е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот. Во согласност од Правилникот за урбанистичко планирање(„Сл.весник на РМ" 225/20,219/21,104/22 и 99/23), поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на планската документација. Над ѕидот на фасадиите ѕидови (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50м. рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот. Кај објектите со коси покриви, кота на венец претставува котата на горниот раб на заштитна стреа на основната кровна конструкција.

На деловите во поткровниот простор повисок од 2.50м. ќе се примени коефициент 1.00. Не се применува коефициентот за поткровје за деловни објекти.

Начинот на пресметувањето ќе се изврши со множење на новата корисна површина со цена од соодветната зона.

Во корисната површина не се пресметува површината на инсталациони канали, окна за лифтови, окна на врати, отворени паркиралишта, подземни резервоари и објекти заштитени како културно наследство.

**6.7.** За објектите од група на класа на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежно

земјиште, не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РМ за последната година, помножена со коефициентите опишани во точка 6.4 од оваа програма.

**6.8.** За линиски инфраструктурни објекти-државни патишта, локални патишта и улици. Магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината (согласно Законот за градење, а инвеститор е општината), не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

**6.9** За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште да биде 1.200.000 денари за една ветерница.“

**6.10** За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела 0.01.

**6.11** За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) 0.01.

**6.12** За сите објекти од класа Г- објекти со класа на намена производство, дистрибуција и сервиси висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста за сите зони и изнесува 8.600,00ден /м².

Оваа висина на надоместок се множи по коефициент 0,01 согласно Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(“Службен Весник на РМ” број 193/16,72/18 и 16/22) и ќе изнесува 8.600,00 x 0,01 = **86,0 ден./м².**

**6.13** За сите објекти од класа на намена Е1.8 – водови за пренос на електрична енергија и објекти од класа на намена Е1.9 – телекомуникациски водови, висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за централна и вонцентрална зона изнесува 300,00ден /м ¹ по траса, а зона вонналелено место изнесува 100,00ден/м ¹ по траса.

**7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ВА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

Средствата во висина од 150.000.000,00 денари ќе се користат за изградба, реконструкција и одржување на комунални објекти во градот и изготвување на инвестиционо-техничка документација.

**7.1 Изработување на инвестиционо-техничка документација**

**7.1.1. Улици и мостови**

- изработка на проектна документација со вклучени ревизии за нова проектирана улица за нови локации за ГП по ДУП „Баби 6-2003 “ за врска со ул „Јајце “ со сите фази.
- изработка на проектна документација со вклучени ревизии за нови проектирани улици за нови локации за ГП по ДУП „Баби 6-2003 “ со сите фази.
- изработка на проектна документација за изградба мост на река Брегалница за поврзување на обиколница од бул. Гоце Делчев до м.в. Плуждино.
- изработка на проектна документација за изградба мост на река Брегалница за поврзување на населба Баби со населба Балканска.
- изработка на проектна документација за новопроектирана улица Бел Камен
- Главна водоводна линија за чиста вода (азбестна цевка Ф 500 мм) од Филтер Станица до Водоводна шахта во нас. Баби
- Главна водоводна линија за ниска зона на град Штип (азбестна цевка Ф 450 мм) од Водоводна шахта во нас. Баби до Водоводна шахта во м.в. Црвен дол
- Главна водоводна линија Линија-1 (ПЕ цевковод ОД 630 мм) од нас. Баби до нас. Сончев Град
- Основни проекти за новопроектирана улична мрежа, водовдна мрежа и фекална каналазиона мрежа со сите фази за потребите на Општина Штип за новоформирана населба ЛУПД Баби
- Основни проекти за новопроектирана улична мрежа, водовдна мрежа и фекална каналазиона мрежа со сите фази за потребите на Општина Штип за УПС за индустрија во нас.Три Чешми блок 4
- Основни проекти за водоводна и канализациона мрежа од нас. Баби до нас. По ЛУПД за Баби

**7.1.2 Проекти за партерно уредување**

- двор на СОУ „Сергеј Михајлов“
- кај зграда „Промаја“
- парк во м.в.Стари Бунари

*7.2* **Работи поврзани со уредување на градежно земјиште , реконструкција и рехабилитација на улици,водоводни и канализациони мрежи,тротоари ,паркинзи и партерни уредувања**

**7.2.1. Улици**

**Реконструкција ,асфалтирање и рехабилитација на улици и паркинзи:**

- уредување на крстосница на бул. Партизанска
- ул. Астибо
- ул. Лески
- ул. 7 Конгрес

- ул. Првомајска
- ул. Пролетерска
- ул. Мазги-Чифлик
- ул. Пиринска
- ул. Борис Кидрич
- бул. ЈНА
- ул. Енгелсова
- Обиколница од нас. Баби до нас. Балканска
- ул. 4 Корпус
- м.в. Каленица, Железничка, Чардаклија, Караорман, Три Чешми, Балканска, Македонка, Каваклија, Лакавица, Плуждино, Суитлак
- ул. Черења
- ул. Питу Гули
- ул. Добре Радосавлев
- Ул. Кајгана
- Ул. Јоаким Стојков бр. 27 до 39
- ул. Цар Самоил
- ул. Киро Кусакатски
- ул. Панче Караѓозов
- кружен тек Мал одмор
- ул. Широк дол
- ул. Асном
- ул. Христијан Карпош
- ул. Тодор Чучков
- ул. Никола Чаулев
- ул. Христо Ботев
- ул. Рудо
- ул. Киро Аџи Арсов
- ул. Тодор Коларов
- ул. Славонска Пожега,
- ул. Цвета Јованова,
- ул.Димо Хаџи Димов,
- ул. Радански Пат,
- ул.Крушевска Република,
- ул. Сремски Фронт,
- м.в. Леваци – Бело Брдо,
- ул.Сутјеска-Никола Тесла,
- ДСУ Искра-Рибник,
- ул.Никола Коперник,
- ул.Еврејска,
- ул.Никола Тесла,
- ул.Загребачка,
- ул. Тодор Коларов,

- ул. Баница,
- ул. Неврокопска,
- ул. Черења,
- ул. 4 Јули,
- ул. 15 Корпус,
- ул. 29 Ноември,
- ул. Иван Лола Рибар,
- ул. Карл Маркс,
- ул. Христо Ботев,
- ул. 19 Бригада,
- ул.Васил Доганџиски,
- улици во Клиничка болница,
- ул 11-ти Конгрес,
- ул.Кирил Пејчиновиќ,
- ул.Лески,
- ул.Мара Минанева,
- ул. Сутјеска
- паркинзи на ул Енгелсова.
- ул. Ѓошо Сланката
- крак на бул. Партизанска
- уредување на паркинг на бул. Партизанска, кај ЕВН
- изградба на платформа на р. Отиња
- паркинг на ул. Борко Талев
- ул. Сутјеска зграда А влез 1 и 2
- ул. Сајбие Демир и ул. Анте Банина
- уредување на паркинг во Стар конак
- уредување на паркинзи на ул. Мирче Ацев
- реконструкција на ул. Никола Карев
- паркинг на ул.Сутјеска
- паркинг на Пиринска

**7.2.2 Изградба на нови улици,водоводи и канализации:**

- изградба на станбени улици „Улицабр.1“и Улица бр.2“од ЛУПД за Кп283,Кп 275,Кп282,Кп276,Кп277,Кп278,Кп 279 и дел од Кп258/1 Ко Штип вон град со фази водовод ,канализација и осветлување.
- изградба на станбени улици ЛУПД за КП.бр254/1, 255, 256, 257, 258 и дел од КП бр.259, 366/2, 251/1, 248/1, 247, 246, 245, 244, 301/52 КО Три Чешми со фази водовод ,канализација и осветлување.
- изградба на сервисни улици според ДУП за дел од УЕ 97 во м.в.„Плуждино“ и „Горни Бунари“со фази водовод ,канализација и осветлување.

- изградба на нови проектирани улици за нови локации за ГП по ДУП „Баби 6-2003“ со сите фази
- продолжување на булевар „Партизанска“
- изградба на улична мрежа, водовдна мрежа и фекална каналазиона мрежа со сите фази за потребите на Општина Штип за УПС за индустрија во нас.Три Чешми блок 4

- изградба, реконструкција и асфалтирање и на други улици по предлог на урбаните заедници, доколку општината обезбеди финансиски средства

**7.2.3 Тротоари**

- бул. ЈНА
- ул. Енгелсова
- ул. АСНОМ
- ул. Христијан Карпош
- ул. Коле Неделковски
- ул. Рудо
- ул. Боро Милевски
- Ул. Богомилска
- ул. Лески
- ул. Крушевска република,
- ул. Драги Крупишки
- од кампус 4 до нас. Три Чешми
- ул. Анте Банина
- ул. Митко Недев
- ул. Сајбие Демир
- ул. Товарник
- ул. Кајгана
- тротоари на ул. АСНОМ, Христијан Карпош, Рудо, Киро Аџи Арсов, Коле Неделковски,
- ул. Хо Ши Мин
- ул. Митко Шеќерински
- ул. Сане Малинов
- тротоари и доградба на конзоли за паркирање - Делница 3 и 4
- ул.Васил Доганџиски
- од бул. Партизанска до бул. Гоце Делчев
- тротоар на ул. Благој Мучето

**7.2.4 Реализација на партерни уредувања**

- двор на СОУ „Сергеј Михајлов“
- кај зграда „Промаја“

- парк во м.в.Стари Бунари
- партерно уредување на паркинг на ул. Пиринска
- партерно уредување на паркинг кај Стар конак
- партерно уредување во Караорман
- партерно уредување кај зграда на ул.Кирил и Методи

**7.2.5 Изградба и уредување на нови спортски терени и објекти.**

- на повеќе локации во населби на територија на Општина Штип

**7.2.6.Работи поврзани со уредување на градежно земјиште и реконструкција на улиците ,тротоарите во случај на интервентни потреби по барање на граѓани и урбани заедници.**

**7.2.7 Изградба на нови и реконструкција на постојни водоводни линии:**

- ул.Питу Гули
- ул.Христо Ботев
- ул.Цвета Јованова
- ул.Светиниколска
- ´ул.Битолска
- ул.Добре Радосављев
- ул.19та Бригада
- ул.Пиринска
- ул. Борис Кидрич
- ул. Ѓорче Петров
- Радански пат
- ул.Пролетерска
- ул.Првомајска
- ул.Димо Хаџи Димов
- Долна Железничка
- П.Поп Арсов
- Еврејска
- Резервоар Мерите
- Резервоар Пребег
- Резервоар Каваклија
- Резервоар Филтер станица
- реконструкција на постоечка водоводна линија 1 со должина од 300м помеѓу нас.Баби 5 и нас.Дузлак со проектна документација
- нова водоводна линија за нови парцели по ЛУПД за Кп283, Кп 275, Кп282, Кп276, Кп277, Кп278, Кп 279 и дел од Кп258/1 Ко Штип вон град кај населба Баби,
- нова водоводна линија за нови парцели по ЛУПД за КП.бр254/1, 255, 256, 257, 258 и дел од КП бр.259, 366/2, 251/1, 248/1, 247, 246, 245, 244, 301/52 КО Три Чешми,

- нова водоводна линија за нов индустриски дел од УЕ 97 во м.в.„Плуждино“ и „Горни Бунари“

**7.2.8 Изградба на нови и реконструкција на постојни канализациони линии**:

- нова канализациона линија за нови парцели по ЛУПД за Кп283,Кп 275, Кп282, Кп276, Кп277, Кп278, Кп 279 и дел од Кп258/1 Ко Штип вон град кај населба Баби,
- нова канализациона линија за нови парцели по ЛУПД за КП.бр254/1, 255, 256, 257, 258 и дел од КП бр.259, 366/2, 251/1, 248/1, 247, 246, 245, 244, 301/52 КО Три Чешми,
- нова канализациона линија за нов индустриски дел од УЕ 97 во м.в.„Плуждино“ и „Горни Бунари“
- ул. Сутјеска (кај О.У. Гоце Делчев ),
- ул. Цвета Јованова
- ул. Светиниколска
- ул. Битолска
- ул. Ѓорче Петров
- ул. Првомајска
- ул. Еврејска

**7.2.9** Работи поврзани со уредување на градежно земјиште по барање на граѓани и Урбани заедници за интервентни потреби во 2025 година одобрени од Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина, во кои Општината ќе учествува со обезбедување на градежни материјали и градежна механизација, а граѓаните ќе учествуваат со:

- бесплатна работна сила,
- ангажирање на граѓани за јавни работи со надокнада од страна на општината или јавните претпријатија.

Надзорот и контролата над извршените работи ќе биде вршена од овластени лица одредени по налог од градоначалникот

**Предвидени средства за точка 7**
**ВКУПНО = 150.000.000 денари**

**8.0 План за развојни програми на општина Штип 2025 година**

продолжување на на Булевар Партизанска од стационажа м -150.00 до м -380 .55

**Предвидени средства за развојни програми за 2025 година**
**ВКУПНО=35.000.000 денари**

**9.0 ГРАНИЦИТЕ НА ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Границите на зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдени врз основа на Одлуката за реонизација на зони и определување на границите на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип број 08-8470/1 од 28 октомври 2016 година.

## 10.0 ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќе фазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на погоре кажаното, од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

1. Приливот на средствата преку надоместокот за уредување на градежното земјиште.
2. Благовремено распишување на Објави за јавно надавање за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ.

По завршувањето на уредувањето на градежното земјиште комисиски да се предаде комуналната инфраструктура на надлежните институции за одржување.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма во делот за проектирање, реконструкција и изградба на водовод и канализација се грижи ЈП „Исар"-Штип.
За делот од Програмата каде ЈП „Стипион 2011" и ЈП „Исар"-Штип не се во можност да ги реализираат програмските задачи истите ќе ги реализира Општина Штип со трети лица.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип", а ќе се применува и ќе може да се дополнува по потреба до донесувањето на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2026 година.

Број 08 – 8116 /1
20 декември 2024 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

1100.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8117/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1101.

Врз основа на член 40 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 73/24 и 171/24) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

**1. Вовед**

Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на трериторијата на Општина Штип за 2025 година претставува основ за изработка и донесување на урбанистичко плански документации и урбанистичко проектни документации кои треба да се изработат на територијата на општина Штип и истата го уредува начинот на финансирање на изработка на истите.

Оваа програма се донесува за 2025 година.

**2. Цел на Програмата**

Цел на оваа Програма е да се овозможи ефикасно спроведување на политиките на планирање и уредување на просторот на територијата на општина Штип и создавање услови за рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот и услови за хумано живеење и работа на граѓаните на општина Штип.

Програмата во текот на годината може да се изменува и дополнува во зависност од потребите на општината и барањата на заинтересирани инвеститори.

## 3. Програмски задачи

### 3.1. Програмски задачи финансирани од Буџетот на Општина Штип

**1. Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење**

-Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 4/1, КП 4/4, КО Чардаклија, Општина Штип;

-Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 16/1, КО Штип Ново Село, Општина Штип;

**2. Урбанистички план вон населено место**

-Урбанистички план вон населено место за Индустриска зона ЗАПАД со намена Г – Рударство, енергетика и индустија;

**3. Детални урбанистички планови**

- -Детален урбанистички план за дел од нас. Пребег, Урбан четврт СЗ 04.01 со намена А;
- -Детален урбанистички план за дел од нас. Пребег, Урбан четврт СЗ 08.01 со намена А и В;
- -Детален урбанистички план за од нас. Кежовица, Урбан четврт СЗ 10.01 со намена А, Б и В;
- -Детален урбанистички план за Бања Кежовица, дел од урбан четврт СЗ 11. 01 со намена В;
- -Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 04.02, со намена А и Д3 (спортска сала Јордан Мијалков);
- -Детален урбанистички план за урбан четврт СИ 02.07 со намена А, Б, Г и Д3 (дел од нас.Баби);
- -Детален урбанистички план за урбан четврт ЈИ. 03 со намена А1 (дел од нас.Суитлак);
- -Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ. 07.04 со намена А, Б и В (дел од нас.Сењак);
- -Детален урбанистички план за дел од урбан четврт ЈИ 01.05 со намена А,Б и В (дел од Центар);
- -Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СИ 07.03 со намена Д3;
- -Изработка на Детален урбанистички план за дел од урбан четврт ЦЕ.06.03 од ГУП на Град Штип дел од нас.8ми Ноември;

3.2. Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори

**1. Генерален урбанистички план**

- Изработка на Измена и дополнување на ГУП на град Штип за урбан четврт СЕ 05.02 (со детална разработка на дел од урбан четврт СЕ 05.02);

- Изработка на Измена и дополнување на ГУП на град Штип за урбан четврт СЗ 06, дел од ЦЕ 05.01, дел од ЦЕ 04.01 со разработка на ДУП за дел од урбан четврт СЗ.06, Општина Штип;

- Изработка на Измена и дополнување на ГУП на град Штип за урбан четврт ЦЕ 06 со изработка на ДУП за дел од урбан четврт ЦЕ06 од ГУП на град Штип;

**2. Урбанистички план вон населено место**

- Урбанистички план вон населено место со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Караорман, КО караорман вон град – Општина Штип;

**3. Детални урбанистички планови**

- Изработка на ДУП за урбана четврт СИ.07.05 и СИ.07.10 од ГУП на град Штип со намена А-домување (дел од нас Радански пат 1);
- Изработка на ДУП за урбана четврт СИ.05.06 од ГУП на град Штип со намена А- домување (дел од нас Радански пат 2);
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.01.01 од ГУП на град Штип со намена А – домување (дел од нас.Горно Маало);
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.01.05 од ГУП на град Штип со намена А,Б и В, Општина Штип (плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири);
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт СЕ.05.01 од ГУП на град Штип со намена Г, Општина Штип;
- Изработка на ДУП за урбана четврт СЗ.05 од ГУП на град Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.05.01 од ГУП на град Штип, со намена „А“ – Домување, Општина Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЈИ.02 од ГУП на град Штип со намена Б и В, (КП 8306/1, КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6), Општина Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЈИ.02.01 и ЈИ.02.04 од ГУП на град Штип, Општина Штип, со намена А1, Д3 и Д1 (дел од нас.Суитлак);

- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт СИ.07 од ГУП на град Штип, Општина Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт СЗ.02.01 од ГУП на град Штип,/со плански опфат по наменска зона Г-индустрија/;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.01.01 од ГУП на град Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 од ГУП на град Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.01.03 од ГУП на град Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт СИ.07.02 од ГУП на град Штип, со намена А;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт СЗ.06.01 КО Штип5, Општина Штип (со плански опфат на север и запад по осовина на новопланирана сервисна улица, на исток по осовина на булевар Гоце Делчев и на југ по граница на катастарска парцела);
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЈИ.01.07, КО Штип 4, Општина Штип;
- Изработка на ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.01 Општина Штип со намена А, плански опфат помеѓу Карл Маркс, крак на Карл Маркс, ул Пиринска Општина Штип;
- Детален урбанистички план за дел од блок СИ.02.01, Општина Штип;
- Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ.02.01, ОД ГУП на град Штип, Општина Штип;
- Детален урбанистички план за дел од урбана единица ЦЕ.01.01, Општина Штип/плански опфат: бул. ,,Партизанска" крак и пешачка патека, ул. ,,Борис Кидрич", ул. ,,Пиринска" – Општина Штип;

Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип;

- Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЦЕ.01, КО Штип 3, Општина Штип;
- Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЕ.04.04, Општина Штип;
- Детален урбанистички план за дел од урбан четврт СЕ.05.02, КО Штип 1;
- Детален урбанистички план за дел од урбан четврт ЈЗ.01.01, од ГУП на град Штип, Општина Штип;

**4.Финансирање на програмата**

За реализирање на оваа програма се потребни средства од Буџетот на Општина Штип со висина од 20.000.000,00 денари. Со овие средства ќе се финансира изработката на програмските задачи од точка 3.1 - Програмски задачи финансирани од Буџетот на Општина Штип.

Изработката на програмските задачи од точка 3.2 Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори ќе се финансира од средства од заинтересирани инвеститори.

Заинтересираната странка која го иницира изработувањето на урбанистичката документација е должна спрема Општина Штип да изврши уплата на на доместок за водење на постапката во износ од 12.000,00 денари.

**5.Завршни одредби**

За спроведување на оваа програма се грижи градоначалникот на Општина Штип и Одделението за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавена и во „Службен гласник на Општина Штип.“

Број 08 – 8117 /1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1102.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8118/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1103.

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и („Службен весник на РСМ“ 275/19, 90/20 и 101/21) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО
СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на програмата
- Основи за изработка на програмата
- законски основ
- основен плански документ

1. **Цели на програмата**
- Општи цели на програмата
- Конкретни цели на програмата по населени места, урбани блокови и локалитети
2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата**
3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**
- Дефинирање на целна група за одделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата
4. **Динамика на реализација на програмата**
5. **Пропишување на условите за Објавата и наддавањето.**
6. **Лица надлежни за реализација на програмата**
7. **Почетна цена и проценка на финансиските приливи по основ на реализација на програмата (приходна страна на Програмата)**
8. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на програмата (расходна страна на програмата)**
9. **Преодни и завршни одредби**

**Вовед**:

- **Општ дел**

Со донесување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 17 од 11 февруари 2011 година), градежното земјиште може да биде во сопственост на РМ, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

- **Просторен опфат и предмет на програмата**

Предмет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на РСМ што се наоѓа на територијата на Општина Штип, дефинирана според територијалната организација на РСМ, за време на календарска 2022 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

При планирање на програмата се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родова еднаквост.

- **Основи за изработка на програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Законот за градежно земјиште („Сл.Весник на РМ“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/16 и и 275/19) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11).

- **Основен плански документ** донесен на локално ниво врз основа на кој е изработена програмата:

**Генерален урбанистички план** на град Штип е донесен на 31.12.2022 година со одлука број 08-7987/1.

**Цели и развојни правци на документот:**

Оптимизација на големината, структурата и функциите на градскиот организам во зависност од системот на населбите во општината, реалните градски можности и почитување на сите предности на еден регионален пол на развој и еден значителен центар во урбаниот систем на Републиката,

Целисходна просторна разместеност на стопанските и нестопански капацитети со почитување на принципот на усогласено композиционо поставување на простори за домување, работа и рекреација, со најголемо можно зачувување на животните услови како битна претпоставка за рационално користење на просторот во градот,

Оптимална заштита на историското јадро и културно-историското и архитектонското наследство, но и нивно вклучување во современиот живот, што значи почитување на нивните вредности, но и отстранување на можности тие да станат пречка за хармоничен развој на градот,

Заштита од природни, елементарни, технички, воени и други разорнувања и катастрофи,

Рационално користење на земјиштето кое е ограничено - нерастегливо, а сведоци сме дека може да биде многу лесно упропастувано,

Усогласување на интересите на сопствениците и корисниците на тоа земјиште со давање насоки за разрешување на евентуалните конфликтни ситуации меѓу нив. Предвидување на градба на завршниот колектор на градската канализација со кои би се зафатиле сите (ама баш сите) слободни испусти на каналските гранки во станбената и уште поригорозно во работната зона и преку него би се пренесувале сите останати градски отпадни води до пречистителната станица во реонот на селото Софилари; Градба на пречистителна станица и испуштање на пречистените води во река Лакавица западно во опфатот на урбаното подрачје;

Насоката за регулирање а потоа одржување и унапредување на чистотата на водотеците и нивните корита низ опфатот на урбаното подрачје. Во оваа смисла примат треба да добие регулација на реката Отиња која минува низ градското ткиво и реката Брегалница на просторите каде го тангира градот. Определбата за обезбедување на градско греење, со што би се избегнале бројни индивидуални ложишта кои тешко можат да бидат под контрола, а чија емисија на чад од година на година се повеќе се чувствуваат во градот и во многу придонесуваат во присуството на смог;

Укажувањето на потребата постојните улици од повисок ред (магистрални и колекторски), покрај изградените коловози да се дооформат и со другите планирани елементи (тревници, дрвореди тротоари....) со што би се смалиле земјаните површини кои во постојната состојба се големи извори на прашина. Тоа воглавно значи дека во иднина и новопредвидените улици ќе мораат да се градат во нивните вкупно предвидени профили, а не како што се правеше во минатото: да се гради само коловозот, а останатите елементи да чекаат подобри денови.

|  | Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип<br>Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година<br><br>ГП. 4.02<br>Намена: Г2/Г3/Г4<br>Висина П+2 (Hmax=12 m)<br><br>Површина на парцела: 7002,89 м2<br><br>Површина за градба: 4980,98 м2 |

169.

| | |
|---|---|
|  | Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип<br>Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година<br><br>ГП. 4.03<br>Намена: Г2/Г3/Г4<br>Висина П+2 (Hmax=12 m)<br>Површина на парцела: 4968,95 м2<br>Површина за градба: 3294,21 м2 |

170.



Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип
Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година

ГП. 4.04
Намена: Г2/Г3/Г4
Висина П+2 (Hmax=12 m)
Поврашина на парцела: 6226,19 м2
Поврашина за градба: 4229,05 м2

171.




Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип
Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година

ГП. 4.05
Намена: Г2
Висина П+2 (Hmax=12 m)
Површина на парцела: 7154,87 м2
Површина за градба: 3616,90 м2

172.




Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип
Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година

ГП. 4.07
Намена: Г2
Висина П+2 (Hmax=12 m)
Површина на парцела: 2144,18 м2
Површина за градба: 1162,01 м2

173.




Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип
Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година

ГП. 4.10
Намена: Г2
Висина П+2 (Hmax=12 m)
Поврашина на парцела: 3346,86 м2
Површина за градба: 1773,10 м2

174.

| | |
|---|---|
|  | Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип<br>Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година<br>ГП. 4.11<br>Намена: Г2<br>Висина П+2 (Hmax=12 m)<br>Површина на парцела: 3408,39 м2<br>Површина за градба: 2016,18 м2 |

175.

| | |
|---|---|
|  | Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на Блок 4 КО Три Чешми - Општина Штип<br>Одлука бр:08-6630/1 од 25.10.2024 година<br>ГП. 4.12<br>Намена: Г2<br>Висина П+2 (Hmax=12 m)<br>Површина на парцела: 3345,55 м2<br>Површина за градба: 1833,87 м2 |




176

Индустриска зона-2 дел од УБ52 и 53

Одлуки бр:0701-2309/1 од 11.08.2006 год и бр:08-4255/1 од 11.07.2022 год; Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6 и ГП 11 од ДУП за индустриска зона 2, дел од УБ 52 и УБ 53, на дел од КП 1384/1 КО Штип 1

**ГП. 11.2**

-Основна класа на намена: Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Површина на градежна парцела П=3912,98 м$^2$;

Површина за градба

П=2635,04 м$^2$

Висина П+1 Н=9,5м




177

Индустриска зона-2 дел од УБ52 и 53

Одлуки бр:0701-2309/1 од 11.08.2006 год и бр:08-4255/1 од 11.07.2022 год; Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6 и ГП 11 од ДУП за индустриска зона 2, дел од УБ 52 и УБ 53, на дел од КП 1384/1 КО Штип 1

**ГП. 11.3**

-Основна класа на намена: Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Површина на градежна парцела П=2338,57 м$^2$;

Површина за градба

П=1617,98 м$^2$

Висина П+1 Н=9,5м

| | |
|---|---|
| <br>178 | Индустриска зона-2 дел од УБ52 и 53<br>Одлуки бр:0701-2309/1 од 11.08.2006 год и бр:08-4255/1 од 11.07.2022 год;<br>Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 6 и ГП 11 од ДУП за индустриска зона 2, дел од УБ 52 и УБ 53, на дел од КП 1384/1 КО Штип 1<br>**ГП. 11.4**<br>-Основна класа на намена: Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Површина на градежна парцела<br>П=1998,26 м$^2$;<br>Површина за градба<br>П=1379,04 м$^2$<br>Висина П+1 Н=9,5м |

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

4. **Дефинирање на целни групи за одделни групи на градежни парцели**

Целните групи ќе бидат дефинирани во зависност од типот на објекти кои ќе се

градат на различните локации кои ги предвидува Општина Штип.

Општина Штип градежното земјиште ќе го насочува кон целни групи:

- Млади брачни парови;
- Бизнис сектор;
- Други заинтересирани граѓани

Младите брачни парови се погодна категорија на купувачи на градежно земјиште кое ќе биде објавено за отуѓување, а со намена за изградба на индивидуални куќи за домување. Бизнисмените се пред се заинтересирани за локации за градежно земјиште на кои можат да градат производни капацитети, иако истите можат да купат и парцели со намена домување со оглед на нивната финансиска моќ.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

Општина Штип има развиен систем на информирање на граѓаните во поглед на различни активности на локалната самоуправа. Голем дел од тие

алатки ќе се искористи и за промоција на градежното земјиште со цел успешно менаџирање со истото. За маркетинг пристап Општина Штип ќе ги искористи следниве алатки:

**- Медиуми** (пласирање на информации за градежното земјиште до медиумите и граѓаните, бидејќи секое утро добиваат сервисни информации за работата на локалната самоуправа).

**- Веб страна на Општина Штип**. Постои посебен оддел за урбанизам на веб страницата на Општина Штип (stip.gov.mk) во кој ќе се објавуваат сите локации за отуѓување на градежно земјиште со цел привлекување на инвеститори и купувачи. Исто така и во делот за соопштенија на веб страницата на локалната самоуправа, ќе бидат објавувани огласи кои подолготрајно ќе траат во зависност од терминот на објава.

- **Огласи во локалните медиуми**. Штип има воспоставено пракса на објавување на содржини од конкурсен карактер за потребите на локалната самоуправа во локалните радија и телевизии. И тука се нуди можност, подолгорочно да се најавуваат огласи за градежното земјиште со конкретни локации, цени, опфат, намена и слично.

**- Информативни прилози за продажба на градежно земјиште на локалните телевизии.** Како дел од соработката со локалните медиуми, менаџирањето на градежно земјиште ќе биде популаризирано и преку информативни прилози во вестите и останатите информативни содржини на локалните медиуми.

**5. Динамика на реализација на програмата**

Се предвидува градежните парцели предмет на програмата да се објават во повеќе турнуси во зависност од прибавувањето на сите релевантни докази во врска со сопственоста на истото.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети.

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање гласи: www.gradezno-zemjiste.mk.

**5. Почетна цена и предвидени финансиски приливи по основ на реализација на програмата (приходна страна на Програмата)**

Почетната цена на градежните парцели предвидени со оваа Програма ќе се утврдат врз основа на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп и засновањето на право на стварна службеност која е на сила на денот на донесувањето на Објавата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

Финансиските приливи од реализацијата на оваа Програма се проценуваат на 30.000.000,00 денари.

При проценката на финансиските приливи потребно е да се има во предвид дека согласно Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19) средствата од отуѓувањето и закупнината на градежно земјиште сопственост на Република

Северна Македонија се распределуваат во соодносот 20% за Република Северна Македонија и 80% за општините.

**8. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на програмата (расходна страна на програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште во износ од 1.500.000,00 денари.

**9. Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја донесува Советот на Општина Штип.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа програма надлежен е градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 8118/1 | Совет на Општина Штип
20 декември 2024 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

1104.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за локален економски развој во Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8119/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1105.

Врз основа на член 22 точка 7 и 9 од Законот за локална самоуправа(„Службен гласник на РМ“ број 5/02), член 15 точки 7 и 9 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Локалниот економски развој како надлежност на локалната самоуправа во најголем дел зависи од навремено планирање во локалната самоуправа, преку превземање на мерки и активности, форми и облици за овозможување услови за одржлив економски развој.

Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република Северна Македонија, и за таа цел се изготвуваат Програми за локален економски развој на годишно ниво за секоја општина, базирани врз основа на Стратешките општински документи со што за секоја превземена активност се добива на легимитет кој позитивно влијае кон локалниот економски развој на општините, изразено како алатка за дејствување и поддршка во развојот на локалната економија и одржливиот развој.

Локалниот економски развој ги поддржува физичките лица и правните субјекти кои се претставници од повеке реалични сектори, кои меѓусебно соработуваат со цел постигнување на одржлив економски раст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредно учество на претставниците од јавните институции, деловната заедница и невладиниот сектор кои преку заднички напори ги овозможуваат претпоставка за можно достигнување на заедничката зацртана визија, кон создавање на услови за градење на одржлив локален економски развој кој меѓу другото го промовира развојот на бизнисите кои пак истовремено ги овозможуваат условите за зголемување на вработувањето.

Програмата за работа на одделението за локален економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежноста на локалната самоуправа која произлегува од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.С. Македонија бр.5 29.01.2002 год), статутот на Општина Штип (донесен на седница одржана на

18 Февруари 2003 од Страна на Советот на Општина Штип со број 0101-186/1 од 18.02.2003), и законските одредби во Република Северна Македонија кои обработуваат економски теми, согласно препораките на Европската унија во дел од процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно начелата за транспарентност и отчетност со усвојување на развојни плански документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно подготвени проценки и анализи како и предлозиконсултирано со членови од локалната заедница во делот од областите во кои локалната самоуправа има надлежостисогласно позитивните закононски прописи.

Општина Штип преку Секторот за јавни служби, образование и локален економски развој, преку Одделението за локален економски развој, согласно надлежностите, се задолжени да реализираат активности во насока на подобрување на животот на граѓаните во локалната заедница и подобрување на економска клима со цел забрзан локален економски развој, согласно усвоенитедефинирани цели и приоритети, во клучните области наведени во П рограмата за локален економски развој на Општина Штип за 2025 година.

## 1.ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ШТИП

### 1.1 ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА БУЛ. ПАРТИЗАНСКА

Продолжување на бул. Партизанска е клучен проект, затоа што ќе го олесни животот на граѓаните во едни од најбројните населби во нашата општина.

Предвиден буџет: 162.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

Рок на реализација: 2025 година.

### 1.2.1 ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦА ОД БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ДО НОВО СЕЛО, ПРЕКУ НАС. ПРЕБЕГ.

Изградбата на оваа обиколница ќе го редуцира сообраќајот низ градот, ќе го намали ризикот од уништување на културното наследство и ќе ја зголеми безбедноста на децата и младите кои транзитираат на опасните сообраќајници.

Предвиден буџет: 152.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Кофинансирање од Буџет на Општина Штип, Грант од МЛС преку Министерство за транспорт;

Рок на реализација: 2025 година.

### 1.3 ИЗГРАДБА НА НОВ МОСТ НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА(ОБИКОЛНИЦА ОД БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ДО НОВО СЕЛО, ПРЕКУ НАС. ПРЕБЕГ)

Изградбата на мостот на реката Брегалница ќе обезбеди функционалност на новата обиколница која ќе го редуцира сообраќајот низ градот.

Предвиден буџет: 15.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Кофинансирање од Буџет на Општина Штип,
Грант од МЛС преку Министерство за транспорт;

Рок на реализација: 2025 година.

**1.4 ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА**

Изградба на нови содржини и нејзино оплеменување со спортски содржини, детски игралишта и урбана опрема.

Предвиден буџет: 6.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

Рок на реализација: 2025 година.

**1.5 ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ**

Граѓаните на Општина Штип позади Домот на културата и кај постоечкиот паркинг простор на локации кај „Стар Конак",,„Здравствен дом" и „Промаја" ќе добијат дополнителен број на паркинг места во централното градско подрачје, со кои ќе се олесни секојдневниот начин на живот.

Предвиден буџет: 10.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

Рок на реализација: 2025-2026 година.

**1.6 ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО НАС. ПРЕБЕГ**

Населбата Пребег е една единствена населба во која нема градинка во Општина Штип. За таа цел со планираниот капацитет е предвиден опфат на број на 60 деца, со што ќе се помогне на многу родители да обезбедат здрав психо-физички раст и развој на нивните деца и нивно згрижување во работно време.

Предвиден буџет: 53.329.353,00 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, во соработка со Министерство за труд и социјална политика; МЛС;

Рок на реализација: 2025-2026 година.

**1.7 ИЗГРАДБА НА ЛЕТНА СЦЕНА ПОКРАЈ РЕКА БРЕГАЛНИЦА**

Изградба на летна сцена со содржини наменети за децата и родителите. Летната сцена е предвидена да биде на фреквентната пешачка патека кај населба 8-ми Ноември.

Предвиден буџет: 8,254,878.80 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, бизнис сектор; ФРЛЗ и Ротари Клуб Штип; МЛС;

Рок на реализација: 2025 година.

**1.8 ИЗГРАДБА НА ПАРК КАЈ БАЊА КЕЖОВИЦА**

Изградба и уредување на нов парк кај Бања Кежовица во Општина Штип.

Предвиден буџет: 30.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање:Буџет на Општина Штип; МЛС;

Рок на реализација: 2025 - 2026 година.

**1.9 РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ - "EcoScape: Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура"**

Овој проект вклучува активности поврзани со зелена инфраструктура, уредување на зелени простори на територија на општината, урбани паркови и џебен парк преку инвестиции во развој на природни урбани зелени површини, зајакнување на капацитетите на јавни, невладини организации и бизнис сектор за значењето на спроведување на мерки и активности за зелена инфраструктура преку едукација, изработка на план на општина Штип во наредниот период да стане пример за општина која води сметка за интеграција и координација на урбаното зелено со други урбани инфраструктури во однос на физичките и функционалните односи.

Предвиден буџет: 17.500.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Грант од Програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија – Република Северна Македонија;

Рок на реализација: 2025 - 2026 година.

**1.10 РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ - „Интегриран развој на препознатливиот културен и close-to-nature туризам во Источниот плански регион и регионот Благоевград**

Со проектните активности за Општина Штип се предвидува реконструкција на објектот за сместување во Бања Кежовица, конзервација, реставрација и реконструкција на недвижен објект бр. 22 на ул. „Никола Карев“ во Ново Село, како и уредување на „музеј на отворено“ на локалитет Л'џи во Ново Село.

Предвиден буџет: 18.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Кофинансирање од Општина Штип од 2.000.000,00 МКД, 16.000.000,00 МКД Грант од Програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија – Република Северна Македонија;

Рок на реализација: 2025 - 2026 година.

**1.11 ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ПЛАТФОРМА**

Се предвидува изградба на нова паркинг платформа на коритото на река Отиње спроти грдската црква Свети Никола во општина Штип, со цел дополнително растератување на градскиот метеж и дополнителни паркинг места.

Предвиден буџет: 10.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип; МЛС;

Рок на реализација: 2025-2026 година.

**1.12 ИЗГРАДБА НА СКАДА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО ОПШТИНА ШТИП**

Поставување на СКАДА систем за мониторинг, детекција и управување со водоводниот систем во Општина Штип. На 37 критични точки ќе се мониторира, контролира и управува со водоводниот систем во Општина Штип со што ќе се намалат загубите во системот, ќе се контролира притисокот и ќе се намалат дефектите по однос на нерегулиран притисок во цевките.

Предвиден буџет: 31.000.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип; МЛС;
Рок на реализација: 2025-2026 година.

**1.13 ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН БАЗЕН НА ЛОКАЦИЈА КАЈ БАЊА КЕЖОВИЦА**

Со цел овозможување на овозможување на капење и рекреација на граѓаните на Општина Штип и во зимски услови се предвидува изградба на затворен базен во Општина Штиуп на локација кај Бања Кежовица.
Предвиден буџет: 50.000.000,00 милиони денари
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип; МЛС; Меѓународни донори;
Рок на реализација: 2025-2026 година.

## 2. ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

**2.1 OPEN DATA SYSTEM**

Унапредување на електронскиот систем за управување и следење на документи од страна на надлежните и странките (граѓаните), кој ќе овозможи потранспарентен пристап на следење на секој документ кој влегува во општинската архива и секој граѓанин ќе има увид кој документ, до која фаза и кај кој вработен се наоѓа.
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;
Рок на реализација: 2025 година.

## 3. ИНФРАСТРУКТУРА

**3.1 ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА ДО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

Обезбедување полесен пристап до руралните средини и преку изградбата на патишта во руралните средини до селата со што ќе добијат во интензитет зголемена посетеност од страна на населението по потекло од овие средини:

- До селото Љуботен преку нас. Деснаци;
- Од Новакова чешма, до село Долани;
- Од Пиперово, до село Гарван;
- Изградба на локален пат за село Чифлик;

Предвиден буџет: 63.300.000,00 милиони денари
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип; МЛС;
Рок на реализација: 2025-2026 година.

- Продолжување на патот до село Почивало;
- Крак до село Кошево;
- Крак до село Калапетровци;
- Од село Суво Грло, до село Степанци;
- Од Село Горачино, до село Танатарци;
- Од село Сушево, до село Доброшани ;
- Од село Софилари, до село Пенуш;
- До село Пухче
- Улица во село Сушево (тампон - асфалт)

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;
Рок на реализација: 2025 - 2026 година.

**3.2 БАЊА КЕЖОВИЦА**

Ќе ја реконструираме нашата бања и ќе овозможиме секој посетител во нашата Кежовица да има пријатно искуство, следејќи ги традициите на постарите генерации.

Предвиден буџет: 2.500.000,00 милиони денари

Начин на финансирање: Централна власт, Буџет на Општина Штип;Меѓународни фондови.

Рок на реализација: 2025 година.

**3.3 ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ЗА СИТЕ ДЕЦА**

Локална самоуправа ќе обезбеди инклузивни игралишта со кои ќе влијае на позитивен психофизички раст и развој на децата.

Обезбедување на детски игралишта во населбите каде има просторно плански услови на целата територија на општина Штип.

Предвиден буџет: 10.000,000 милиони денари

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.4 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТ ЕМИР ЌУЧУК НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА**

Изготвена е техничка документација за Реконструкција на оградата и осветлувањето на мостот на река Брегалница, при што за 2025 година се предвидува и изведба на реконструкцијата.

Предвиден буџет: 4.500.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.5 ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ САЛИ**

За подобрување на спортската инфраструктура во градот се предвидува изградба на нова спортска сала : Спортска сала Џексон.

Предвиден буџет: 80.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Централна власт;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.6 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТРИБИНА НА ГРАДСКИ СТАДИОН**

Предвидено е реконструкција на трибината на Градскиот Стадион во Штип.

Предвиден буџет: 90.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип; МЛС;

Рок на реализација: 2025-2026 година.

**3.7 ИЗГРАДБА НА ТИПСКИ КУЌИ ЗА РОМИ**

Со грант од Европската Унија во финалнафаза е изградбата на типски куќи во населба Света Недела за решавање на стамбено прашање за социјално загрозени фамилии од Ромска националност.

Предвиден буџет: 40.300.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Европска Унија, други донатори;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.8 ИЗГРАДБА – РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

3.8.1 Предвидено е со помош на донори да се изградат водовод и канализација во село Лакавица.

Предвиден буџет: 4.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, домашни и меѓународни донатори;

Рок на реализација: 2025 година.

3.8.2 Главна водоводна линија за чиста вода (азбестна цевка Ф 500 мм) од Филтер Станица до Водоводна шахта во нас. Баби

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, МЛС;

Рок на реализација: 2025 година.

3.8.3 Главна водоводна линија за ниск зона на град Штип (азбестна цевка Ф 450 мм) од Водоводна шахта во нас. Баби до Водоводна шахта во м.в. Црвен дол

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, МЛС;

Рок на реализација: 2025 година.

3.8.4 Главна водоводна линија Линија-1 (ПЕ цевковод ОД 630 мм) од нас. Баби до нас. Сончев Град

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, МЛС;

Рок на реализација: 2025 година.

3.8.5 Реконструкција на водовод на улица Пиринска

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, МЛС; МЖС;

Рок на реализација: 2025 година.

3.8.6 Реконструкција на водовод на улица Борис Кидрич

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, МЛС; МЖС;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.9. Изготовка и реализација на ЈПП студија за паркинг местата на подрачјето на општина Штип.**

Предвиден буџет: 1.000.000,00 милион денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип и приватен партнер.

Рок на реализација: 2025 година.

**3.10. Изградба на полигон за КАРТИНГ на пешачка патека покрај река Брегалница**

Предвидени средства од Буџет на Општина Штип 7.500.000,00 МКД

Начин на финансирање:

Рок на реализација: 2025 година.

**3.11. ИЗГРАДБА на Градски парк ИДНИНА покрај кеј на река Брегалница;**

Предвиден буџет: 80.000.000,00 милиони денари**;**

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип; МЛС;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.12. Изградба на 15 куќи за социјално ранливи категотрии на граѓани во Општина Штип**

Предвиден буџет: 15.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, домашни и меѓународни донатори;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.13 ИЗГРАДБА НА МЕСТО ЗА ПИКНИК**

Се предвидува изградба на место за одмор и пикник на локација на 9-ти километар во Општина Штип.

Предвиден буџет: 1.000.000,00 милион денари;

Начин на финансирање:Буџет на Општина Штип, ФРЛЗ;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.14 ИЗГРАДБА И РАЗВОЈ НА ПЕШАЧКО ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА – КЛИСИБАИР**

Основна цел на проектот е создавање на алтернативни содржини за забава и рекреација надвор од урбаната средина на Град Штип, а воедно и промоција на градот со сите негови природни убавини и содржини, како составен дел на градот. Ридот Клисибаир, на кој всушност е лоцирана патеката Клисибаир со своите карактеристики во однос на теренот, надморска височина, инфраструктурата, достапност итн. нуди можност за создавање на атрактивни спортски и рекреативни содржини, кои имаат за цел во иднина да привлечат огромен број на спортско рекреативни друштва и туристи не само од Градот Штип и Македонија, туку и од Балканот, Европа и пошироко.

Предвиден буџет: 702.000,00 илјади денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, ЦРИПР;

Рок на реализација: 2025 година.

**3.15 ИЗГРАДБА И РАЗВОЈ НА ПЕШАЧКО ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА – СТРУМИНА**

Основна цел на проектот е создавање на алтернативни содржини за забава и рекреација надвор од урбаната средина на Град Штип, а воедно и промоција на градот со сите негови природни убавини и содржини, како составен дел на градот. Ридот Клисибаир, на кој всушност е лоцирана патеката Струмина со своите карактеристики во однос на теренот, надморска височина, инфраструктурата, достапност итн. нуди огромна можност за создавање на атрактивни спортски и рекреативни содржини, кои имаат за цел во иднина да привлечат огромен број на спортско рекреативни друштва и туристи не само од Градот Штип и Македонија, туку и од Балканот, Европа и пошироко.

Предвиден буџет: 3.700.000,00 милиони денари;
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, ЦРИПР;
Рок на реализација: 2025 година.

**3.16 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА ДИМО ХАЏИ ДИМОВ**

Предвидено е реконструкција на улицата преку програмата декада на ромите од Министерството за транспорт.

Предвиден буџет: 1.400.000,00 милион денари;
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Министерство за транспорт;
Рок на реализација: 2025 година.

**3.17 РЕСУРСЕН ЦЕНТАР**

Овој проект има за цел да создаде интегриран Ресурсен центар кој ќе обезбедува современи административни и социјални услуги, ќе промовира волонтерство, и ќе поттикне економско зајакнување на локалната заедница преку Локалното економско одделение на Општина Штип. Покрај тоа, проектот предвидува реконструкција и реновирање на општинската зграда за да биде енергетски ефикасна и независна, со фокус на намалување на оперативните трошоци и јакнење на одржливоста.

Предвиден Вкупен Буџет: 65.000.000,00 милиони денари;
Начин на финансирање: Кофинансирање од Буџет на Општина Штип во износ од 6.000.000,00 милиони денари ,УНДП, Европска Унија;
Рок на реализација: 2025-2026 година.

**3.18 БАРАКИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ**

Предвидено е за пензионерите во општина Штип набавка и поставување на четири бараки на локации во населбите Дузлак, Дузлачки рид, Суитлак и Железничка со цел обезбедување на простор за пензионерски клубови.

Предвиден буџет: 1.500.000,00 милион денари;
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;
Рок на реализација: 2025 година.

## 4. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**4.1 ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ СО КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ**

Општина Штип ќе лобира за изградба на пречистителна станица, со колекторски систем по течението на река Брегалница, почнувајќи од населбата Стар Карорман, покрај Чардаклија, Балканска, Македонка, низ градот Штип и ќе заврши кај Калимерово.

Предвиден буџет: Проектот ќе го реализира Министерството за животна средина, со техничка подршка од Општина Штип;
Начин на финансирање: Меѓународни фондови, Грант од ИПА 3;
Рок на реализација: 2025 година.

**4.2. Замена на стари куќни хоризонтални и вертикални водомери**

Предвидено е со средства од ЕИБ да се изврши замена на стари куќни хоризонтални и вертикални водомери.

Предвиден буџет: 35.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Министерство за Животна средина; ЕИБ;

Рок на реализација: 2025 година.

**4.3 SMARTT CITY**

Системите за следење на сообраќајот се нормална работа во Европските земји. Следејќи го тој чекор со времето, се предвидува истите да ги имплементираме и во нашиот град, со што ќе го подобриме квалитетот на животи безбедноста на граѓаните (**СИСТЕМ ЗА ЦО ВИДЕО НАДЗОР И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА НАЈКРИТИЧНИТЕ МЕСТА ВО ГРАДОТ (БУЛЕВАРИ, КРСТОСНИЦИ, ВО УЧИЛИШТА,ГРАДИНКИ,ДИВИ ДЕПОНИИ, КОНТИЊЕРИ)**.

Предвиден буџет: 5.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

Рок на реализација: 2025 година.

**4.4 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИНИЈА 2**

Доизградба на главна водоводна линија "Линија 2" во Општина Штип е проект кој е од клучно значење за граѓаните и индустриските капацитети во нашиот град и со истиот ќе се овозможи стабилно водонабдување во критичните места.

Предвиден буџет: 12.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

Рок на реализација: 2025 година.

**4.5 ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ ВО СИТЕ ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

Преку вградување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија од сонце, со обем до 40 kW, сместени на кровна конструкција на јавните институции кои ке ги намалат трошоците за електрична енергија. За 2025 година се предвидува поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија од сонце, со обем до 40 kW, сместени на кровна конструкција на Детската Градинка „АСТИБО“.

Предвиден буџет: 2.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, меѓународни донатори;

Рок на реализација: 2025 година.

**4.6 НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПОЛНАЧИ ЗА ВОЗИЛА**

На фреквентни локации ќе се поставаат електрини полначи за полнење на електрини возила.

Предвиден буџет: 3.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

Рок на реализација: 2025 година.

**4.7 НАБАВКА НА МЕТЛАРКИ**

За почист и поубав град како и поради намалување на зависноста од човечки фактор при одржувањето на јавната чистота во Општина Штип предвидено е набавување на две нови современи возила за чистење на улиците.

Предвиден буџет: 24.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, меѓународни донатори;

Рок на реализација: 2025 година.

**4.8 ПРОЕКТ** „Чиста енергија за чиста вода: Интегрирање на хидроенергетска турбина во Општина Штип"

Вкупниот буџет на проектот е на износ од 200.000,00 Евра без ДДВ од кои 100.000,00 Евра се средства кои треба да бидат обезбедени од страна на Република Словенија преку Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија, а останатиот износ од 100.000,00 Евра ќе биде ко-финансирање од буџетот на Општина Штип.

Рок на реализација: 2025 година.

**4.9 - Реализација на проект „ЗАМЕНА НА СТАРИ КУЌНИ ХОРИЗОНТАЛНИ И ВЕРТИКАЛНИ ВОДОМЕРИ СО НОВИ ПОВЕЌЕМЛАЗНИ ВОДОМЕРИ"**

Грант средства од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Начин на финансирање: Министерство за животна средина и просторно планирање 4.000.000,00 МКД

Рок на реализација: 2025 година.

**4.10 – Изградба на Резервоари за вода во населба Пребег, Каваклија и кај филтер станицата во општина Штип.**

Овие резервоари е предвидено да се изградат со наменските средства од самопридонесот во општина Штип.

Предвиден буџет: 62.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање:самопридонес и буџет на општина Штип.

Рок на реализација: 2025 година.

**5. КУЛТУРА**

**5.1 АДАПТИРАЊЕ НА ПРОСТОР ВО НАС. СЕЊАК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ**

Во наслебата Сењак е планирано да се уреди простор за дисперзирано следење на културните настани со цел секој граѓанин ќе може да проследи содржини кои се во неговата сфера на интерес.

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип;

Рок на реализација:2025 година.

**5.2 МАКФЕСТ СО ЕВРОПСКИ ИЗГЛЕД И ЗАСЛУЖЕНО ВНИМАНИЕ ОД ПОШИРОКАТА ЈАВНОСТ**

Одржувањето на Макфест како културна манифестација по која е препознатлив Штип, задржување на старите и воспоставување на нови контакти, со кои ќе му дадеме европски изглед и мегународна промоција.

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип,

Предвиден буџет: 6.000.000,00 денари.

Рок на реализација: 2025 година.

**5.3 ПАСТРАМАЛИЈАДА**

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Бизнис сектор;

Рок на реализација: секоја година.

Предвиден буџет: 6.000.000,00 милиони денари

**5.4. - Одржувањето на моден настан „ШТИП ГРАД НА МОДАТА“**

Манифестација, Штип од секогаш бил препознатлив како град на конфекциското производство и модата, па со организација на овој настан општина Штип сака да го врати некогашниот имиџ на градот како град на модата во Македонија и пошироко.

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип

Рок на реализација: 2025 година.

Предвиден буџет: 3.500.000,00 милиони денари

## 6. СПОРТ

**6.1 ИГРАЛИШТЕ ЗА ОДБОЈКА НА ПЕСОК**

Популаризација на овој летен спорт и ќе им обезбедиме место на младите каде ќе можат да спортуваат и да организираат турнири.

Предвиден буџет: 2.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;

Рок на реализација: 2025 година.

**6.2 ИЗГРАДБА НА АДРЕНАЛИНСКИ ПАРК**

Изградба на адреналински парк на локација во Суитлак, како една рекреативна содржина наменета за љубителите на адреналински спортови и забава, а неопходна за заокружувањето на една урбана средина.

Предвиден буџет: 18.000.000,00 милиони денари;

Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;

Рок на реализација: 2025 година.

**6.3 ИЗГРАДБА НА ДИНО ПАРК**

Изградба на Дино парк на локација во Суитлак, како една рекреативна содржина наменета за децата во Општина Штип, а неопходна за заокружувањето на една урбана средина.

Предвиден буџет: 18.000.000,00 милиони денари;
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, Меѓународни фондови;
Рок на реализација: 2025 година.

**6.4 ИЗГРАДБА НА БАЛОН САЛИ ВО НАСЕЛБА АВТОКОМАНДА И ОУ ТОШО АРСОВ**

Рекреативните спортови ќе се поддржат преку изградба на балон сали на две локации, во населба Автокоманда и ОУ Тошо Арсов, кои ќе бидат достапни за сите уживатели на спортот.

Предвиден буџет: 20.000.000,00 милиони денари;
Начин на финансирање: Бизнис сектор; Буџет на Општина Штип,
Рок на реализација: 2025 година.

**6.5 ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА**

Продолжување на проектни активности во сите населби кои не беа опфатени каде што е потребно, ќе бидат изградени или реконструирани постоечките спортски или мултифункционални игралишта, за секој граѓанин да има еднакви можности при практикување на спортските активности и да се обезбедат услови за организација на маалски турнири.

Предвиден буџет: 10.000.000,00 милиони денари;
Начин на финансирање: Буџет на Општина Штип, во соработка со централната власт;
Рок на реализација: 2025 година.

**6.6 УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ТРКАТА СУПЕРИОР РАНС**

Предвидено е Општина Штип да учествува во организацијата на трката СУПЕРИОР РАНС со финансиско учество од 120.000,00 Денари.

## 7. ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

7.1 Планирана програмска активност: Финансиска поддршка на здруженија на грагани и фондации

- Објавување на јавен повик за прибирање на предлог проекти од здруженија на грагани и фондации од Општина Штип;
- Соработка со здруженија и фондации на локално и национално ниво и спроведување на заеднички активности: (промотивни кампањи, подготовка на стратешки документи, акциони планови и нивна имплементација, учество во проектни активности.

**Извори на финснсирање:** Буџет на Општина Штип за 2025 година.
**Предвиден буџет:** 1.500.000, денари

## 8. РАЗНО

**8.1 ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА, ТВРДИНАТА ИСАР, СААТ КУЛАТА И ДР.**

Во соработка со Музејот и Управата за заштита на културното наследство, е предвидено унапредување на изгледот и состојбата на културното наследство во Штип.

Начин на финансирање: Во соработка со централната власт;

Рок на реализација: 2025 година.

**8.2 УРЕДУВАЊЕ НА НОВОСЕЛСКИ КУЌИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП**

Куќите во Ново Село да добијат изглед каков што од секогаш заслужуваат со задржување на својот автентичен изглед со што би претставувале и како дел од туристичката понуда на Штип и Ново село.

Начин на финансирање: Меѓународни фондови;

Рок на реализација: 2025 година.

Број 08 – 8119/1 Совет на Општина Штип
20 декември 2024 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

1106.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА
ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 – 2027 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за усвојување на Интегриран локален развоен план на Општина Штип за 2024 – 2027 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8120/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1107.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 до Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 14, 16, 17 и 18 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ
НА ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2024 – 2027 ГОДИНА

Член 1

Се усвојува интегриран локален развоен план на Општина Штип за 2024 – 2027 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е интегриран локален развоен план на Општина Штип за 2024 – 2027 година број 22 – 7878/1 од 13.12.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 8120 /1
20 декември 2024 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1108.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ШТИП ВО ОБЛАСТА
НА ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И
СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025/2026 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Програма на Општина Штип во областа на предучилишно, основно и средно образование за 2025/2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8121/2 | Општина Штип
20 декември 2024 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

1109.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ШТИП ВО ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025/2026 ГОДИНА

I

Се донесува Програма на општина Штип во областа на предучилишно, основно и средно образование за 2025/2026 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 8121 /1 | Совет на Општина Штип
20 декември 2024 година | Претседател,

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

**I. РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ**

Општина Штип како локална власт и основач на детските градинки, основните и средните училишта кои се впрочем носители на воспитно-образовниот систем има клучна улога во развивање на овој елементарен процес за нашето општество. Имплементацијата на образовни политики на локално ниво кои што ќе одговараат на потребите и приоритетите на заедницата, а

притоа почитувајќи ги законските регулативи и обврски е предизвик со кој е неопходно успешно да се справиме.

Воспитно-образовниот процес сам по себе вклучува две компоненти кои се подеднакво важни како за поединецот така и за општеството. Впрочем, како што е потребно стекнување на знаења, вештини и способности претставено преку образовната компонента, воспитната компонента е подеднакво потребна и тоа преку стекнување на чувство на припадност, формирање на ставови, способност за расудување за тоа што е добро, а што не, т.е. што е морално, а што не. Ова е од есенцијална важност за нашето општество доколку се земе предвид фактот дека се́ почести се појавите на вандализам, уништување на јавните добра и урбаната опрема, нешто што само по себе е негативен тренд во пораст, а е во директна корелација со воспитната компонента.

Имајќи го предвид наведеното, примарните цели на локалните политики во делот на образованието е потребно да бидат насочени кон унапредување на образовната компонента, но и кон повторно воспоставување на воспитната компонента на потребното ниво. Согласно наведеното потребно е да се унапреди пристапот до образованието на сите етникуми, пред се́ учиниците од ромска националност како и децата со попреченост. Дополнително е потребно да се зголеми бројот на обуки во кои учествуваат вработените во воспитно-образовните институции во насока на зголемување на нивните компетенции, како и подигнување на моралот кај истите. Опфатот на деца во предучилишно-образование исто така е потребно да се зголеми, за што е неопходно да бидат планирани низа активности. Наведените цели во голема мерка се детектирани како проблематични точки на национално ниво, нешто што е нотирано и во Извештајот на Европската комисија за Македонија за 2023 година. Како дополнителни активности кои треба да бидат реализирани е и унапредување на инфраструктурата на училиштата и детските градинки, набавка на дидактички средства како и поактивно вклучување на родителите и бизнис заедницата во работата на училиштата.

Во насока на аспирациите на Македонија за членство во Европската унија како и стекнување на полноправно членство во истата, неопходно е политиките во секоја област да ги следат трендовите кои што се карактеристични за европското семејство. Приоритетите на Европската унија во овој период се насочени кон развивање на свест за околината и потребата за зачувување на животната средина за што е изработен т.н. “Green deal” на Европската комисија. Во таа насока локалната самоуправа во делот на образованието во текот на 2025 година ќе преземе низа на активности, проекти и системски решенија, а во насока на подигање на свеста и зачувување на животната средина.

Поставување на енергетско-ефикасни фасади, фотоволтаични системи како и инсталација на клима уреди се капитални проекти кон кои е потребно да се стремиме. Подеднакво важни ќе бидат и проектите во насока на селекција на отпад, чистење на околината и зазеленување на истата.

Во делот на обезбедување на финансии освен средствата од блок дотациите кои што е утврдено дека се недоволни, Општина Штип ќе учествува со средства преку Буџетот на Општина Штип, а училиштата активно ќе користат

алтернативни начини на финансирање пред сé преку активно следење на повиците за доделување на донации и грантови. Дополнително, општинската администрација дава активна поддршка во обезбедување партнери и склучување на меморандуми за соработка меѓу училиштата и бизнис заедницата, невладини институции како и амбасади на странски држави со што ќе се развива меѓусебната соработка.

Програмата содржи активности од воспитно-образовен карактер, кои се наменети и ќе се реализираат во сите ниво-а на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи ги децата од предучилишната возраст, основното и средното образование. Програмата има проактивен карактер и ги охрабрува сите чинители активно да работата на унапредување на состојбата во воспитно-образовниот процес преку голем спектар на алатки и механизми. Дополнително во програмата се додадени елементи со кои што локалната самоуправа преку локални политики би делувала на имплементација на мерки, проекти и системски решенија кои би го унапределе како воспитно-образовниот процес така и севкупниот квалитет на живот на граѓаните на Општина Штип.

Во насока на исполнување на потребите на сите граѓани во нашата општина, а посебно на младата популација, ќе се води грижа за обезбедување на еднакви можности како за момчињата, така и за девојчињата, односно при реализирање на активностите кои се дел од оваа програма, ќе се водиме од концептот на родовата рамноправност.

Програмата за образование е од отворен карактер и зависно од потребите истата е подложна на дополнување и измени во текот на нејзината реализација. Исто така, предлог-проектите кои се содржани во програмата се во координација со раководните тимови на детските градинки, основните и средните училишта, Универзитетот „Гоце Делечев“-Штип како и со раководните тимови на останатите образовни институции и установи во градот и пошироко.

# I. ПРОЕКТИ

| **1.** | **ДОСТАПНОСТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ДО СИТЕ ЕТНИКУМИ, А ПРЕД СЕ ДЕЦА-РОМИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Штип во соработка со основните училишта и медијатори ќе изврши посета на ученици Роми кои во 2025 година ќе бидат деца-училишни обврзници во прво одделениеи ученици кои што завршуваат деветo одделение и со тоа е потребно да се запишат во задолжително средно образование. | Број на посетени училишни обврзници - деца Роми, разделени по пол. Клучен елемент е унапредување на соодност запишани ученици/посетени ученици во насока на добивање индикатор 1. |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на оваа активност е информирање на оваа група на граѓани за задолжителното основно и средно образование, подигнување на свеста кај родителите/старателите како и информирање за можните санкции доколку не ја исполнат законската обврска. Оваа активност делува директно на една од детектираните проблематични цели во Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2024 година. | Фидбек од посетени родители и статистички податоци за фактичка состојба што ќе овозможи полесно создавање на акциски план за унапредување на оваа точка. |
| **Целна група:** | Деца од ромска националност на возраст од 6 до 7 години кои се училишни обврзници во прво одделение, како и ученици кои завршуваат девето одделение | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **/** | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **2.** | **УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОФСИОНАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Активна соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип пред сѐсо Факултетот за образовни науки при што ќе се организираат неколку селектирани обуки со цел унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар. Овде би се вклучиле вработените од сите воспитно-образовни институции кои би се едуцирале за најновите методи и практики кои се применуваат во оваа сфера. | Самоевалуација и интегрална евалуација и компарација опостигнувања од претходни години. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на стручните способности на наставниот кадар во воспитно-образовните институции директно влијае на една од забелешките дадени во Извештајот на Европската комисија. Подигнувајќи го нивото на стручна компетентност на наставниот кадар, директно се влијае на подобрување на воспитно-образовниот процес од кој бенефит ќе има секој. | Извештај за следна година и очекувано унапредување во оваа поле. |

| | | |
|---|---|---|
| **Целна група:** | Вработени во општинските воспитно-образовни институции | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | |
| **3.** | **ОБУКА НА КАДАР ЗА РАБОТА ВО СЕНЗОРНА СОБА** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Основните училишта на територија на Општина Штип во претходниот период во соработка со локалната самоуправа и невладините организации, уредија (опремија) сензорни соби за учениците со посебни потреби. Со цел оптимизација на искористеноста на овие простори, потребно е да се изврши специфична обука. Станува збор за персонален тренинг кој ќе овозможи максимизација на ефектите од набавената опрема. | Број на обучен кадар за работа со ученици во сензорни простории. Клучен индикатор е соодност број на обучен кадар/број на сензорни соби во училишта и добивање индикатор 1. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавањето на сензорна соба во секое училиште е првата фаза, а во втора фаза, во насока на максимизација на искористеноста на истата, е потребна специфична обука. На овој начин ефектот од постоењето на вакви простории би дошол до полн израз, односно би бил видлив крајниот резултат. | Фидбек од родители на ученици со посебни потреби. |
| **Целна група:** | Ученици кои ќе ги користат сензорните соби како и кадар кој ќе работи во истите. | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип (60%), Невладини организации кои работат во оваа област (40%) | |
| **4.** | **СОЗДАВАЊЕ ИДНИНА ПРЕКУ СОЗДАВАЊЕ НА НАСТАВЕН КАДАР** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Образованието е срцето на секоја нација. Основен предуслов да имаме квалитетен образовен процес е да имаме и квалитетен и соодветен наставен кадар. За жал, во последните години се соочуваме со појава на недостаток на наставен кадар во повеќе области како што се математика, физика, физичко издравствено образование итн. Со цел надминување на овој проблем, активно ќе работиме на соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, при што дефицитарните наставни предмети би им се воочиле на студентите пред изборот на студии, а студирањето на овие дефицитарни науки би се субвенционирало. | Број на нови запишани студенти во дефицитарни области. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Надминување на проблемот со дефицитарен наставен кадар на ниво на Општина Штип | Рацио нов наставен кадар/потребен наставен кадар во дадена област. |
| **Целна група:** | Студенти кои би се запишале во прва година студии – образовни науки кои би се насочиле кон профилите кои што се дефицитарни. | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип, МОН, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | |
| **5.** | **ДОСТАПНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Штип во соработка со невладини организации кои работат во дејноста за поддршка на образовниот процес на деца со пречки во развојот, активно ќе работи на повеќе инфраструктурни проекти и образовни проекти кои би ја унапределе пристапноста до образовниот процес на учениците со посебни потреби. Во текот на 2023 и 2024 година беа завршени неколку инвестиции во поглед на инфраструктурната пристапност во воспитно-образовните установи. Во 2025 година би се заокружиле овие активности, така што секое училиште би имало пристапна рампа. Покрај веќе набавените два мобилни транспортери, би се набавил уште еден, за потребите на училиштата. Покрај инфраструктурните проекти и опремата, дополнително, преку обуки, ќе се оспособат наставници за работа со деца со посебни потреби, а пред сé, би се обучиле за работа во сензорните соби кои беа отворени во предходните 2 години. | Број на завршени инфраструктурни инвестиции по училиште. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Инфраструктурните унапредувања ќе овозможат физичкапристапност на објектите, додека пак обуките ќе овозможат зголемување на капацитетите на наставниот кадар, преку развивање на професионални и стручни вештини, со цел подетално да ги разберат потребите на учениците со пречки во развојот. Треба да се нагласи дека со исполнувањето на оваа цел, директно се спроведува една од препораките на Европската комисија, нотирани во Извештајот на ЕУ за Република Северна Македонија, во делот на образованието за 2024 година. | Создавање на услови за тотална инклузија. |

| | | |
|---|---|---|
| **Целна група:** | Деца од детските градинки, ученици од основните општински училишта и средните општински училишта со посебни потреби | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на општина Штип (50%), Невладини организации кои работат на унапредување на инклузијата, Проекти (50%) | |
| **6.** | **СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО - БУЛИНГ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Врсничкото насилство е нешто кое за жал, е многу честа појава на која што мора активно да се работи. Од таа причина, Општина Штип планира имплементирање на проект „Smart city“ со што би се влијаело на спречување на оваа појава во основните и средните општински училишта. Воедно, како придружна активност би се организирале неколку предавања со МВР-СВР Штип на кои би се дискутирало за насилството во било која форма како и за начинот на кој што треба да се делува за спречување на истото. | % на спроведеност на проектот Smart City;<br>Број на одржани предавања со МВР-СВР Штип за врсничко насилство во 2025;<br>Статистика на учесници и родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Спречување на врсничко насилство, како и спречување на било каква форма на насилство со цел заштитување од оваа негативна појава. | Статистика на пријавени случаеви по број на ученици. |
| **Целна група:** | Учениците во сите основни и средни училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Предвидено во проект „Smart city” | |
| **Извор:** | Општина Штип | |
| **7.** | **СИСТЕМСКО ВРМЕЖУВАЊЕ НА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И ОСНОВНИ УЧИЛИШТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Секое дете мора да се смета како талентирано во дадена област. Правилното насочување на најмладите влијае на генерирање на врвни експерти во дадени области, но за истото е потребно да се следат афинитетите кои учениците ги имаат уште од најмали години. Создавање на систем во кој што би се формирало досие за секое дете во предучилишно образование, кое потоа електронски би се трансферирало во основното училиште ќе создаде практика со која детално ќе се следи развојот на најмалите, а талентираните деца уште од најмала возраст ќе ја добијат потребната поддршка. | % на системско вмрежување на детските градинки и основните училиштата. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Талентираните деца треба да се сметаат како ученици кои исто така имаат посебни потреби во делот на воспитно-образовниот процес во насока на развивање на талентот и градење на врвни професионалци. Работата со овие ученици од најмала возраст позитивно ќе влијае на развивањето на општеството. | Повисок степен на детализација на системот. |
| **Целна група:** | Ученици во предучилишно и основно образование | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **8.** | **АКТИВНА СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Штип преку Одделението за образование активно ќе работи на соработка со меѓународни институции со цел обезбедување на дополнителни извори за финансирање, а во насока на зголемување на капиталните инвестиции во училиштата. Со оглед на фактот дека блок дотациите не се доволни, Одделението за образование активно ќе работи на земање учество во секој повик за обезбедување на грантови за училиштата на територија на Општина Штип. Предност ќе се даде на проекти поврзани со дигиталната технологија, енергетската ефикасност како и екологијата. | Износ на обезбедени средства од меѓународни институции, нво итн. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на проактивна средина во која што активно ќе се работи на искористување на приликите како и создавање на добри конекции со партнери од меѓународни институции | Број на остварени контакти. |
| **Целна група:** | Основни и средни општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **9.** | **ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Во насока на зачувување на животната средина, училиштата на територија на Општина Штип би се вклучиле во неколку акции за чистење на животната средина како и за засадување на нови садници со што би се зголемил фондот на дрва. Ова е круцијален дел во насока на унапредување на местото каде што живееме и зголемување на квалитетот на живот. Во оваа насока ќе се воведе и селекција на отпад во училиштата кој што како мерка освен што ќе биде можност за генерирање на приход би имал и едукативна страна т.е. преку учениците би се едуцирале и би се насочувале кон селекција и семејствата кои што живеат во Штип. Овде како партнер би се вклучило и Јавното Претпријатие „Исар“. | Број на засадени дрва. Степен на имплементација на селекција на отпад (опфат на училишта) |
| **Стратешки насоки и цели:** | Чистење и зазеленување на околината како и едукација на учениците кои што би извршиле десиминација во своите семејства за предностите на селекција на отпад. | Квалитет на живот и индикатор во Извештај на ЕУ за Мкд. |
| **Целна група:** | Ученици и семејства кои што имаат ученици во основните и средните училишта на територија на Општина Штип | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **10.** | **„НЕДЕЛА НА ДЕТЕТО“** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Секоја прва полна недела од месец октомври се одбележува „Недела на детето“. Во рамките на одбележувањето се предвидени организирани активности од едукативен, воспитен, хуманитарен и спортски карактер со децата од детските градинки и основните училишта. | Одржан настан со целосна инклузивност и статистика на вклучени девојчињата и момчињата |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта е одбележување и остварување на правото на секое дете за слободен, безгрижен, среќен и заштитен живот. Општина Штип преку континуирани, системски активности се залага за остварување на правата на сите деца без исклучок. | Степен на вистински реализирани права. |
| **Целна група:** | Децата од детските градинки и основните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Предвидена во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **11.** | **УЧИЛИШНИ УНИФОРМИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Воведувањето на училишните униформи носи повеќе придобивки и тоа чувство на припадност, еднаквост помеѓу учениците и создавање на подобра работна атмосфера во училиштето. На овој начин се овозможува унифициран изглед, а воедно родителите на учениците ќе имаат олеснување на трошоците на семејниот буџет. Воведувањето на униформите ќе се одвива етапно и тоа во почетокот ќе бидат опфатени најмалите, а постепено и учениците од повисоките одделенија. | Број на униформи и % опфат на бројот на ученици.<br>Училишни униформи со дизајн кој не ги потенцира традиционалните стереотипи за родовите улоги; |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унифициран изглед, намалување на разликите и чувство на припадност на учениците | Анкета за чувство на припадност и степен на намалување на разликите. |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 5.000.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **12.** | **ПРЕВОД НА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Стручното усовршување на наставниот кадар е директно поврзано со достапноста на стручната литература која што им е достапна на наставниците во училиштата. Од таа причина, Одделението за образование во соработка со партнери ќе работи во насока на обезбедување на стручна литература која би била достапна до наставниот кадар. | Број на различни книги/скрипти/статии кои се обработени.<br>Апсолутен број на литература обезбедена преку оваа активност, а во однос на родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на компетентноста на наставниот кадар | Број на преведени дела по број на наставник и статистика за следни години |
| **Целна група:** | Наставен кадар | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | Партнер организации и НВО | |

## II. АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДЕЛОТ НА ПРЕДШКОЛСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ШТИП

| **1.** | **МУЛТИ-КУЛТИ ЗАЕДНИЦА** | **ИНДИКАТОРИ:** |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Со оглед на тоа што живееме во мултикултурно општество, потребно е уште од најмали години да градиме свест за различностите и истите да ги искористиме во позитивна смисла. Согласно ова, во секоја детска градинка во соработка со Општина Штип ќе биде организиран настан на кој што дечињата ќе презентираат дел од традициите на заедницата на која ѝ припаѓаат, а на тој начин ќе се зацврсти толеранцијата и меѓусебната почит. | % на вклучени заедници<br>% на вклучени момчиња и девојчиња<br>Реализиран настан |
| **Стратешки насоки и цели:** | Градање на заедничко општество во кое секој од нас би бил горд, би го почитувал својот сосед и заедно би работеле на унапредување на заедницата. | Јавна перцепција на меѓуетничка толеранција и прифаќање. |
| **Целна група:** | Ученици и родители од различни националности и култури | |

| | | |
|---|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип, Детски градинки, проекти, невладини организации, спонзорства и донации. | |
| **2.** | **НЕДЕЛА НА ЛОКАЛНИ ХЕРОИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Во соработка со ТПЕ-ШТИП, МВР-СВР Штип како и ЈЗУ Здравствен дом Штип би се организирала „Недела на локалните херои“, во која што вработени во овие институции би се претставиле пред децата во детските градинки, пренесувајќи им свои знаења, искуства како и задолженија од работата. | Број на одржани настани. Родова сензитивност на настанот во дел на вклучени чинители. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Директен контакт помеѓу локалните херои и најмалите би создал чувство на мотивираност кај презентерите, а воедно децата од најмала возраст би се запознале со овие клучни активности и би имале чувство на сигурност, ~~и~~почит, и секако, чувство на припадност. | Анкета на родителите за создадената перцепција на децата. |
| **Целна група:** | Деца во детските градинки | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **3.** | **ИЗЛОЖБА ОД РЕЦЕКЛИРАНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Со цел поттикнување на свест за околината, во секоја детска градинка ќе бидат создадени изработки од рециклирани материјали. Со цел да се зголеми компетативноста најдобриот проект (Комисија составена од претставник од родителите на двете детски градинки, директори на детски градинки, директори на основни училишта и претставник од Општина Штип) би добил награда од Општина Штип во износ од 6000 денари кои што би биле наменети за потреби на објектот. | Број на вклучени деца и број на создадени изработки. Статистика на родова вклученост. Степен на компетативност. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на компетитивен дух кај најмалите, и стекнување на знаења за предностите од рециклирање на матрејалите. | Создавање на јавна перцепција која би поддржала селекција на отпад. |
| **Целна група:** | Децата од детските градинки | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 6.000денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **4.** | **КАТЧЕ НА ХУМАНОСТ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Создавање на посебен дел во рамките на секој објект од детските градинки во кој што родителите и децата би можеле да остават детски играчи и облека кои потоа детската градинка би ги донирала на Црвен Крст или по потреба на друга организација. | Број на вклучени ученици. Родова статистика. Број на додадени хуманитарни пакети. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развивање на свест за тоа дека за состојбите во општеството сме колективно одговорни од најмали нозе, и создавање на една нова генерација во која што чувството на емпатија би било на повисоко ниво. | Степен на развиена емпатија преку рацио број на донации/број на ученици и создавање тренд на раст. |
| **Целна група:** | Ученици и родители на деца во детските градинки | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |

| **5.** | **СВЕТСКИ ДЕН НА ТАНЦОТ – 1 ЈУНИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | По повод светскиот ден на танцот, родители и деца од двете детски градинки на територија на Општина Штип ќе организираат настан, кој ќе се одржи на отворено и тоа на Градскиот стадион во Штип. На овој начин ќе се создаде една убава манифестација која ќе прерасне во празник за градот. | Одржан настан и број на вклучени деца.<br>Родова статистика |
| **Стратешки насоки и цели:** | Генерирање на позитивни искуства и мемории за најмалите, воедно овозможувајќи пријатни моменти и за повозрасните граѓани на Општина Штип. | Број на посетители. |
| **Целна група:** | Граѓани на Општина Штип | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 50.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **6.** | **ИНКЛУЗИЈА ВО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Инклузијата е нешто што е нотирано во Извештајот на Европската унија за РепубликаМакедонија и во таа насока е потребно да се спроведе уште од најмала возраст т.е. од предучилишно образование. За таа цел е предвидено создавање на сензорна соба во една од двете детски градинки со што ќе се зголемат и унапредат можностите за работа. | Број на деца со посебни образовни потреби опфатени во предучилишно образование. Изградени сензорни соби, набавка на асистивна технологија, обезбедени лични асистенти и сл. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Инклузија од најмала возраст и унапредување на условите за работа со децата со посебни потреби | Директен фидбек од родителите. |
| **Целна група:** | Деца со посебни потреби | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | | |
| **Извор:** | Невладини организации кои работат во ова поле | |
| **7.** | **КОЛОНИЈА НА ДЕТСКО ПРИЈАТЕЛСТВО** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Меѓународната соработка на детските градинки е есенцијална во насока на унапредување на воспитно-образовниот процес во предучилишно образование. Од таа причина стимулирање на меѓународна соработка е една од активностите кои локалната самоуправа ќе ги преземе. Во однос на наведеното во период од 9 до 15 Јуни, Штип и детската градинка „Астибо“ ќе бидат домаќини на 7 детски градинки од 6 различни држави на настан познат како Колонија на детско пријателство. | Број на активни учесници. Родова статистика. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на меѓународна соработка и стекнување на позитивни искуства и знаења. | Број на вклучени градинки од вкупен број на градинки. |
| **Целна група:** | Детски градинки | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 50.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **8.** | **СИМУЛАЦИЈА НА МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ** | |
| **Опис на активности:** | Пред децата во детските градинки од страна на вработените во градинките ќе бидат организирани настани во чии рамки ќе се презентираат кратки симулации, при што децата преку практични примери ќе се научат што е морално, а што не е од секојдневието. На овој начин ќе се создаде една нова генерација која од најмала возраст ќе се стекне со едукација и чувство за моралните вредности. | Анкета пред и по реализирање на активностите и сумирање на резултати за напредок во развивањето на моралните вредности. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на морални вредности кај најмалите | % на напредок |
| **Целна група:** | Деца во детските градинки | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **9.** | **ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Со цел одбележување на патронен празник на детската градинка, Општина Штип активно ќе се вклучи со свој симболичен финансиски придонес. Во оваа рамка ќе бидат опфатени 2-те детски градинки на територија на Општина Штип. | Број на реализирани настани. Клучен индикатор број на одржани настани/број на градинки рацио 1. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршката и меѓусебната соработка се клучни, а со реализација на истата ќе се зголеми мотивацијата за работа. | Прашалник за оценување на степен на соработка и забелешки за идно унапредување. |
| **Целна група:** | Вработени во детските градинки | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 12.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |

**III АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДЕЛОТ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

| **1.** | **ПРИЕМ НА ПРВООДЕЛЕНЧИЊА И УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА, ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | На првиот училишен ден, секое прваче добива скромен подарок од Градоначалникот на Општина Штип. Градоначалникот и вработените од Одделението за образование, традиционално, секоја година ги посетуваат сите основни општински училишта и на учениците им посакуваат успешен почеток на учебната година. | % на опфат на ученици со подароци со тенденција истото да биде 100%<br>Родова еднаквост |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку добивање на скромен, симболичен подарок на првиот училишен ден, кај учениците се буди чувство на среќа и радост, мотивираност за учење и дружење со другарчињата. | Анкетен прашалник за родителите на овие ученици. |
| **Целна група:** | Првоодделенчиња од основните општински училишта | |
| **Предвидена финансискарамка:** | 100.000денари | |

| | | |
|---|---|---|
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип (50%), спонзорства (50%) | |
| **2.** | **ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Со цел одбележување на патронен празник на училиштето, Општина Штип активно ќе се вклучи со свој симболичен финансиски придонес. Во оваа рамка ќе бидат опфатени 5-те основни општински училишта на територија на Општина Штип, кои преку креативни работилници, ликовни колонии инизложби и поетски чествувања ќе го одбележат настанот. | Број на организирани настани |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поддршка и меѓусебна соработка е клучна, а со реализација на истата ќе се зголеми мотивацијата за работа | Анкетен прашалник за оцена на степенот на соработка и забелешки за унапредување на истото. |
| **Целна група:** | Вработени во основните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 30.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **3.** | **ПРАКТИЧНА НАСТАВА НА СТРУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП, ВО ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Студентите одФакултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип во рамките на своите задолженија во делот на практична настава, истата ќе можат да ја реализираат во основните училишта во општината. Покрај практичната настава, студентите ќе имаат можност истовремено и да им помагаат на учениците кои имаат одредени потешкотии при совладувањето на наставните содржини, проблеми со изучувањето на македонскиот јазик, проблеми со совладување на наставните содржини преку користење на електронските уреди во делот на измените на реформираното основно образование, проблеми со инклузија и идентификување со училишната средина и сл. | Спроведена практична настава.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на активностите е преку практичната обука, студентите да се запознаат со содржините и со начинот на презентирање на содржините во наставата, методлогијата и методиката на настава и при тоа да се стекнат со практични знаења, вештини и позитивни практики кои ќе им бидат потребни за успешно извршување на нивната идна професија а воедно да им помогнат на учениците кои имаат потешкотии од поширок спектар во наставата. | % на ангажирани студенти од вкупниот број на студенти во овој профил на локално ниво. |
| **Целна група:** | Студенти од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип и ученици од основните општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **4.** | **КАТЧЕ НА ХУМАНОСТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Создавање на посебен дел во рамките на основно училиште (централно и подрачно) во кој родителите и децата би можеле да остават детски играчи и облека кои училиштето би ги донирало на Црвен Крст или по потреба на друга организација. | Број на донации во однос на број на ученици. Следење на трендот во идните години со цел негово унапредување. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развивање на свест за тоа дека за состојбите во општеството сме колективно одговорни од најмали нозе, ќе создаде една нова генерација во која што чувството на емпатија би била на повисоко ниво. | % на унапредување на емпатија преку следење на индикаторот број на донации/број на ученици. |
| **Целна група:** | Ученици и родители на деца во основните училишта. | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **5.** | **22 СЕПТЕМВРИ – ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ „ВЕЛОСИПЕДСКИ МАРАТОН“ -** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Одделението за образование во соработка со Отсекот за превенција на СВР-Штип, организира „Велосипедска трка“ и велосипедски активности на учениците од основните училишта. | Одржан настан; број на активни учесници |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на Светскиот ден без автомобили, е настан кој се одбележува на глобално ниво и преку истиот се упатува силна порака за правилен избор за превоз до своите училишта, домови и работни места. Со изборот на овој начин на превоз, се заштедува домашниот буџет, се подобрува здравјето и психофизичката состојба. Целта на проектот е изградба на свест, навики и практики кај учениците за избор на велосипедот не само како евтино превозно средство туку и свест дека при тоа ја заштитуваме природата и воздухот, а на тој начин одговорно се однесуваме кон животната средина. | Следење на тренд за учество во настанот, но и следење на состојбата во останатите денови од годината. |

| | | |
|---|---|---|
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 10.000денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **6.** | **РАБОТИЛНИЦА:„ДЕТСКИ СЕМАФОР“** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Одделението за образование, во соработка со Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата и основните општински училишта, секоја година организира работилници, односно квиз-натпревари, на тема „Детски Семафор“. | Број на девојчиња и момчиња кои учествувале на работилницата; |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку организирање на квизови и работилници учениците од основните општински училишта на интересен, практичен начин се запознаваат со правилата во сообраќајот како и со сообраќајната сигнализација и при тоа од најмала возраст стекнуваат сообраќајна култура. | Создавање на база на податоци преку кои ќе се следи овој тренд. |
| **Целна група:** | Ученици од основните општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | Финансиските средства се обезбедени од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот | |
| **7.** | **ДЕН НА МАКЕДОНСКОТО ЗНАМЕ – 15 МАЈ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Во насока на зголемување на чувството на припадност, а на тој начин влијаејќи на воспитната компонета, во секое основно училиште ќе биде одбележан Денот на Македонското знаме - 15 мај, преку манифестација на која што ќе биде истакнато знамето и интонирана државната химна. | Број на учесници со родова и национална статистика.<br>Број на иницијативи кои произлегуваат од учениците, а се како резултат на овој настан. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на оваа манифестација е создавање на чувство на припадност, а преку тоа и љубов кон татковината. | Анкетен прашалник за родителите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 5.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **8.** | **ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАГРАДУВАЊЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Доделување награди и стипендии за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари на ученици од основните и средни училишта, предвидени во Правилникот за наградување на ученици од Општина Штип и тоа:<br>-Стипендии во траење од 12 месеци<br>-Еднократни парични награди | Сооднос на добитници/лица кои конкурирале |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на позитивен натпреварувачки дух и вреднување на успехот на учениците. Со потенцирање на постигнатите резултати и успеси на учениците се зголемува мотивацијата за понатамошни успеси, им се дава значење на позитивните училишни текови и се подржува личното залагање на ученикот и наставникот/професорот како единствен и правилен начин за личен и професионален развој. | Следење на трендот и адаптирање на буџетот на реалната потреба со цел задржување на степен на мотивација. |
| **Целна група:** | Ученици од основните и средните општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 600.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на општина Штип | |
| **9.** | **СОРАБОТКА СО АМЕРИКАНСКО КАТЧЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Штип во соработка со Американското катче кое што е дел од Амбасадата на САД во Македонија ќе организира бројни предавања и презентации. На овие презентации, претставниците од Американското катче, користејќи ги своите ресурси ќе им демонстрираат на учениците бројни експерименти, техника, литература итн. | Број на учесници и одржани настани. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на знаењата во делот на познавање на англискиот јазик како и останатите предности кои што ги нуди Американското катче како бесплатен ресурс. | Јавна перцепција за стратешко партнерство. |
| **Целна група:** | Ученици во основните училишта. | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Финансиските средства ќе бидат обезбедени од Американското катче | |
| **Извор:** | Американско катче | |
| **10.** | **НОВОГОДИШНО И БОЖИЌНО ЧЕСТВУВАЊЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Во рамките на Новогодишните и Божиќните празници Одделението за образование во соработка со невладини организации и здруженија, организира разновидни дефилеа, новогодишни, божиќни приредби и забавни настани. | Број на активни учесници. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Одбележување на празниците со испраќање на пораки за мир, здравје, толеранција и благосостојба на секое дете. | Следење на јавна перцепција. |
| **Целна група:** | Децата од детските градинки и основните општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 60.000денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип (50%), Заедница на Хрвати „Либертас"-Штип, невладини организации, спонзорства и донации (50%) | |
| **11.** | **ПРИЕМ НА НАГРАДЕНИ И ИСТАКНАТИ УЧЕНИЦИ-ГРАДОНАЧАЛНИК** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Одделението за образование во соработка со основните и средни општински училишта, организира прием кај Градоначалникот на Општина Штип по повод освојување на награди и достигнувања на регионални и државни натпревари во разни воспитно-образовни области, спортски и културни натпревари. | Рацио на број на примени ученици со број на наградени ученици. Овој соодност треба да тежнее кон вредност 1.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Поттикнување и развивање на натпреварувачки дух кај учениците од сите возрасти и групи. | Анкетен прашалник на ученици со цел прибирање информации. |
| **Целна група:** | Ученици од основните и средни училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 50.000 ден. | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **12.** | **ЛИКОВЕН КОНКУРС ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | По повод „Денот на пролетта - 22 март“ општина Штип распишува ликовен конкурс на кој учествуваат децата со посебни потреби од општинските училишта, а во соработка со дневните центри и ДСУ „Искра“ | Одржан ликовен конкурс |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на општествената свест за децата со посебни потреби и нивна социјална инклузија | Статистичка анализа на учесници/број на ученици-вкупно |
| **Целна група:** | Деца со попречености | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Оваа активност е предвидена во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **13** | **ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ПО ПОВОД „ ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА 22 МАРТ“ И ПРАЗНУВАЊЕТО НА ВЕРСКИОТ ПРАЗНИК „40 МАЧЕНИЦИ-ЧЕТ’РСЕ“** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | На 22 март секоја година основните општински училишта организираат кратки еколошки акции по повод „ Денот на пролетта 22 март“, а воедно истиот ден традиционално се одбележува и верскиот празник „Свети 40 маченици - Чет’рсе“. Овој работен ден основните и средни општински училишта го реализираат како работен, а не наставен ден. | Вкупен број на учесници. Родова еднаквост |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку работни содржини и еколошки активности на учениците во училиштата се дава значење и се одбележува денот и настаните поврзани со него. | Број на одржани активности и број на активни учесници во истите. |
| **Целна група:** | Учениците од основните и средни општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 10.000денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **14.** | **ВЕЛИГДЕНСКИ „ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ“** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Одделението за образование при Општина Штип во соработка со основните училишта и детските градинки организира Велигденска работилница на која ќе се врши избор на најубаво декорирано велигденско јајце. Во рамките на одбележувањето на настанот ќе има и други забавни и натпреварувачки содржини во кои учество ќе земат деца од предшколска возраст, децата од детските градинки и учениците од основните општински училишта. | Одржан настан. Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Чествување и одбележување на празникот. Преку забавни игри и содржини уште од најмала возраст кај децата да се поттикне и развие чувството за почитување на традицијата и обичаите. | Одржан настан. |
| **Целна група:** | Деца до предшколска возраст и ученици од основните училишта | |

| | | |
|---|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | 50.000денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **15.** | **1 АПРИЛ-АПРИЛИЈАДА-ДЕН НА ШЕГАТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Организирање на дефиле и маскенбал за децата од детските градинки и основните општински училишта. | Одржан настан.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Дружење и инклузија на децата и одбележување на денот на шегата. | |
| **Целна група:** | Децата од детските градинки и основните општински училишта. | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Предвидена во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип, спонзорства | |
| **16.** | **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 22 АПРИЛ – ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Организирање на спортски настан со децата од детските градинки и учениците од основните општински училишта. Во насока на оваа активност може да бидат реализирани и активности за пошумување на одредени локации во Општина Штип. | Одржан настан.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста за здрава животна средина, чување на планетата земја | |
| **Целна група:** | Децата од средните групи од детските градинки и учениците од 1 до 3-то одделение во основните општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Предвидена во програмата за Социјална, детска и здравствена заштита | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип, спонзорства | |
| **17.** | **СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА И МЛАДИНСКО УЧЕСТВО<br>–АКЦИСКИ ПЛАН** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на редовно Годишно собрание на Комисијата за Меѓуетничката интеграција и младинско учество и тимовите за училишна интеграција од основните и средни општински училишта, како и полугодишни состаноци и работни средби на Комисијата за Меѓуетничката интеграција и младинско учество со тимовите за училишна интеграција од основните и средни општински училишта. Согледување на проблеми, предизвици, реализирани активности и постигнати резултати, како и поголема соработка со образовните медијатори особено во ООУ Гоце Делчев | Спроведување на стратегијата за мултиетничка соработка. Главен индикатор би бил % на реализација на настанот, учеството, родовата еднаквост итн. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање и негување на мултикултурна средина и позитивна атмосфера во воспитно-образовните институции, преку процес на градење на знаење и размена на искуства. Детектирање и континуирано намалување на предрасудите за различностите и зајакнување на училишната и социјалната клима, подеднакво и меѓу наставниците и меѓу учениците. | |
| **Целна група:** | Основни и средни општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **18.** | **НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ-ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Во месец јуни на крајот на учебната година, Одделението за образование во соработка со основните и средни општински училишта организира избор за најдобрите ученици од основните и средните општински училишта-ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА. Нашите ученици располагаат со потенцијал, кој сме должни како општество да го наградуваме и мотивираме да расте. Се обврзуваме да ги наградиме сите оние ученици, кои ги закитиле училишните полици со награди и да им обезбедиме понатамошен развој на нивниот талент. | Број на доделени награди. Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Преку потикнување на натпреваручкиот дух и наградувањето на најдобрите учениците од училиштата, се мотивираат и останатите ученици на трудољубивост и интерес за понатамошни успеси и достигнувања, а во училишата се гради работна клима и позитивни примери за идентификација на младите. | |
| **Целна група:** | Ученици од основните и средни општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 45.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |

**<u>III АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДЕЛОТ НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ</u>**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **7 АПРИЛ - ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | По повод светскиот ден на здравјето, Општина Штип во соработка со СОУ „Јане Сандански“ Штип ќе организира настан во кој што, со поддршка на ученици од медицинското училиште, ќе им се овозможи на вработените во останатите училиште да извршат проверка на основни здравствени показатели како што се крвен притисок, шеќер во крв итн. Воедно, ќе биде организирана и трибина на која ~~што~~ ќе се зборува на тема поврзана со медицината. | Одржан настан и број на учесници.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Соработка помеѓу училиштата и органзирање на настан на кој ~~што~~ ќе се зборува за тема од медицината т.е. важноста на здравјето. | |
| **Целна група:** | Ученици од средните општински училишта и млади | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **2.** | **ОТВОРЕН ДЕН НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Презентација на средните училишта пред учениците од основните училишта т.е. од девето одделение со што ќе им се овозможи подобро да се запознаат со можностите на училиштата и да го направат правилниот избор. | Одржан настан и број на активни учесници. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Идните средношколци подобро ќе се запознаат со можностите кои што ги нудат средните училишта на територија на Општина Штип. | |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **3.** | **СТЕМ ЛАБОРАТОРИИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Наука (Science), технологија (Technology), инженерство (Engineering) и Математика (Mathematics) или меѓународно познато по кратенката СТЕМ, е чадор термин кој покрива различни, но поврзани дисциплини кои се наведени погоре. Опремување на СТЕМ лаборатории е нешто кон кое е неопходно да се стремиме и од таа причина локалната самоуправа активно ќе работи на пронаоѓање на партнери кои би помогнале во обезбедување на потребните ресурси. | Број на отворени СТЕМ лаборатории на територија на Општина Штип. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање современи услови за учење на учениците | |
| **Целна група:** | Ученици од средните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000 ден. | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип (50%), Проекти (50%) | |
| **4.** | **СЕНЗОРНИ СОБИ ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Во насоки на активностите за тотална инклузија, локална самоуправа ќе започне со спроведување на активности за обезбедување на просторни услови и опрема за сензорни соби и во средните училишта по примерот на веќе создадените во основните училишта. | Обезбеден простор и опрема за сензорни соби во средните училишта; |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целосна инклузија и создавање на услови за истата. | |
| **Целна група:** | Ученици со посебни потреби во средно образование | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | | |
| **Извор:** | Невладини организации кои што работат во ова поле | |
| **5.** | **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АКТИВНА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Универзитетите во Република Македонија во рамките на своите факултети располагаат со високо-опремени кабинети од дадени области. Воспоставување на директна и непосредна комуникација помеѓу средните училишта и овие единици од високото образование ќе овозможи унапредување на воспитно-образовниот процес. Дополнително, активната соработка може да резултира и со донации во форма на опрема која ~~што~~ за факултетите во моментот е застарена, но за училиштата би била од огромна корист. | Воспоставена соработка со универзитетите. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на воспитно-образовниот процес во средното образование | |
| **Целна група:** | Ученици во средно образование | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **6.** | **МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Одделението за образование и локалната самоуправа активно ќе го подржува активизмот на младите како формално така и неформално. Во таа насока, ќе биде воспоставена директна комуникација со формалните младински тела кои функционираат, невладини организации итн, додека пак неформалната комуникација ќе биде воспоставена преку овозможување на директен линк до Одделението за образование каде што младите би можеле да ги доставуваат своите предлози. | Овозможена средина за младински активизам согласно законските регулативи.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на младински активизам и проактивна младина која ќе носи промени. | |
| **Целна група:** | Млади граѓани на Општина Штип | |

| | | |
|---|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **7.** | **ХУМАНИТАРНО КАТЧЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | По принцип на хуманитарните катчиња кои што ќе бидат поставени во детските градинки и основните училишта, истото ќе се реализира и во средните општински училишта каде што би се овозможило освен донација на облека, да се донираат и компјутери и таблети кои се во исправна состојба и кои понатаму би ги донирале на оние на кои им се најпотребни. | Број на отворени хуманитарни катчиња од вкупен број на училишта. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на морални вредности и развивање на чувства на емпатија и хуманост кај учениците во средните училишта | |
| **Целна група:** | Ученици во средни училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | Министерство за образование и наука, Бизнис сектор | |
| **8** | **ПРОЛЕТНИ ДЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Во текот на пролетните месеци од 2024 година (март, април, мај) ќе бидат организирани серија на спортски настани во кошарка и фудбал во кои ќе земат учество екипи од средните училишта на територија на Општина Штип. Настанот ќе биде од ревијален карактер, но ќе има за цел зголемување на компетитивноста како и љубовта на младите кон спортот. Финалната недела од настанот ќе биде празник за градот и на истата ќе бидат доделени признанија за најдобрите екипи и поединци. | Број на учесници.<br>Број на посетители на настанот.<br>Родова еднаквост. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промовирање на спортски вредности и градење на натпреварувачки дух | |

| | | |
|---|---|---|
| **Целна група:** | Ученици во средно училиште | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | Предвидено во Програма за спорт | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |

## V НАУЧНО-СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, СВЕЧЕНИ АКАДЕМИИ, ТРИБИНИ

| **1.** | **НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА: 24 МАЈ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ“ - ДЕН НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | По повод 24 мај- Денот на Сесловенските просветители, „ Св.Кирил и Методиј – кој воедн е и Ден на просветните работници, Одделението за образование во соработка со Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, детските градинки, основните и средни општински училишта, како и претставници од соседните општини, организира научно-стручна конференција. Настанот ќе биде поделен во два дела: протоколарен и работен. | Одржан настан. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на научно-стручна конференција е презентирање на трудови од воспитно-образованата дејност, укажување и потенцирање на новините, состојбите, предизвиците и перспективите во воспитанието и образованието во Македонија како и размена на искуства на воспитно-образовните институции во општината и во Македонија. | |
| **Целна група:** | Просветни работници од детските градинки, основните и средни училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 20.000денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **2.** | **ТРИБИНА: 5 ОКТОМВРИ – „ДЕН НА УЧИТЕЛОТ“** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Во рамките на одбележувањето на 5 Октомври –Светскиот ден на учителот, Одделението за образование во соработка со Факултетот за образовни науки при Универзитетот Гоце Делчев – Штип, ќе организира трибина со актуелни теми од областа на воспитно-образовната дејност во која ќе учествуваат професори од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип , претставници од детските градинки, основните и средни општински училишта. | Одржан настан. |
| **Стратешки насоки и цели:** | На трибината ќе бидат разгледани актуелни прашања, предизвици, но и можноста за проширување на соработката меѓу сите сегменти во воспитно-образовната дејност во општината. | |
| **Целна група:** | Детски градинки, основни и средни општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **3.** | **СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД 5 ОКТОМВРИ – „СВЕТСКИ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ“** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Во рамките на одбележувањето на 5 Октомври – Светскиот ден на учителот, Одделението за образование организира Свечена академија насловена како „ Ден на учителот“ на која ќе бидат врачени награди и признанија на просветни работници кои имаат посебен придонес во воспитно-образовната дејност. | Одржан настан |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Со доделувањето на наградите и признанијата од страна на Одделението за образование, Општина Штип цели кон подигање и потенцирање на свеста за местото и улогата на учителот во воспитно-образованата дејност, во општественото живеење и во формирањето на зрели и стабилни млади личности кои ќе ја понесат одговорноста и општествениот развој во градот и државата. | |
| **Целна група:** | Просветни работници од детските градинки, основните и средни училишта. | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 45.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **4.** | **ТРИБИНА: „СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО - БУЛИНГ“.** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Организирање на трибина на која ќе се зборува за оваа негативна појава е повеќе од неопходна доколку во предвид се земат случувањата во соседните земји. На истата би се зборувало за булингот, за тоа како да се препознае и како да се заштитиме од истиот. | Одржана трибина |
| **Стратешки насоки и цели:** | Целта на настанот е препознавање и спречување на овој негативен тренд, а во насока на превенирање на настани кои што би можеле да се пресликаат од други држави и кај нас. | |
| **Целна група:** | Ученици од основно и средно образование | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 10.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип | |
| **5.** | **ТРИБИНА „СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД“** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | На оваа трибина би се разговарало за придобивките кои што ги носи селекцијата на отпадот и тоа во насока на зачувување на животната средина, но и генерирање на профит. | Одржана трибина |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Создавање на навики за селекција на отпад и развивање на свест за зачувување на околината. | |
| **Целна група:** | Ученици од основните и средните училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **/** | |
| **Извор:** | / | |
| **6.** | **ТРИБИНА „МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ“ 26 СЕПТЕМВРИ – ЕВРОПСКИ ДЕН НА ЈАЗИЦИТЕ** | **ИНДИКАТОРИ:** |
| **Опис на активности:** | Со оглед на фактот што живееме во мултикултурно општество, Одделението за образование во соработка со основните и средните училишта ќе организира трибина по повод Европскиот ден на јазиците и различностите, на кој ќе се зборува за бенефитите кои што ги носи мултикултурното општество. | Одржана трибина |
| **Стратешки насоки и цели:** | Развивање и негување на меѓусебна почит и разбирање и градење на добри односи помеѓу заедниците кои што живеат во Општина Штип | |
| **Целна група:** | Ученици од различни етнички заедници во Штип | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | / | |
| **Извор:** | / | |
| **7.** | **ТРИБИНИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО СОРАБОТКА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОТСЕКОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА СВР-ШТИП И УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА** | **ИНДИКАТОРИ:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Опис на активности:** | Одделението за образование во соработка со Отсекот за Превенција при СВР Штип и основните и средни училишта организира трибини, едукативни средби и работни состаноци на актуелни теми за учениците и младите (злоупотребување, уцена и споделување на компромитирачки содржини од мобилни телефони, штетност во користење на алкохолот и пушењето како лоши навики и зголеменото консумирање на наркотични средства и др.) | Број на одржани настани.<br>Број на учесници.<br>Родова статистика. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Превенирање и спречување на наведените појави на насилничко и опасно однесување меѓу учениците и младите. Превенирање и едукација на младите за штетноста од користењето на наркотични средства, алкохол и пушењето. | |
| **Целна група:** | Ученици од основните и средни општински училишта | |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 40.000 денари | |
| **Извор:** | Буџет на Општина Штип, Отсек за превенција при СВР Штип, ОБСЕ (Организација за безбедност и соработка на Европа). | |
| | | |
| **ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ПРОГРАМАТА:**<br>**ОПШТИНА ШТИП УЧЕСТВУВА СО:** | **7,343,000 денари**<br>**6,918,000 денари** | |

## VI ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ И КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИ ЗА НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ

| | |
|---|---|
| **1.** | **СТЕМ ЛАБОРАТОРИИ** |
| **2.** | **УНИФОРМИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** |
| **3.** | **СЕНЗОРНА СОБА ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** |
| **4.** | **ОБУКА ЗА НАСТАВЕН КАДАР** |

| | |
|---|---|
| **5.** | **ЕДУКАЦИЈА ЗА РАБОТА ВО СЕНЗОРНА СОБА** |
| **6.** | **НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА ЗА МЛАДИ** |

1110.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за култура на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8122/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1111.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Со оваа програма Општина Штип, како локална самоуправа, го остварува своето право и надлежност дадени со Законот за култура и со Законот за локална самоуправа за поддршка, за организирање и реализација на содржини и манифестации од културата кои се од интерес на локалната заедница. Програмата е во функција на подобро планирање и остварување на локалниот

интерес во културата за 2025 година во смисла на институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти, негување на фолклорот и обичаите, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни форми на творештво.

Имајќи ја предвид специфичноста на годината во која ќе се реализира оваа програма, а истата во основа претставува годишнина на најплодната и најзначајната за културата година за Штип повикувајќи се на 1986, предлагаме истата да го добие карактерот на јубилејна. Тоа продразбира јубилени одбележувања на нашите најстари во континуитет манифестации Штипско Културно Лето и Фестивалот на музика „Макфест“ , но и големиот јубилеј еден век (сто години) од одржувањето на првата опера на овие простори„Кловнови“ („Pagliacci“) од Руѓеро Леонкавало ( Ruggero Leoncavallo) во 1925 година.

Програмата секако покрај јубилејниот карактер и понатаму ќе се стреми да ги содржи стратешките приоритети на Локалната самоуправа преку поддршка во сите облици на остварувањето на културата на локално ниво, пред се`, заради остварување на основните цели и тоа:

- Создавање услови за континуирано остварување на културата на локално ниво;
- Обезбедување на услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење;
- Поддршка и промоција на културното наследство и творештво;
- Овозможување на услови за остварување и заштита на врвни културни вредности;
- Поттикнување на разновидноста и разноличноста во културата на локално ниво.

Затоа, Програмата за култура за 2025 година акцентот го става на следните – конкретни облици на остварување на културата:

А) Одржување на културни манифестации во кои Општина Штип се јавува како организатор;

Б) Јубилејни одбележувања (годишнини);

В) Поддршка на проекти на институции, здруженија на граѓани и поединци кои реализираат содржини кои се од интерес на локалната заедница;

Г) Поддршка на проекти на институции, здруженија на граѓани и поединци кои реализираат содржини кои се од интерес на локалната заедница

Д) *Активности во ОМЦ „Киро Глигоров“ Штип*

**А) Одржување на културни манифестации во кои Општина Штип се јавува како организатор:**

- ***Новогодишен/божиќен концерт***

Како манифестација чиј целосен покровител е Општината новогодишниот концерт повеќе од сигурно се зацврсти како традиционален. Низ годините го менуваше својот формат за да дојде до степен единствено на поддршка за реализација на истиот. Се одржува по повод Новогодишните празници и најголемиот христијански празник Божик, се реализира традиционално како

одбележување на празникот и подарок до граѓаните на Штип, а започнуваат со Свети Никола 19 декември – што се совпаѓа со Денот на градот па се` до Божиќ.

Деновите пред и после празникот Нова година се секако денови на засилена активност на голем број на иситуции, здруженија, КУД и поединци кои нудат ваков формат на манифестација, а бараат финансиска поддршка. Затоа, во смисла на остварување на најзначајниот стратешки приоритет на ЛС, Комисијата за култура врз основа на пристигнатите барања оценувајќи кој од проектите најдобро ја одразува суштината на манифестацијата ќе му предложи на Советот да предложи еден или повеќе проекти од понудените.

Манифестацијата се реализира во рамките на Новогодишната програма период од 19 декември до 19. јануари.

Буџетот за реализацијата на Концертот е 250.000,оо (двесте и педесет илјади) денари.

- ***Штипско Културно Лето***

40 години ШКЛ е императив на кој треба да му се посвети внимание.

Штипско културно лето оваа година одбележува четири децениско постоење. Континуитет на остварување на вредности во културата за кои Локалната самоуправа може да се гордее. Со цел достоинствено да се одбележи овој голем јубилеј 2025 програмски треба да содржи манифестации кои го истакнуваат и слават истиот. Тоа подразбира, покрај редовната програма, повеќе манифестации кои претставуваат ретроспектива на досега постигнатото низ: ретроспективни изложи на архивски материјали од изнинатите децении, досегашни плакати, печатени материјали и фотографии кои се навистина импресивни и вистински го одразуваат карактерот и значењето на оваа престижна манифестација. Свеченото отворање како и останатите манифестации во рамките на Програмата треба да го одразуваат јубилејот и присутниот континуитет со квалитет и реноме преку претходно утврдена програма која го задоволува основниот вообичаениот концепт, разновидност на програми и содржини.

Буџетот за реализација на ШКЛ изнесува 1.500.000,оо (еден милион и петстотини илјади) денари.

- ***Фестивал на музика МАКФЕСТ***

И Фестивалот на музика „Макфест во 2025 година во своето континуирано одржување ќе одбележи 40 години од своето постоење. Јубилеј за респект.

Општина Штип како покровител на најголемиот бренд на овој град, Фестивалот за музика Макфест, имајќи го предвид значењето кое тој го има за развојот на македонската забавна музика и продукција, ќе се обиде да го прилагоди својот концепт со содржини кои ќе го одразуваат јубилејот.

Општина Штип во резлизацијата на целиот буџет учествува во 6.000.000,оо денари (шест милиони денари) останатиот дел се обезбедува од покровителства од поддржувачи на Фестивалот.

- ***Одбележување на 8 ноември Денот на ослободувањето на Штип***

Одбележувањето на 8 ноември Денот на ослободувањето на Штип/ Митровден како традиционалното и во 2025 година, покрај другите традиционални содржини ќе биде реализирано низ Програма која опфаќа и програми од културата , пред се`, традиционални манифестации врзани за тоа одбележување (Митровденски средби – промоција на на нови доктори на науки, Традиционални изложби на ликовни уметници, промоција на нови литературни изданија и др.). Одбележувањето на овој празник редовно се користи за промоција на нови достигнувања на наши самостојни уметници, здруженија, клубови кои ќе бидат дел од одбележувањето.

Централна манифестација ќе биде Свечената седница на Советот на Општина Штип на која ќе се врачат традиционалните: признанијата 8 ноември. Одбележувањето се реализира во периодот од 4 до 8 ноември. Буџетот за реализација на Одбележувањето изнесува 200.000,оо (двесте илјади)денари.

- ***Одбележување на 19 декември – Денот на градот***

Денот на градот како традиционална манифестација е во целосно покровителство на Општина Штип. Во рамките на истата покрај Свечената академија се реализираат и празничен концерт на афирмиран состав или уметник (духовна музика) и Празнична литија и мини концерт на плоштад Слобода (млади уметници-фолклор).Традиционално ќе се доделат: „Орденот Свети Никола“ и признанијата Свети Никола.

Одбележувањето е на 19 декември.

Буџетот за реализација на манифестацијата е 250.000,оо (двесте и педесет илјади денари).

**Б) Јубилејни одбележувања**

*Манифестација за промоција и одбележување на големиот јубилеј 100 години опера во Македонија во Штип „Паљачи“ од Руџеро Леонкавало*

На 29. Август 1925, во преполнетата сала на тогашниот Официрски дом (денес ОУК Дом на млади) со распродадени билети со пет актери на сцена, а од таа вечер и оперски пејачи, заедно со градскиот хор Единство, била поставена првата опера во Македонија под диригенство и клавирска придружба на Сергеј Михајлов, руски емигрант. Режијата била на Душан Будимировиќ кој бил со солидна наобразбра во Берлин како драматург.

Одбележувањето на овој голем настан и датум кој го надминува значењето на локален, покрај другите одбележувања, треба да најде место и во оваа програма. Во таа смисла покрај голем концерт/изведба на операта Паљачи/ од МОБ, предвидена е трибина во соработка со УГД /Музичка академија и Факултетот за образовни науки/ како и промоција на публикации поврзани со настанот но и главните протагонисти на истиот /С.Михајлов, Будимировиќ...../

Буџетот за реализација на манифестацијата е 1.500.000,оо(еден милион и петстотини илјади) денари.

**В) Поддршка на проекти на институции, здруженија на граѓани и поединци кои реализираат содржини кои се од интерес на локалната заедница**

И годинава според веќе усвоениот Правилник и утврдените критериуми за финансирање на програми и проекти на локално ниво, Општина Штип ќе се јави како поддржувач на проекти предложени од здруженија на граѓани, самостојни уметници или клубови.

Проектите ќе бидат поддржани по претходно спроведената постапка која е редовна пракса на Советот на Општина Штип.

Проекти кои традиционално ги поддржува Општина Штип:

- Одбележување на 8 април денот на Ромите;
- Одбележување на 23 мај Денот на Власите;
- Одбележување на 19 мај Денот на Турците;

Буџетот за реализација на овие активности е 300.000,оо (триста илјади) денари.

**Г) Поддршка и реализација на квалитетни програми/проекти со стимулирање на сите видови творештвото (популаризација, презентација и користење на културното наследство)**

- **Објавување на значаен труд дела со темелна вредност ( монографии, христоматии, реизданија на редактирани дела, носачи на звук) поврзани со Штип и неговата афирмација** Со цел да се овозможи остварување и заштита на врвни културни вредности кои имаат, пред се`, значење за Штип неговата традиција и историја, а во функција на поддршка и промоција на културното наследство и поттикнување на творештвото, Општина Штип ќе распише јавен повик за поддршка на проекти –трудови од посебно значење и поврзаност со Штип.

Буџетот за реализација на оваа активност е 300.000,оо (триста илјади) денари.

***Д) Активности во ОМЦ „Киро Глигоров“ Штип***

Во текот на целата календарска година ОМЦ „Киро Глигоров“ ќе ја остварува својата основна функција за посета на спомен собата на Првиот претседател на Р.Македонија Киро Глигоров.

Со цел афирмација на ликот и делото на првиот претседател на РМ, Киро Глигоров ќе се преземаат активности за промоција на ОМЦ „Киро Глигоров“. Исто така ќе се обноват, односно изработат промотивни материјали: печатење на флаер за ОМЦ/привезок/ и др. промотивен материјал.

Буџетот за реализација на оваа активност е 150.000,оо (сто и педесет илјади) денари.

Програмата за култура и предвидените содржини ќе бидат реализирани преку остварување и во согасност со интересот и афинитетот од двата пола. При тоа ќе се промовира и практикува родов баланас.

Конечно за реализација на предвидената програма за култура за 2025 година од буџетот на Општина Штип ќе биде потребно да се предвидат вкупно 10.450.000,оо (десет милиони и четиристотини и педесет илјади) денари, а ќе се применува од 01 јануари 2025 година.

Број 08 – 8122/1
20 декември 2024 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1112.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП
ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8123/2
20 декември 2024 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1113.

Врз основа на член 22-а став 2 од Закон за спортот („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, и 190/16 и „Службен весник на РМ“ број 98/19 и 244/19), член 22 точка 6 и 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА
НА СПОРТОТ ЗА 2025 ГОДИНА

**Цели**

Основни цели на оваа Програма се:

– Одржување и користење на спортските објекти во кои се остваруваат потребите од областа на спортот чии организатор е Општина Штип;

– учество во спроведување на меѓуопштински училишни спортски натпревари;

– финансирање на активности на спортски организации кои ги основала општината и програми на други организации кои ги задоволуваат потребите на граѓаните од областа на спортот во општината;

– организирање и спроведување спортски натпревари и настани од значење за општината;

– обезбедување на услови за работа на спортски организации и стручни организации од областа на спортот во општината;

– обезбедување финансиски средства за финансирање на програми и проекти во областа на спортот;

– награди и признанија во областа на спортот;

– развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лица со посебни потреби, како и за лица со инвалидитет;

– промовирање на Општина Штип да биде домаќин на одделни спортски манифестации од највисок ранг и поддржување на иницијативите што се преземаат во тој план.

**Активности планирани за реализирање во Програмата за спорт 2025 година.**

Општина Штип планира да ја реализира и спроведе програмата за спорт за 2025 година составена од различни спортски содржини и активности од областа на:

1. **Развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните**
2. **Организирање на спортски приредби и манифестации**
3. **Поддржување на систем на натпревари на општинско ниво**
4. **Утврдување на мрежата и обновување на спортските објекти**
5. **Други спортски програми, содржини и активности утврдени со надлежностите на единиците за локална самоуправа**

Горенаведените активности од оваа програма се однесуват за машките и женските спортски клубови и здруженија на територија на општина Штип.

За реализација на сите проекти кои ќе се содржат во горенаведените точки ќе се изработуваат посебни предлог - програми, содржини и активности, со детална финансиска конструкција за истите и како такви ќе бидат предложени до Советот на Општина Штип.

**<u>1.Развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните</u>**

За развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните, за реализација се планирани следниве содржини и активности:

1. Општина Штип ќе партиципира во надоместување на програмски содржини и услови за тренинг и натпревари на клубови кои остваруваат спортски успеси во системот на натпревари и имаат долгогодишна традиција и голем опфат на млади спортисти од сите возрасни категории.
2. Општина Штип ќе партиципира во надоместување на трошоците на клубовите кои како програмска определба имаат дефинирано активности со млади и возрасни категории, обезбедувајќи им приоритет во користење на објектите за спорт и инвестирање во нивните програмски содржини (**Развој на младинскиот спорт**);
3. Општина Штип ќе ги поддржи сите активности и програмски содржини од (**Училишен спорт, систем на натпревари на основни и средни училишта во општински, зонски, меѓузонски, регионални и републички натпревари)**;
**4.** Поддршка на спортско рекреативни активности на граѓаните „Спорт за сите“ каде се опфатени сите возрасни категории
**5.** ПРОЛЕТНИ ДЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ,во текот на пролетните месеци од 2025 година (март, април, мај) ќе бидат организирани серија на спортски настани во кошарка,фудбал и одбојка во кој учество ќе земат екипи од средните училишта на територија на Општина Штип. Настанот ќе биде од ревијален карактер, но ќе има за цел зголемување на компетативноста како и љубовта на младите кон спортот. Финалната недела од настанот ќе биде празник за градот и на истата ќе бидат доделени признанија за најдобрите екипи и поединци.

**2.Организирање на спортски приредби и манифестации**

Во категоријата на организирање на спортски приредби и манифестации се планирани следниве активности и содржини за реализација:
1. Избор на спортист на Општина Штип;
2. Поддршка и инвестирање во спортски турнири;
3. Доделување на награди и признанија на спортисти и клубови за разни спортски достигнувања во сите спортски дејности притоа афирмирајќи ја и претставувајќи ја Општината на државно и национално ниво;
4. Меморијални турнири

Табела број: 1

| **СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ ПРОГРАМИ И МАНИФЕСТАЦИИ КОИ СЕ ФИНАНСИРАНИ ОД СТРАНА ОПШТИНА ШТИП** | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на програмата** | | **Период на реализација** | **Клубови, здруженија на граѓани и поединци** |
| | | | |
| **1.** | **Традиционални манифестации** | Во текот на целата година | Поддржани од Општина Штип и националните спортски федерации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | **Државни првенства** | Во текот на целата година | Државни спортски федерации |
| 3. | **Балкански првенства** | Во текот на целата година | Државни спортски федерации |
| 4. | **Европски првенства** | Во текот на целата година | Државни спортски федерации |
| 5. | **Меѓународни турнири** | Во текот на целата година | Државни спортски федерации |
| 6. | **Светски купови** | | Државни спортски федерации |
| 7. | **Избор на спортист на годината** | Јануари | Општина Штип |
| 8. | **Награди за најдобрите спортисти и спортски работници** | Јануари | Општина Штип |
| 9. | **Меморијални турнири** | Во текот на целата година | Општина Штип<br>Организатори |

**3.Поддржување на систем на натпревари на општинско ниво и Поддржување на општинските сојузи**

Во категоријата на поддржување на општинските сојузи и систем на натпревари на општинско ниво за реализација се планирани следните активности:

Поддршка и инвестирање во програми, содржини и активности на Општинските сојузи.

Општинските сојузи ќе аплицираат до Комисијата за спорт и Советот на Општина Штип со посебна програма и активности за реализација на истите.

**4.Утврдување на мрежата и обновување на спортските објекти**

Во категоријата на утврдување на мрежите и обновување на спортските сали се предвидени следните активности :

Изградба, обновување и реконструкција на спортските објекти во општината.

Обезбедување финансиски средства за потрошената електрична енергија на Општинските фудбалски стадиони.

**5.Други спортски програми, содржини и активности утврдени со надлежностите на единиците за локална самоуправа**

Општина Штип ќе поддржи и други спортски манифестации за остварување на целите на Програмата преку следните активности:

- Почесно покровителство на општина Штип;
- Доделување награди, пригодни подароци и слично;

– Учество на претставниците на Општина Штип на протоколарни и промотивни средби, организирани по повод одржувањето на спортските манифестации.

– Формите на активности за поддршка и помош на спортските манифестации, ќе се реализираат од страна на Општина Штип и тоа по барање на организаторот на манифестацијата, усогласен со целите на оваа Програма и расположивите можности на Општина Штип.

Општината на младите ќе им помага преку:

– организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

– организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;

– организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината

**Ф И Н А Н С И Р А Њ Е**

Активностите на Општина Штип од областа на спортот, утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Штип за 2025година.

При реализација на Програмата, Општина Штип ќе ги поддржува организаторите на спортските манифестации при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

– Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (преку надлежните министерства и спортските федерации на РМ);

– Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

– Заинтересираните партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство;

– Други извори.

**I. Распоредување на буџетските средства**

**Средствата од Буџетот на Општина Штип за 2025 година**, во износ од **20.000.000,00 денари**, се распоредуваат како учество на Општина Штип за поттикнување, подржување и помагање за следните активности од областа на спортот:

**Табела број: 2**

| **Р. бр.** | **Активности** | **Распоредени средства** |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на спортски екипи и спортски сојузи | **17.300.000,00 денари** |
| 2. | Поддршка на Сојуз на училишен спорт по програма | **300.000,00 денари** |
| 3. | Награди | **150.000,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Стипендии | **1.000.000,00 денари** |
| 5. | Електрична енергија за Општинските фудбалски стадиони | **1.250.000,00 денари** |
| 2 | **ВКУПНО:** | **20.000.000,00 денари** |

**II.** Средствата предвидени под точка 1 ќе бидат распоредени согласно правилник за условите, начинот и постапката за доделување на материјална подршка на спортски клубови ,спортски здруженија и спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Штип и спортски манифестации кои се одржуваат на територијата на Општина Штип.

Средствата предвидени под точка 2 од табела 2, ќе бидат распоредени врз основа на програма на Сојузот на училишен спорт за активности и манифестации на учениците од основното и средното образование (турнири во кошарка, одбојка, фудбал, ноќна трка и сл.).

Средствата предвидени под точка 3 од табела 2, ќе бидат доделени со поднесено барање од спортските клубови и поединци за млади и надежни спортисти од Општина Штип.

Средствата предвидени под точка 4 од табела 2, ќе бидат доделени со поднесено барање од спортските клубови и поединци за млади и надежни спортисти од Општина Штип.

Средствата предвидени по точка 5 од табела 2, ќе бидат исплаќани по добиените фактури за потрошената електрична енергија на Општинските фудбалски стадиони.

Број 08 – 8123/1
20 декември 2024 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

1114.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8124/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1115.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ( Сл. весник на РМ бр. 66/04; 139/08; 99/09; 149/14; 150/15;37/16 и 257/20) и член 21, точка 11 од Статутот на Општина Штип (,,Сл. гласник” бр. 01/03; 18/07; 11/08; 07/09; 16/09; 04/11; 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година донесе,

## П Р О Г Р А М А
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Според програмата на Советот во овој период се изготвува предлог Програмата за општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Штип, што е во врска со член 11 од Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Р. Македонија бр.149/14):

,,Дезинсекцијата и дератизацијата на населбите и нивната околина се изведуваат врз основа на стручни елаборати подготвени од страна на надлежниот центар за јавно здравје”.

,,Надлежниот центар за јавно здравје е должен да го подготви стручниот елаборат од ставот 2 на овој член, без надомест, најдоцна до 1 февруари во тековната година и да го достави до градоначалникот на општината, односно градот Скопје”.

Доколу се утврди дека има разлики во насоките и мислењата во добиениот Елаборат од ЈЗУ ЦЈЗ Штип и донесената Програма, би се направила корекција на програмата во соодветна постапка.

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои Општина Штип предвидува да ги преземе во 2025 година за заштита населението од заразни болести.

Заради заштита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти (комарци), Општина Штип ќе врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ќе биде прилог кон програмата, како и по потреба ќе преземе мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти, со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци), општина Штип ќе врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места, а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2025 година во износ од 2. 000. 000, 00 денари.

Број 08 – 8124/1
20 декември 2024 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

1116.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА, ДЕТСКАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8125/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1117.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 237/22 и 65/23), член 15 точка 7 и 9 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП
ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА, ДЕТСКАТА И
ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одрзуваат врз добросостојбата на граѓаните со цел:

-промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните;

-спречување на социјалната исклученост;

-подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и

–зајакнување на капацитетот на граѓаните за водење на активен, независен и продуктивен живот.

Процесот на децентрализација во социјалната заштита во РСМ беше иницирана со донесувањето на Законот за локална самоуправа со кој општините, Град Скопје и општините во Град Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита.

Со Законот за социјална заштита од 2009 година се утврди обврската за општините да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во согласност со националните стратешки правци за развој на социјалната заштита.

Остварување на социјалната, детска и здравствена заштита во општина Штип се заснова на Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104/19,146/19,275/19,302/20, 311/20, 163/21,294/21,99/22,236/22,237/22 и 65/23),,, Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година), Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.07.2019 година), Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година), Програмата за остварување на социјалната заштитата за 2024 година (Службен весник на РСМ, бр. 187 од 29.12.2023година), Законот за финансирање на Единиците наЛокалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година), Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство –декември 2019, Националната програма за развој на социјална заштита 2022-2032 (Службен весник на РСМ, бр. 237 од 07.11.2022 година), и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

Единиците на локалната самоуправа согласно постоечкиот Закон за социјална заштита од 2019 година развиваат мерки и активности за социјална заштита, и тоа:

-обезбедува спроведување на социјалната заштита согласно законската регулатива;

-утврдува и финансира други права и социјални услуги во обласtа нас оцијалната заштита во поголем обем;

-основаат јавни установи за социјална заштита;

-формираат Совет за социјална заштита;

-формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион;

-донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита;

-даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори; и

-вршат други работи поврзани со социјалната заштита.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Штип.

Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за социјална политика, демографија и млади и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

При планирањето на програмата се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родова рамноправност.

Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Во сферата на здравствената заштита Локалната Самоуправа е надлежна во делот на здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, надзор над заразните болести и други области утврдени со закон.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Меѓуопштински центар за социјална работа, односно со Министерството за социјална политика, демографија и млади Агенција за вработување на РМ преку Центарот за вработување , Министерството за здравство и сите други министерства со кои ќе биде потребно да се соработува, приватниот сектор и невладините организации.

Активностите кои се предвидени во Програмата за остварување на социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Штип за 2024 година се одделени во седум ставкии *тоа:*

**1. Доделување на еднократна парична помош**
**2. Превентивна социјална и здравствена заштита**
**3. Детска заштита**
**4. Социјална заштита на стари лица**
**5. Социјална заштита на лица со посебни потреби**
**6. Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост**
**7. Реализирање и поддршка на други и дополнителни (непланирани) активности, проекти и мерки**

**I. <u>Доделување на еднократна парична помош</u>**

Средствата предвидени во буџетот, по утврдените критериуми со Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократка парична помош на физички лица („Службен гласник на Општината Штип“ број 11/09 и 9/11) ги доделува градоначалникот за исклучителни, итни и неодложни случаи и Советот на Општина Штип по предлог на Комисијата за социјални работи и здравство, Комисијата за култура, Комисијата за образование, Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, Комисијата за спорт и Комисијата за еднакви можности во рамки на своите надлежности.

– Лекување со оперативен зафат надвор од државата до - 8.000 денари
– Лекување надвор од државата до - 6.000 денари
– Лекување со оперативен зафат во државата до- 4.000 денари
– Лекување со соодветни испитувања до - 3.000 денари.

Составен дел на барањето е медицинска документација со која подносителот на барањето располага.Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави).

Помошта во зависност од причинета штета е од две категории:

– Прва категорија - 20.000 денари
– Втора категорија - 10.000 денари

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид и проценетата штета од СВР-Штип.

Предност за користење на средствата ќе имаат:

– жители на Општината Штип
– непотполни семејства
– самохрани родители

– семејства во кои живеат со лица со попреченост
– семејства во кои не работи ниту еден член
– семејства во кои работи само еден член од семејството

Барателите се должни да достават решение или потврда за социјалната положба од надлежна институција.

Креирањето на соодветен систем на справување со сиромаштијата и социјалната исклученост на локално ниво според актуелните потреби ќе се реализира според Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократка парична помош.

Средствата потребни за реализирање на активноста во износ од **700.000,00 денари** се обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

## II. Превентивана социјална и здравствена заштита

### 2.1 Насилство врз жени и семејно насилство

Општина Штип ќе обезбеди поддршка на Здруженито ЕХО Едукативно хуманитарна организација Штип во:

1. Обезбедување на одржливост на моделот за интегративен мултисекторски пристап до пакетот неопходни услуги за жените и девојките изложени на насилство и
2. Јавен настан-Марш и јавна трибина во рамки на меѓународната кампања 16 денови активизам против насилство врз жените во организација на ЕХО, општина Штип и Мултискторскиот тим на задницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство.

Финансиската поддршка ке биде во временски период од 1 јули-31 декември 2025 година.

Вкупно средства кои ке бидат обезбедени од општина Штип за реализација на предложените активности се вкупно **150.000,00 денари.**

### 2.2 Зголемување на бројот на вакцинирани деца

Општина Штип во соработка со патронажната служба при ПЗУ Здравствен дом „Панче Караѓозов‘‘и Ромски здравствен медијатор ќе организираат акции за вакцинација на деца од ромска националност до 18 години. Преку овие акции ќе се зголеми бројот на вакцинирани деца. За реализација на овие акции не се потребни финасиски средства од Буџетот на Општина Штип.

## III Детска заштита

### 3.1 Активности од областа на детската заштита

Програмата од областа на детска заштита со која континуирано се спроведуваат манифестациите: Априлијада, Ден без автомобили, Детската недела, одбележување на Велигден, Денот на планетата земја под мотото „Немаме резервна планета“, одбележување на „Недела на хигенизација‘‘ (8-15 Април) како

и организирање на различни предавања од областа на здравјето, спортски активности за младите и други активности.

Овие активности Општина Штип ќе ги спроведува во соработка со основните и средните училшта, детски градинки,Црвен крст, Дом на млади –Штип, Дом на култура„Ацо Шопов‘‘,НУУБ Гоце Делчев, МВР-Штип, Општински совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, Клиничка болница Штип, ЈЗУ Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ Штип.

Средствата потребни за реализирање на активностите од детската заштита во износ од **90.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**3.2 Проект „Проширување на пристапот и вклучување на децата Роми во услугите во ран детски развој и основно образование во Северна Македонија‘‘**

Проектот „Проширување на пристапот и вклучување на децата Роми во услугите во ран детски развој и основно образование во Северна Македонија‘‘ е финансиски поддржан од Ромски образовен фонд, носител на проектот е Асоцијација за демократски развој на ромите „Сонце‘‘ –Тетово во партнерство со РРЦ-Ромски ресурсен центар Скопје а е поддржан од општина Штип и детската градинка „Астибо‘‘. Преку проектот ќе бидат бесплатно вклучени 40 деца од ромска националност во детските градинки и тоа 25 деца во „Астибо‘‘ и 15 деца во детската градинка „Вера Циривири Трена‘‘. Децата кои ке бидат опфатени во детските градинки ке бидат на возраст од 3 до 5,7 годишна возраст и престојот за нив ке биде покриена преку проектот.

Проектот е започната од 12 јануари 2024 година и ке трае 3 години.

**3.3 „Проект на УСАИД за инклузија на Ромите“**

Општина Штип склучи меморандум за соработка за спроведување на активностите предвидени со „Проект на УСАИД за инклузија на Ромите“ кој е финансиски поддржан од УСАИД, имплементиран од страна на Институтот за истражување и анализа на политики-Ромалитико во партнерство со Здружението на граѓани „Ромаверзитас“, „Романо Авази“ и Здружението на граѓани „Иницијатива за Економски Развој на Ромите-РЕДИ Скопје.

Проектот има за цел да даде придонес кон унапредување на положбата на Ромската заедница и инклузија на Ромите на локално ниво.Преку овој проект се ангажирани три теренски соработници и тоа:

Правен монитор кој дава поддршка за:

Советување и упатување до релевантни институции; Поддршка во пишување на различни поднесоци до институции (жалби, молби, барање, изјави); Мапирање случаи на прекршувања на човекови права;Посета на ромски домаќинства за идентификување на проблеми; Придружба за застапување на одреден случај до адвокат; Присуство на обуки, работилници и други активности предвидени со проектот; Информирање на заедницата во различни области;

Бизнис фацилитатороткој дава поддршка за:

Идентификување (мапирање) на потребите на ромските претприемачи, ромската заедница и можностите за економско зајакнување;Активно промовирање на програмата во заедницата преку спроведување и учествување на

различни активности предвидени во рамки на проектот; Обезбедување на техничка поддршка и бизнис совети за Ромските претприемачи; Поврзување на Ромската заедница и претприемачите со релевантни институции; Информирање на Ромската заедница и претприемачите за можностите и потребни ресурси за економско зајакнување, Собирање и следење на податоците за вработување на Ромската заедница, и зголемување на бизнисот на претприемачите; Организирање состаноци на локално ниво со клучните засегнати страни: локални лидери, успешни претприемачи, сопственици на пазари, невладини организации, локални инкубатори, други релевантни проекти и ресурси, со цел мапирање на постојните ресурси и нивно поврзување со програмата и понатамошно олеснување на претприемачите до пристап до нив; Поддршка на претприемачите/невработените лица во процесот на регистрација на бизнис и поддршка за искористување на мерки од АВРМ; и

Мобилизатор на заедницатакој дава поддршка за:

Мапирање на приоритетните локални проблеми на ромската заедница; Претставување и застапување на локалните проблеми пред ромската заедница и релевантни институции;Организирање на работни состаноци со различни институции на локално ниво; Организирање на дијалози со заедницата за релевантни прашања на локално и национално ниво;Одржување и унапредување на односите и довербата со ромската заедница на локално ниво и институциите; Логистичка поддршка за подготовка на активности во рамки на проектот;

**3.4 Подигање на свеста кај родителите на деца Роми за важноста од предучилишно, основно и средно образование**

Преку теренски активности во Ромските населби родителите на децата ќе се информираат за важноста од вклучување на децата во предучилишното образование со што ќе се надмине јазичната бариера, децата ќе се социјализираат, и ќе се подготвени за вклучување во основното образование.

Исто така преку информирање на терен во Ромските населби за навремено запишување семејствата ќе се запознаат со правата и обврските за образовниот процес и бенифициите од него ќе се информираат за програмите за стипендирање на средношколци Роми, се со цел зголемување на бројот на Ромските деца во основно и средно образование.

Со овие активности ќе се овозможи децата Роми да се интегрираат со социјалниот живот.

**3.5 Надоместок за партиципација на деца од детските градинки**

Остварување на правото на партиципација на децата во детските градинки согласно член 53 од Законот за заштита на деца(„Службен весник на РМ‘‘ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на РепубликаСевернаМакедонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) Министерство за труд и социјална политика донесе Правилник за поблиските услови и начинот за остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и

рекреација на деца во јавни установи за деца(„Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр/157/19).
Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.
Партиципација на децата кои ги исполнуваат критериумите согласно правилникот се обезбедуваат од Буџетот на општината и се потребни да се издвојат средства од **150.000,00 денари.**

**3.6 Бесплатен престој за деца со попреченост и деца со ретки болести во детските градинки**

За децата со попреченост и децата со ретки болести е обезбеден бесплатен престој во детските градинки согласно донесениот Правилник за остварувањето на правото на партиципација за деца со попреченост и деца со ретки болести кои престојуваат во детските градинки во општина Штип со број 08-1137/1 од 14.2.2022 година.

Средства од **270.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Штип.

**3.7 Активности за реализација на Бадникови поворки**

Традиционално општина Штип и градоначалникот на општината се вклучуваат во активноста Бадникови поворки по повод празниците Бадник и Божиќ. Бадниковите поворки се организраат истовремено во повеќе гардови во државата а нивни носител е истоименото здружение Бадникови поворки.

Во Штип активностите околу Баниковите поворки традиционално ги поддржуват Брегалничката Епархија и Општина Штип.
Поддршката на Општина Штип се однесува на:
-Бадникови пакетчиња за сите деца кои учествуваат во Бадниковите поворки;
-Обезбедување на бесплатно користење на јавна прометна површина;
-Останата техничка и логистичка поддршка;

Од Буџетот на општина Штип со **50.000,00 денари** се планира општината да даде поддршка за релизацијата на активностите околку Бадниковите поворки.

**IV <u>Социјална заштита на стари лица</u>**

**4.1 Одбележување на Недела за грижа на стари лица**

По повод Недела за грижа на стари лица во период од 18 од 24 Ноември, Општина Штип во соработка со Општинска организација Црвен крст Штип ќе организира низа активности и тоа ќе се организира мобилен лекарски пункт на кои ќе се мери притисок и гликемија како и бесплатан обука по прва помош за лица од трета доба.

**4.2 Мобилни тимови за стари и изнемоштени лица, хронично –болни и лица со попречености**

За старите и изнемоштени лица, хронично –болни и лица со попречености општина Штип во соработка со Општинската организација Црвен крст Штип се формирани Мобилни тимови.

Лицата за да не го напуштаат домот без потреба волонтерите од Мобилните тимови ќе им бидат на располагање на овие целни групи и тоа во делот на следниве сервисни услуги: набавка на прехрамбени продукти и средства за лична хигиена, набавка на лекови и медицински реквизити, извршување на шалтерски услуги, подмирување режиски сметки, подигање на рецепти, достава на хронична терапија и достава на онколошка терапија за лица болни од канцер.

На телефонски број кој е објавен од страна на Црвен крст Штип, граѓаните може да се јавуваат и да побараат некоја од понудените услуги кои ги нуди мобилниот тим.Овие услуги граѓаните ке ги добиваат двапати неделно од страна на мобилните тимови. Сервисните услуги ќе бидат бесплатни а граѓаните го подмируваат сопственаиот трошок за набавка.

Од страна на Црвен крст Штип ке бидат обезбедени волонтери а од страна на општина Штип ќе се обезбеди логистичка поддршка со возило и возач.

4.3 **Изградба на Дом за стари лица и Геријатриски центар за подвижни и неподвижни лица**

Во Штип има вкупно 9000 пензионери а на регионално ниво бројот е нешто поголем и изнесува повеќе од 11.000 пензионери. Потребата од отварање на Дом за стари лица и Геријатриски центар за подвижни и неподвижни лица се јавува како резултат од податоците добиени преку мапирањето кое беше направено за потребите на Социјалниот план за општина Штип. Повеќето стари лица живеат сами без домашна и лична помош.Имаат ниски примања и едвај имаат средства за егизстенција околу 100 тина лица се корисници на правото на социјалан сигурност а на дел од нив им е потребна и болничка нега.

За таа цел оваа потреба е нотирана не само во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита туку и во Програмата за Лер со што ќе се превземаат активности и изнаоѓање на начини за реализација на овој проект.

Финансирањето ќе биде обезбедно со средстава од Општина Штип, МТСП и Меѓународни фондови.

**4.4Поддршка на пензионерски клубови**

За потребите на пензионерите општината ќе даде поддршка за отварање на пензионерски клубови во населбите Автокоманда и Дузлак.

Поддршката ќе биде во ослободување од комунална такса за поставување на урбана опрема а во соработка со јавните претпријатија „Исар" и „Стипион", поддршка во приклучок на струја и вода како и хортикултурно уредување.

**<u>V Социјална заштита на лица со попреченост</u>**

**5.1 Финансиска поддршка на семејства на деца со попреченост од прво до деветo одделение вклучени во редовното основно образование**

Општина Штип ќе додели стипендии на ученици со попреченост од прво до деветo одделение од основните општински училишта на територијата на Општина Штип кои се запишани во учебната 2025/2026 година. Целта на овие стипендии е да се пружи поддршка на семејствата на учениците со попреченост во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, воннаставни активности, асистенти за помош/едукација, трошоци за терапија, транспортни трошоци или други слични специфични потреби, а воедно да се поддржи одлуката за проактивно и засилено запишување на ученици со попреченост во редовните училишта. Висината за месечната стипендија ќе изнесува 2000 денари во денарска противвредност и ќе се доделува во текот на целата учебна година.

Вкупно средства за стипендирање на семејства на деца со попреченост вклучени за 2025 година се предвидени **320.000,00 денари.**

**5.2Стипендирање на ученици со попречност од средните општински училишта**

Во висина од 2000 денари месечна стипендија општина Штип ке обезбеди за учениците со посебни образовни потреби од средните општински училишта кои се инклизурани во редовната настава. Редовните училишта се најдобрата средина за развојот и напредувањето на сите деца. Целта на оваа промена во пристапот кон образование на ученици со попреченост е преку инклузивно образование да се постигне почитување на различностите, промовирање еднаквост, правичност, недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

За стипендирање на учениците со попречности од средните општински училишта ке бидат издвоени средства во висина од **108.000 денари.**

**5.3 Одбележувањена 2 априлМеѓународниотденналицатасоаутизам**

По повод 2 Април Меѓународниот ден на лицата со аутизам, општина Штип во соработка со ООУ„Ванчо Прќе“ ќе организира настани за подигнување на свеста за децата со аутизам. Исто така од страна на општина Штип во вредност од **10.000,00 денари** ќе се обезбедат наставно образовни помагала за децата од аутистичните паралелки при ООУ„Ванчо Прќе“ и Дневниот центар за аутизам.

**5.4 Одбележување на 21 Март – Меѓународниот ден на лицата со Даунов синдром**

Со спортска активност „Игри без граници“ ќе се одбележи 21 Март - Меѓународниот ден на лицата со Даунов синдром во организација на основното училиште „Ванчо Прќе“ а со поддршка на општина Штип. За децата со Даунов синдром во вредност од **6.000,00 денари** од страна на општина Штип ќе се обезбедат наставно научни помагала.

**5.5 Одбележување на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост**

Со цел да се вклучи во одбележувањето на 3-ти декември меѓународниот ден на лицата со попреченост, Градоначалникот на Општина Штип традиционално ги посетува посебните паралелки во ООУ „Ванчо Прќе“, Центар за поддршка на учењето во склоп на ООУ„Ванчо Прќе“, ДСУ за образование и рехабилитација „Искра“, Дневниот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост, Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години и Дневен центар за деца со аутизам.

На секоја од овие институции ќе им се доделат играчки, дидактички материјали, школски прибор, ортопедски помагала, техничка стока или средства, согласно нивните потреби.

Средствата потребни за реализирање на активноста во износ од **36.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**5.6 Одбележување на 15 ти Октомври - Меѓународниот ден на белиот стап**

По повод 15 ти Октомври - Меѓународниот ден на белиот стап, општина Штип ќе даде поддршка членовите на Здружението на слепи лица-Штип.

Набавка на помагалата се планирани со средства од Буџетот на општина Штип вкупно **15.000,00 денари.**

**5.7 Поддршка на Дневен центар за деца со аутизам**

За потребите на Дневниот центар Општина Штип ќе обезбеди трошоци за плата за едно лице од персоналот во Дневниот центар за деца со аутизам.
Средствата потребни за реализирање на активноста во износ од **444.000,00** денари се обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**5.8 Поддршка на Мал групен дом за деца без родители и родителска грижа**

Општина Штип ќе обезбеди трошоци за плата за две лица од персоналот во Малиот групен дом за деца без родители и родителска грижа. Средствата потребни за реализирање на активноста во износ од **1.020.000,00** денари се обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**5.9 Социјализација и активирање на младите со пречки во развојот**

Во чест на денот на пролетта и денот на екологијата – 22 Март, Општина Штип ќе распише конкурс за децата со пречки во развојот, од основните и средните училишта.

Од пристигнатите творби - Трочлената комисија формирана од страна на општината ќе избере три најдобри творби од ученици од основно образование, средно образование и од дневните центри.

На денот на пролетта ќе се организира изложба на дел од пристигнатите творби и на најдобрите творби (претходно избрани од комисијата) ќе им бидат доделени потврди за освоено место и пригодна награда.

Средствата потребни за реализирање на активноста во износ од **14.000,00 денари** ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**5.10 Подршка на процесот на инклузија во основните училишта**

Општина Штип е дел од проектот Инклузија на деца со посебни образовни потреби кој го спроведува Здружението за асистивна технологија Отворете ги прозорците од Скопје.

Активностите кои ке се спроведуваат ќе бидат во насока на креирање инклузивна средина која може да обезбеди и поддржи квалитетно образование за учениците со посебни образовни потреби.

Во активностите ќе биде вклучена општината, основните училишта, сервисните служби кои постојат на локално ниво, како и учениците со посебни образовни потреби и нивните семејства.

Општината ќе има директно учество, поддршка и планирање и креирање модел кој ќе ја поддржи инклузијата на локално ниво.

Ќе се формира Општинско инклузивно тело кое ќе биде задолжено и ќе работи на следење и развој на инклузивност во основните училишта во општина Штип.

**5.11 Проект за финансирање на проекти за изградба, проширување, реконструкција и адаптација на капацитети за дневно згрижување и капацитети за давање на социјална услуга, со средства од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2025 година**

Општина Штип планира да аплицира за грант за развој на социјалните услуги по Проект за подобрување на социјални услуги кој ќе биде објавен од страна на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица. Преку проектот ќе се овозможи општините да аплицираат за грантови наменети за развој на социјални услуги во локалните заедници, вклучувајки непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и услуги за живеење со подршка и други иновативни услуги во заедницата.

Грантовите ќе бидат финасирани од Министерство за социјална политика, демографија и млади и ќе бидат насочени кон развој на услуги што ќе ги обезбедуваат општините или во соработка со други даватели на услуги (граѓански организации, физички и правни лица). Средствата од грантот ќе бидат наменети за воспоставување на услугата и финансирање на услугата по корисник по утврдена цена на услугата во период од 12 месеци.

**5.12 Инфраструктура за лица со попречености**

Во согласност со Социјалното мапирање на Општина Штип 2021-2024 година извештаите говорат дека лицата со попречености се соочуваат со низа проблеми од инфаструктурен аспект.Со цел да се подобри животот на слепите лица и лицата со телесна попреченост, Општина Штип ќе помогне во прилагодување на постоечките инфаструктура и ќе покрене иницијатива за отпочнување на постапка за изградба на нова инфраструктура во рамки на финансиски можности.

Потребите кои се произлезени од членовите на Заедницата на инвалидски организации се однесуваа на пристапни рампи за лицата со инавалидитет пред сите институции кои се во надлежност на Општина Штип, спуштени тротоари на пешачки премини, паркинг простор за лица со инвалидитет со што дел од нив потребно е да се корегира и да бидат по стандардите со што би биле функционални и за лицата со инвалидски колички и поставување на тактилни патека.

Преку иницијатива потребите од инфаструктурен аспект на лицата со попречености ќе бидат вметнати во програмите на Одделение за комунални дејноси и Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи.

**5.13 Центар за рехабилитација за деца/лица со попречености**

Во соработка со здруженија на граѓани кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост, општината ќе направи напори за изградба на Центар за рехабилитација за деца/лица со попречености во кој ќе се унапреди благосостојбата на децата и возрасните со попречености.

**5.14 Одбележување на 23 септември –Меѓународниот ден на знаковниот јазик**

Со финасиска поддршка од **6.000,00денари** општината ке подржи локално здружение на граѓани кое работи со глуви и наглуви лица за одбележување на 23 септември – Меѓународниот ден на знаковниот јазик**.**

**5.15 Одбележување на 4 ти декември Денот на телесните инвалиди**

Со финасиска поддршка од **6.000,00денари** општината ке подржи локално здружение на граѓани кое работи со лицата со телесен инвалидитет за одбележување на 4 ти декември Денот на телесните инвалиди.

**5.16 Проект„Мојот пријател со попреченост’’**

По повод 3 ти декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост со поддршка на општина Штип а во соработка со Заедницата на инвалидски организации-Штип ке се објави конкурс на творби од поезија и проза на тема „Мојот пријател со попреченост’

Најдобрите шест творби ке бидат наградени со пригодни подароци кои истите ке бидат обезбедни од општина Штип.

Вкупно средства од Буџетот на општина Штип за наградите треба да се обезбедат **5.000,00 денари.**

VI <u>Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост</u>

**6.1 Одбележување на меѓународниот ден на Ромите 8 април**

Општината Штип ќе го одбележимеѓународниот ден на Ромите, 8 Април со што ќе се реализираат активности кои имаат за цел да се намали социјалната исклученост на овие граѓани. За одбележување на овој настан потребни се средства во износ од **30.000,00 денари.**

**6.2 Пакетчиња за деца од социјално ранливи семејства и деца со попречености**

Општина Штип преку спонзорства и донации од Бизнис секторот ќе бидат обезбеди околу 300 пакетчиња за децата со попречености и деца од социјално ранливи семејства по повод нова година и Божиќните празници.

**6.3 Програма Општинско корисна работа – Проект„Социјални услуги по мерка на граѓаните‘‘**

Програмата „Општинско-корисна работа‘‘ (ОКР) е дел од Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување. Општинско корисна работа нуди можност за социјално вклучување на потешко вработливите категории на пазарот на трудот преку обезбедување на социјални услуги според потребите на жителите на општината.

Активностите од Програма Општинско корисна работа – Проект„Социјални услуги по мерка на граѓаните‘‘ за 2024 година ќе продолжат да се финансираат и во 2025 година и за истата изнесува **1.127.500,00** денари од кои **225.500,00 денари** се од Општина Штип и **902.000,00 денари** од УНДП.

Општина Штип исто така во план е и во 2025 година да аплицира на истиот повик објавен од УНДП, и за активностите во 2025 година потребни се средства во висина од **1.650.000,00** денари од кои **1.320.000,00 средства** ќе бидат обезбедни од УНДП и **330.000,00 денари** од Општина Штип

6.4 **Оформување и дооформување на основното и средното образование на лицата од ромска националност во Општина Штип**

Општина Штип ќе аплицира на проекти и програми до донатори, европски фондови за обезбедување на финансиски средства за реализација на проект за оформување и дооформување на основно и средно образование на лицата од ромска националност во Општина Штип.

**6.5 Субвенцинирање на трошоци за комунални услуги за членовите на Здружение на слепи лица**

Општина Штип ќе ги субвенционира трошоците за потрошена вода за пиење и собирање на отпад на членовите на Здружението на слепи лица. Вкупниот износ на субвенцијата ќе изнесува 500,00 денари месечно за секој корисник-член на здружението и во него влегува покривање на трошоците за потрошена вода за пиење и трошоци за собирање на отпад.

Субвенционирањето ќе можат да го користат лицата-членови на здружението на слепи лица, врз основа на претходно доставената пријава на членовите која ќе биде доставена од страна на здружението до Општина Штип. Средствата потребни за реализирање на активностите во износ од **360.000,00 денари** ќе бидат обезбедни од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**6.6 Програма за работно ангажирање „Јавни работи'' –мерка АВРСМ**

Општина Штип ќе аплицира по објавениот јавен повик до Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје за Програмата за работно ангажирање – Јавни работи, која ќе биде финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на Република Северна Македонија. Преку програмата ќе бидат работно ангажирани евидентирани невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина.

Преку програмата е предвидено финансиската подршка за работно ангажираното лице по 800 денари дневно со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа. Максималниот број на подржани лица по општини е 50 лица и истите ќе бидат работно ангажирани за период од најмногу 22 дена.Општината ќе учествуваат со кофинансирање во износ од 20% од дневниот надоместок на ангажираното лице.

Програмата ќе обезбеди социјална вклученост на потешко вработливите лица заради стекнување на одредени вештини и нивно вклучување на пазарот на труд, преку проекти од инфарстурктура и заштита на животната средина на локално ниво.

Средствата потребни за реализирање на програмата во износ од **88.000,00 денари** ќе бидат обезбедни од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

**6.7 Програма за извршување на Јавни работи во општина Штип**

Општина Штип со оваа програма ќе организира јавни работи преку работно ангажирање на невработени лица.Целта на програмата е преку организирањето на јавните работи и работното ангажирање на невработени лица да се обезбеди навремено и квалитетно извршување на комуналните услуги, економски и социјален бенефит за невработените лица, можност за континуирано работно ангажирање и можност за вработување, како и намалување на стапката на невработеност сиромаштијата и економски развој на општината, обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување на животната средина.

Јавните работи ќе се организираат во областите од:

-Во ЈП„Исар'' ќе се организираат работи и тоа одржување на чистотата на јавно прометните површини, метење на јавно прометните површини во општината, извршување на општи работи за одржување на зелените површини и спортските терени, вршење на припремни и земјени работи за

изведба реконструкција и приклучување на водоводната и канализационата мрежа, вршење на припремни и земјени работи за отстранување на дефекти на водоводната и канализационата мрежа и вршење на градежни работи.
-Во ЈП „Стипион 2011'' ќе се организираат работи поврзани со чистење на локации, одржување на комунални објекти, одржување на хигиена на јавни површини и фарбање , чистење на атмосферски канали.
-Во месните и урбаните заедници ќе се организираат работи поврзани со чистење на локации, одржување на хигиена на јавни површини, извршување на општи работи за одржување на зелени површини.

Со програмата се планира да бидат опфатени долгорочно евидентирани невработени лица, ниско квалификувани невработени лица, повозрасни невработени лица ( над 55 години ), ризични групи иповозрасни лица(над 55 години) и други лица од евиденција на невработени, преку ангажирање за вршење на јавните работи од оваа програма.

Максималниот број на ангажирани лица ќе биде 30 (триесет) лица во јавните претпријатија и тоа во ЈП „Исар'' и ЈП „Стипион'' 2011.
За време на ангажирањето на лицата-општи работници ќе им се обезбеди финансиска поддршка, односно бруто месечен паричен надоместок во износ од 27.500,00 денари по ангажирано лице, со платен персонален данок на доход. Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу општината и невработените лица.

За спроведување на оваа програма потребни се финансиски средства, во износ од 4.000.000,00 денари за финансиска поддршка на ангажираните лица (со платен персонален данок на доход).

Средствата за спроведување на оваа програма во износ од **4.000.000,00** денари ќе се обезбедат од Буџет на општина Штип за 2025 година.

## 6.8 Додаток за домување на материјално и станбено необезбедени лица и жртви на семејно насилство

Општина Штип ќе обезбеди средства за користење на додаток за домување за интервентно сместување на жртви на семејно насилство и согласно член 57 од Законот за социјална заштита средства ќе се обезбедат средства додаток за домување на корисници на гарантирана минимална помош.

Постапката за начинот и критериумите на остварувањето на правото на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица и жртви на семејно насилство ке бидат определени во правилник за домување кој ке биде донесен од страна на Советот на општина Штип.

Оваа активност ќе се реализира во соработка со ЈУМ Центар за социјална работа-Штип.Средствата за остварување на правото на додаток за домување че се обезбеди од буџетот на општина Штип во износ од **250.000,00 ден.**

## 6.9 Поддршка и субвенционирање на пливачки школи за деца во социјален развој

За децата во социјален ризик, ќе се обезбедат услови за непречна посета на пливачките школи и искористување на капацитетите на базенот според претходно изготвен правилник за користење на услугата.

За реализација на оваа активност се планирани **120.000,00 денари**, средства од Буџетот на општина Штип за 2025година.

**6.10 Унапредување и поддршка на локални институции при испорачување на социјални услуги со ангажирање на ранливи категории на граѓани**

Општина Штип ќе поддржи 11 лица од социјално ранливи категории во локални институции при испорачување на социјални услуги со ангажирање на ранливи категории на граѓани.Работниот агжаман на лицата ке им биде во времетраење од 3 месеци и тоа во период од месец април до јуни 2025 година. Институционална поддршката ќе се даде на детските градинки „Астибо'' и „Вера Циривири Трена'' при што ке бидат ангажирани лица како Негователи и Воспитувачи, во Дневниот центар за лица со интелектуална или телесна попреченост негователи и лица во Целодневниот престој при ООУ„Ванчо Прќе'' како Фасилитатор за поддршка на воншколска активност за ученици во дневен престој.

Средства потребни за реализација на активноста во износ од **453.750,00** денари ке бидат обезбедени од Буџетот на Општина Штип.

**6.11 Бесплатна подготовка на ученици за државна матура**

Во периодот кој што следи актуелно во завршните години од средното образование е полагањето на државната матура. За таа цел во дадениот период голем број од нив ќе имаат потреба од дополнителна подготовка со цел постигнување на што е можно подобри резултати. Родителите на овие ученици во исто време ќе бидат изложени на зголемени трошоци. Во насока на намалување на социјалните разлики и овозмоување на услуга за секој уеник Општина Штип ќе ангажира соодветен наставен кадар по наставните предмети математика, англиски јазик и македонски јазик и литература кои што во тек на месец април ќе одржат по 20 наставни часа. Со цел овозможување на поголема достапност, од дадените наставни предмети ќе бидат ангажирани по два наставника или вкупно 6, што ќе овозможат 120 бесплатни наставни часа за заинтересирани ученици.

Преку оваа социјална мерка на учениците ќе има овозможи можност да се подготват за државната матура без притоа да им создадат дополнителен трошока на своите родители. На овој начин директно се помага на родителите, а воедно се овозможува учениците да го дадат својот максимум и успешно да се справат со овој тест.

За оваа потреба ќе се ангажира соодветен наставен кадар и тоа:

- 2 наставника по англиски јазик
- 2 наставника по македонски јазик и литература
- 2 наставника по математика

За оваа намена ќе се распише повик на кој што ќе можат да конкурираат соодветни наставници по дадените наставни предмети. Повикот ќе биде

распишан најдоцна во првата половина на месец март. За оваа намена на наставникот ќе му биде испалтен бруто износ од 11.000,00 денари, за што ќе се склучи соодветен договор со Општина Штип.

Вкупно средства за реализација на оваа активност од Буџетот на Општина Штип потребно е да се издвојат **66.000,00** денари.

**6.12 Поддршка на ранливи групи по повод Светскиот ден на сиромаштијата**

На 17 Октомври секоја година се одржува Светскиот ден на сиромаштијата, или познат како Меѓународен ден за искоренување на сиромаштијата. Тој преставува и меѓународен ден за подигнување на свеста за потребата да се стави крај на глобалната сиромаштија во сите нејзини форми. За првпат е обележан на 17 Октомври 1978 година, како Светски ден за надминување на екстремната сиромаштија. Потоа со резолуција на Генералното Собрание на Обединетите Нации во 1992 година секоја година на 17 октомври се одбележува Светскиот ден за искоренување на сиромаштијата.

Се проценува дека околу една петтина од македонското население живее во границите на сиромаштијата. Општина Штип 17 октомври Светскиот ден на сиромаштијата ќе го одбележи со што на сите корисници на Социјална пензија ке обезбеди еднократно вредносни ваучери во висина од 6.000 денари.

Вкупно средства за реализација на оваа активност од Буџетот на Општина Штип потребно е да се издвојат **900.000,00** денари.

**6.13 Поддршка во оддбележување на матурска вечер на ученици од самохрани родители**

Општина Штип во соработка со Технолошко-технички факултете Универзитет Гоце Делчев, СОУ„Димитар Мирасчиев'' и бизнис заедницата ке обезбеди поддршка за сите матураните од средните општински училишта кои потекнуваат од самохран родител а се со ниски примања за одбележување на матурската вечер.

Средства од Буџетот на општина Штип за реализација на оваа активност ќе се издвојата **100.000,00 денари**.

## <u>VII РЕАЛИЗИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ДРУГИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ (НЕПЛАНИРАНИ) АКТИВНОСТИ, ПРОЕКТИ И МЕРКИ</u>

Општина Штип е подготвена да одговори со реализирање и поддршка на други и дополнителни (непланирани) активности, проекти и/или мерки кои би имале важно значење за локалната заедница во областа на детската, социјалната и здравствената заштита на подрачјето на општина Штип за 2025 година. За таа цел се планираат **500.000,00 денари.**

***Финансирање***

Активностите од областа на социјалната, детската и здравствената заштита утврдени со оваа Програмата ќе се финансира од средства од Буџетот на Општина Штип предвидена за 2025 година.

Градоначалникот на Општина Штип го обезбедува спроведувањето на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита, го следи реализирањето, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели.

За остварување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита **во Општината Штип за 2025 година**ќе бидат користени средствата од:

-Буџетот на Општина Штип за 2025;

-Буџетот на Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија;

-УНДП;

- Претпријатија и трговски друштва;
- Фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство
- Други извори.

За целосна имплементација наПрограмата за социјална, детска и здравствена заштита на **Општина Штип за 2025 година** се потребни **10.823.250,00 денари.**

Број 08 – 8125/1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1118.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА ДОМ НА МЛАДИ - ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Програма за работа на Општинска установа за култура Дом на млади - Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8126/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1119.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА
РАБОТА НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
ДОМ НА МЛАДИ-ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се донесува Годишната програма за работа на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2025 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 8126 /1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова

1120.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Сатутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип‟ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11) се предлага:

**Годишна Програма на Општинска установа за култура „Дом на млади‟ - Штип за 2025 година**

**ВОВЕД**

Дом на Млади – Штип е установа која се занимава со неформално образование на граѓаните на нашата општина, па и пошироко. Во изминатите

40ина години институцијата е синоним за настани во областа на алтернативната и мас културата во нашиот град.

Дом на Млади во изминатите неколку години е модернизиран инфраструктурно во рамките на можностите на институцијата, но и со помош на Општина Штип. Тоа дава уште поголем мотив за да продолжиме со доопремување со техника која во иднина установата би била технички самостојна. (да нема потреба од изнајмување дополнителна сценска опрема која не ја поседува).

Годишната програма е креирана со цел да ја издигне културната понуда за младите во Општина Штип, врз основ на традиција, нови трендови, културно наследство итн.

Во годинешната програма се вклучени неколку нови настани, покрај традиционалните настани за ОУК Дом на Млади – Штип, кои за прв пат ќе се оддржат во нашиот град како содржина од областа на културата.

За таа цел, ја предлагам следната програма која ќе ја унапреди културната понуда во Општина Штип и регионот, а која би се реализирала во ОУК Дом на Млади – Штип за 2025 година.

**ПРОГРАМА**

**•МУЗИКА**

Дом на млади е установа во која имаат гостувано плејада бендови и музичари од домашната иинтернационална сцена. Во тој контекст, целта е да се афирмира установа во вистинско светло, со што ќе ги привлече младите, е креирана следната програма:

- VINYL конвенција
- Од А до Штип – Македонски фестивал на хип хоп музика и урбани култури
- Концерти на музички групи
- Астибо Џез Фестивал
- Светски ден на Џез музиката
- РОК Подиум
- Хепенинг четрсе
- Електронска музика
- Мини фестивал на електронска музика со домашни автори
- Промоции на носачи на звук
- Street food & music festival
- Концертни авторски промоции на млади музичари
- Натпревар за млади музичари и нивно афирмирање

**•Ликовна уметност и фотографија**

- Колонија на различностите (ликовна колонија за деца со типичен и атипичен развој)
- Работилница за фотографија
- Герила изложби на фотографија
- Реализација на Ликовни изложби на афирмирани и млади уметници

- Конкурс за ликовна уметност и фотографија

**•Литература**

Преку организација на конкретни културни активности повторно ќе се отвори можност за афирмација на литературата и ново изразување на младите во оваа област.

Планирани активности:

- Поетски вечери
- Литературни читања
- Промоции на книги на млади и афирмирани автори
- Литературни конкурси
- Претставување на добитникот на наградата „Браќа Миладиновци“
- Рецитаторски натпревари
- Поддршка на млади писатели при издавање на нивна книга (издаваштво/печатење/промоција)

**•Театар и филм**

Планирани се следните активности:

- Летно кино
- Кино за деца
- Настапи на аматерски театри и театарски групи
- Продукција на театарска претстава
- Работилница за млади за театар и филм, под менторство на афирмирани уметници од областа на театарот и филмот
- Школа за млади глумци

**•Современи танци**

Во контекст на тоа дека има повеќе аматерски танчерски групи кои се занимаваат со изучување на модерни танци и класичен балет, Дом на Млади е во постојана соработка со истите со години наназад, и ваквите соработки ке продолжат и понатаму.

Планирано е следното:

- Организација на фестивал за танци
- Организација за натрпевар за модерни танци

**•Аматери и Волонтерство**

Дом на млади секогаш давал поддршка на аматери и млади уметници во повеќе дисциплини во областа на културата, со цел да се поттикнат младите да волонтираат во сите програмски содржини, настани и проекти кои се спроведуваат во годишната ппрограма, а тоа ќе има придонес кон стекнување на нови знаења и искуства. Со тоа се постигнуваат и други резултати, односно, организациски способности, учење на тоа како технички и организаторски се реализира настан од областа на култура итн.

<u>За реализирање на вакви проекти е предвидено:</u>
- Учество на настани на аматерски музички групи
- Театар на аматери
- Учество во проекти на здруженија на граѓани
- Учество во разни работилници во областа на културата

**•Соработка**

За да се овозможи реализација на сите замислени програмски содржини ОУК Дом на Млади ќе ја продолжи соработката со различни институции, установи, организации и граѓански здруженија, но главната цел за 2025 е да воспостави нови контакти во Македонија и странство, со цел соработка и поддршка на различни проекти поврзани со развојот на културата и развојот на младите.
- Оддржување на старите контакти
- Организирање на промоции и отстапување на простор за индивидуално и групно усовршување
- Организација на специјални работилници и трибини за млади уметници
- Развивање на соработка со институции на национално ниво
- Соработка со Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
- Развивиање соработка со бизнис секторот
- Поддршка на уметници од различни области

**•Промоција**

Дом на млади е иницијатор и креатор во областа на културата и уметноста во град Штип. Во таа функција ќе се превземат следните активности:
- Афирмирање на историската архива на ДНМ, како и печатење на истата со која би направиле галерија на влезот во објектот
- Постоечкиот ИТ тим ентузијасти да продолжи да ја уредува веб страната
- Организирање на прес конференции за информирање преку локални и национални медиуми, но и информирање преку социјални мрежи бидејки тоа е најдостапно за сите.

**•Инфраструктура**

Внатрешно уредување

Како целина просторот е модернизиран и уреден, и се потребни минимални зафати и набавки за да добие уште по современ иглед како мултифункционален објект во кој се оддржуваат различни настани (концерти, кино, театар, изложби...)

Предвидено е да се реализира:
- Поставување на подвижна бина во големата сала
- Поврзување со вода во големата сала
- Естетско разубавување на двете сали
- Набавка на нов дополнителен инвентар (секоја година минимално се дополнува инвентарот во зависност од расположливиот буџет)

Надворешно уредување

- Дополнување на веќе постоечкото лед светло за обележување на летната тераса
- Поставување на сценска опрема во „чародорт“
- Бетонирање на простор за поставување на подвижна бина на малата летна сцена во ОУК Дом на млади.

Техничка опременост

Техничката опременост на ОУК Дом на млади е ставка која е клучна за непречено и самостојно оддржување на настани. Бидејки ОУК Дом на млади не поседува доволен број на светлечки тела и озвучување за да функционира самостојно, а во зависност од расположливите средства, предвидено е:

- Дополнување на постоечките светлечки КОНЦЕРТНИ светла, со нови
- Два аудио засилувачи
- Поставување на РАМПА на надворешниот простор (под чадорот) каде ќе може да се постави озвучување и концертна опрема (светла итн.)
- Компјутерска опрема

| | | | | Дом на млади | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Наменски дотации 903 | | Наменски дотации 603 | | Самофинансирачки активности | | Вкупно | |
| | ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2024 | План јануари-декември | Реализирано јануари-декември | План јануари-декември | Реализирано јануари-декември | План јануари-декември | Реализирано јануари-декември | План јануари-декември | Реализирано јануари-декември |
| | | | | | | | | | |
| | **Севкупно Прилог 6 :** | **5.315.048** | **0** | **0** | **0** | **120.000** | **0** | **12.000** | **0** |
| | **Вкупно Расходи :** | **1.210.000** | **0** | **845.000** | **0** | **3.796.000** | **0** | **4.741.000** | **0** |
| | **Севкупно Расходи :** | **6.525.048** | **0** | **845.000** | **0** | **3.796.000** | **0** | **4.753.000** | **0** |
| | **Севкупно Приходи :** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | | | | | | | | | |
| **401** | **Основни плати** | **3.771.756** | **0** | **0** | **0** | **12.000** | **0** | **12.000** | **0** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 3.466.620 | | | | | | **0** | **0** |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 296.136 | | | | | | **0** | **0** |
| 401320 | Персонален данок од мадоместоци | 9.000 | | | | 12.000 | | | |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **1.463.292** | **0** | **0** | **0** | | **0** | **0** | **0** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 982.500 | | | | | | **0** | **0** |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 391.944 | | | | | | **0** | **0** |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 26.136 | | | | | | **0** | **0** |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 62.712 | | | | | | **0** | **0** |
| **403** | **Останати придонеси од плати** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 403110 | Останати придонеси | | | | | | | **0** | **0** |
| **404** | **Надоместоци** | **80.000** | | | | **108.000** | | | |
| 404110 | надомест за годишен одмор | 80.000 | | | | 108.000 | | | |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **6.000** | **0** | **10.000** | **0** | **20.000** | **0** | **30.000** | **0** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | | | | | | | **0** | **0** |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 6.000 | | 10.000 | | 20.000 | | **30.000** | **0** |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **200.000** | **0** | **350.000** | **0** | **100.000** | **0** | **450.000** | **0** |
| 421110 | Електрична енергија | 120.000 | | 155.000 | | 30.000 | | **185.000** | **0** |
| 421120 | Водовод и канализација | 70.000 | | 80.000 | | 15.000 | | **95.000** | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 421130 | Ѓубретарина | | | | | | | **0** | **0** |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | | | | | | | **0** | **0** |
| 421290 | Други материјали за греење | | | 100.000 | | 50.000 | | **150.000** | **0** |
| 421310 | Пошта | | | | | 5.000 | | **5.000** | **0** |
| 421320 | Телефон и телефакс | 10.000 | | 15.000 | | | | **15.000** | **0** |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | | | | | | | **0** | **0** |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **110.000** | **0** | **70.000** | **0** | **175.000** | **0** | **245.000** | **0** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 20.000 | | 15.000 | | 5.000 | | **20.000** | **0** |
| 423620 | Училишни материјали | | | | | | | **0** | **0** |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 20.000 | | 15.000 | | 10.000 | | **25.000** | **0** |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 30.000 | | 20.000 | | 80.000 | | **100.000** | **0** |
| 423990 | Други материјали | 40.000 | | 20.000 | | 80.000 | | **100.000** | **0** |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **425** | **Договорни услуги** | **224.000** | **0** | **355.000** | **0** | **1.770.000** | **0** | **2.125.000** | **0** |
| 425140 | Изнајмување на канцелариска опрема | 40.000 | | 20.000 | | 30.000 | | **50.000** | **0** |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | | | 70.000 | 0 | 70.000 | | **140.000** | **0** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 10.000 | | | | 10.000 | | **10.000** | **0** |
| 425290 | Други финансиски услуги | | | | | | | | |
| 425310 | Правни услуги | | | 15.000 | | 10.000 | | | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | | | | | 50.000 | | **50.000** | **0** |
| 425990 | Други договорни услуги | 174.000 | | 250.000 | | 1.600.000 | | **1.850.000** | **0** |
| **426** | **Други тековни расходи** | **200.000** | **0** | **60.000** | **0** | **870.000** | **0** | **930.000** | **0** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 30.000 | | 10.000 | 0 | 50.000 | | **60.000** | **0** |
| 426310 | Семинари и обуки | 15.000 | | 15.000 | | 20.000 | | | |
| 426410 | Објавување на огласи | 15.000 | | | | | | **0** | **0** |
| 426990 | Други оперативни расходи | 140.000 | | 35.000 | | 800.000 | | **835.000** | **0** |
| **464** | **Разни трансфери** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **200.000** | **0** | **200.000** | **0** |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | | | | | | | **0** | **0** |
| 464990 | Други трансфери | 200.000 | | | | 200.000 | | **200.000** | **0** |
| **471** | **Социјални надоместоци** | **70.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **400.000** | **0** | **400.000** | **0** |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | | | | | | | **0** | **0** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | | | 0 | | 200.000 | | **200.000** | **0** |
| 480160 | Купување на опрема за греење и климатизација | | | | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | 200.000 | | | | 200.000 | | **200.000** | **0** |
| **481** | **Градежни објекти** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 481110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на станбени објекти | | | | | | | **0** | **0** |
| 481230 | Реконструкција на деловни објекти | | | | | | | **0** | **0** |
| **482** | **Други градежни објекти** | **0** | **0** | **0** | **0** | **61.000** | **0** | **61.000** | **0** |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | | | 0 | 0 | 61.000 | | | |
| **483** | **Купување на мебел** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** | **0** | **300.000** | **0** |
| 483190 | Купување на друг мебел | | | | | | | **0** | **0** |
| 483290 | Купување на друга опрема | | | | | 300.000 | | | |
| **485** | **Вложувања и нефинансиски средства** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Севкупно Приходи :** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **721** | **Претприемачки приход и приход од имот** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 721319 | Други приходи на имот | | | | | | | **0** | **0** |
| **723** | **Такси и надоместоци** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 723411 | Членарини во институции во областа на културата | | | | | | | **0** | **0** |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | | | | | | | **0** | **0** |
| 723511 | Услуги од кафетерии и ресторани | | | | | | | **0** | **0** |
| 723913 | Закупнина од опрема | | | | | | | **0** | **0** |
| **725** | **Други неданочни приходи** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 725939 | Останати неданочни приходи | | | | | | | **0** | **0** |
| 725941 | Приходи од минати години | | | | | | | **0** | **0** |
| **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | | | | | | | **0** | **0** |
| 741112 | Трансфери од Буџетот на РМ | | | | | | | **0** | **0** |

1121.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ЈП ,,ИСАР”–ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Програма за работа на ЈП ,,Исар” – Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8127/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1122.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 став 1 точка 14, 16, 17 и 18 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ЈП „ИСАР”-ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за работа на ЈП „Исар”-Штип за 2025 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 8127 /1
20 декември 2024година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

**ПРАВНА РАМКА:**

Јавното претпријатие за комунално - производни и услужни работи „Исар" е основано заради вршење на стопанска дејност од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните, правните лица и државните органи на територијата на Општина Штип.

- дата на основање: 11.03.1997год.
- адреса: ул.„Г.М.Апостолски" бр.37 Штип; Р. Македонија
- основач: Општина Штип
- број на вработени: 285

Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар" ги врши следниве основни дејности:

- Собирање, обработка и снабдување со вода
- Одведување на урбани отпадни води
- Собирање на безопасен отпад
- Обработка и одстранување на безопасен отпад
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина
- Погребни и слични дејности
- Други неспомнати дејности

Дејности кои се вршат преку песебни Сектори и одделенија :

1. **Сектор „Водовод и канализацијата"**
- Одделение Водовод
- Одделение Фабрика за вода
- Одделение за експлоатација на капацитети
- Оддел Бања „Кежовица“

2. **Сектор „Комунална хигиена"**
- Одделение за јавна комунална хигена
- Оддел за износ на смет
- Оддел за јавна чистота
- Оддел за селекција на отпад
- Оддделение градски гробишта

3. **Сектор „Паркови и зеленило"**
- Одделение за подигање на зеленило

| 1. | Машинско косење на разделно зеленило и кружен тек на бул Партизанска 8м*4=32*6000 $м^2$ = 192.000 $м^2$ * 3 ден | 576,000,00 |
| 2. | Гребулење , собирање на утовар на искосена трава 8 м * 4 = 32* 6000 $м^2$ = 192.000 м2* 0.6 ден | 115.200,00 |
| 3. | Транспорт на искосена трева со трактор до 5 км 8м * 4 тури = 32 * 960ден. | 30,720,00 |
| 4. | Наводнување на разделно зеленило и кружен тек на бул Партизанска 8м*20=160*6000м2=720.000м2*0,95 | 684,000,00 |
| 5. | Садење на цветен насад 5.000 броја * 30 ден. | 150.000,00 |
| | **Вкупно ден :** | **1.555,920,00** |

| **СЕ ВКУПНО:** | **13,924,400,00** |
|---|---|

**Програма за одржување на градскиот стадион на Ф.К.Брегалница и спортски игралишта за 2025 година**

Вкупната површина на градскиот стадион на Ф.К. Брегалница изнесува 14.000 $м^2$, од кои: 8.000$м^2$ главен терен; 3.000$м^2$ помошен терен и околно зеленило 3.000м2. Во текот на целата година според календарот за работа ќе се врши редовно косење, собирање утовар и транспорт на искосената трева, наводнување, валирање, ѓубрење, третирање со хемиски препарати, сеење со тревно семе, метење трибини, одбележување на теренот, поставување на мрежи на головите, одржување на соблекувалните.

**С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А**

**На трошоци за одржување на градскиот стадион на Ф.К. Брегалница**

**Планирани средства од Буџетот на СО Штип**

| **р.бр.** | **Опис на активноста** | **Износ денари** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Наводнување :<br>Главен терен : 8м * 24 = 192 * 8.000м $^2$= 1.536.000 м $^2$ * 0.95 ден.<br>Помошни терени: 8м * 24 = 192 *3 .000м $^2$= 576,000м $^2$ * 0.95 ден. | 1,459,000,00<br>547,200,00 |
| 2. | Машинско косење :<br>Главен терен 8м * 8 = 64 * 8.000м $^2$ = 512.000м $^2$ * 3,0 ден.<br>Помошни терени 8м * 6 = 48 * 3.000м $^2$= 144.000м $^2$ * 3,0 ден<br>Зелена површина околу двата терена 8м*4=32*3000м2=96.000м2*3,0 | 1.536.000,00<br>432.000,00<br>288,000,00 |
| 3. | Собирање и утовар на искосна трева (Главен, помошни терени иоколу двата терени ) 752,000м²*0,60<br>Транспорт на искосена трева со трактор 50тури * 960.00 ден. | 451,200,00<br>49.000,00 |
| 4. | Валирање:главен и помошен терен<br>8 м * 4 = 32 * 11.000м $^2$ =352.000 м $^2$ * 0.25 ден. | 88.000,00 |
| 5. | Ѓубрење со НПК 2000 кг. * 40,00 ден. | 80.000,00 |
| 6. | Губрење со Шалитра 1500 кг.* 40,00 ден. | 60.000,00 |
| 7. | Губрење со Арско губре 20м3 * 700,00 ден. | 14.000,00 |
| 8. | Ѓубрење со Уреа 200 кг. * 40,00 ден. | 8.000,00 |
| 9. | Сеење со тревно семе 700 кг * 300.00 ден. | 210.000,00 |
| 10. | Метење на трибини :<br>8м * 8= 64 * 2.000м $^2$= 128.000м $^2$ * 0.37 ден. | 47,360,00 |
| 11. | Одбележување на стадион со поликолор<br>30бр. * 1000,00 ден. | 30.000,00 |
| 12. | Третирање со хемиски препарати | 80.000,00 |
| 13. | Резервни делови за одржување на систем за наводнување, водоводна и канализациона мрежа во објектот | 120.000,00 |
| | **Вкупно денари:** | **5,310,760,00** |

**С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А**
**на трошоци за одржување на фудбалски игралишта**
**Балканска - 6.500м², Брегалничка - 6.000м², Три Чешми 9,200м2**

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Машинско косење:<br>8 м * 2 = 16 * 21.700 м $^2$= 347,200м $^2$ * 3 ден. | 1,416,000,00 |
| 2. | Собирање и утовар на искосна трева<br>8м*2=16*21.700м2=347,200м2*0,6 | 208,320,00 |
| 3. | Валирање на терен<br>5 м * 1 = 5 * 21..700 м $^2$=108,500м $^2$ * 0.25 ден. | 27.125,00 |
| 4. | Поликолор за одбележување на теренот<br>5м*1=5*1000ден | 5.000,00 |
| | **Вкупно денари:** | **1,656,445,00** |

**С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А**
**на трошоци за одржување на спортско игралиште Суитлак - 8000 м $^2$**

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Наводнување :<br>8м * 20 =160 * 8.000 м $^2$= 1.280.000м $^2$ * 0.95ден. | 1,216,000,00 |
| 2. | Машинско косење :<br>8 м *4 = 32 * 8 .000м $^2$= 256.000м $^2$ * 3,0 ден. | 768,000,00 |
| 3. | 3.1.1.1 Собирање и утовар на искосена трева<br>3.1.1.2 8м*4=32*8,000м2=256,000м2*0,6 ден | 3.1.1.3 153.<br>600,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Валирање:<br>8 м * 4 = 32 * 8.000м$^2$= 256.000м$^2$ * 0.25 ден. | 64.000,00 |
| 5. | Ѓубрење со НПК 500 кг. * 40,00 ден.<br>Ѓубрење со Уреа 100 кг. * 40,00 ден.<br>Ѓубрење со Шалитра 500 кг. * 40,00 ден.<br>Арско ѓубре 20 м$^3$ * 700,00 ден. | 20.000,00<br>4.000,00<br>20.000,00<br>14.000,00 |
| 6. | Сеење со тревно семе: 500 кг *300.00 ден. | 150.000,00 |
| 7. | Одбележување на стадион со поликолор<br>10 бр. * 1000,00 ден. | 10.000,00 |
| 8. | Третирање со хемиски препарати | 50.000,00 |
| 9. | Набавка,транспорт и набивање на сепариран песок<br>40 м$^3$ * 2200,00 ден. | 88.000,00 |
| 10. | Резервни делови за одржување на пумпа за наводнување, и на водоводна и канализациона мрежа во соблекувалната | 100.000,00 |
| | **Вкупно денари :** | **2.657,600,00** |

**С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А**
**на трошоци за косење на зелените површини на градски гробишта и гробишта во МЗ Чардаклија, Караорман и Три Чешми**

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Машинско косење:<br>6 м * 1 =6 * 42.000 м$^2$=252.000м$^2$ *5,0 ден. | 1,260,000,00 |
| 2. | 3.1.1.4 Собирање и утовар на искосена трева<br>6м*1 =6*42.000м2=252.000м2*0.6 ден | 151,200,00 |
| 3. | Транспорт на искосена трава со трактор<br>12 тури * 960 ден | 11,520,00 |
| | | |
| **Вкупно:** | | **1,422,720,00** |

| | |
|---|---|
| **СЕ ВКУПНО:** | **11,047,525,00** |

**Се вкупно: 137,700м$^2$ со вкупен износ од 23,415,220 ден**

Програмата одржување на стадиони ,спортски игралишта, градски гробишта и останатите гробишта ќе се финансира од сопствени средства и средства од Буџетот на СО Штип.

Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП „Исар” - Сектор „Паркови и зеленило“.

**Програма за планирани вонредни активности**

Формирање на нови зелени површини , поставување на нови системи за наводнување на постоечките и на ново формираните паркови површини, косење на зелени површини околу станбени објекти и жардињерко уредување на булеварите.

Формирање на 15.000м$^2$ нови зелени површини или обновување на постоечки на следните локации: Кружен тек Пролече 80 м2, Разделно зеленило и кружен

тек на Бул Партизанска 6 000 м2, Паркова површинаво нас Сењак на КП 3970 КО Штип 3 2000м2 и други накнадни површини кои вклучуваат:

1. Подготвителни работи: расчистување на терен, ископ, демонтажа на постоечка опрема и сл.
2. Формирање на зелени површни: сеење на трева, садење на високостеблести листопадни и зимзелени дрвја, садење на грмушки, украсно цвеќе и поставување на украсен камен.
3. Поставување на системи за наводнување во сите реони и зелената површина на река Отиња опфатени со програмата : прскалки, црева, вентили и додатни елементи.
4. Косење на зелените површини околу станбените објекти.
5. Жардињерско уредување на Бул Партизанска и Бул Гоце Делчев

| | |
|---|---|
| **Вкупна вредност на предвидените активности** | **5.000.000,00** |

- Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП „Исар” - Сектор „Паркови и Зеленило” со претходно одобрена понуда.
- Цените на услугите ќе бидат во согласност со цените добиени при тендрески постапки и во согласност со утврден ценовник на ЈП „Исар“

**П Р Е Г Л Е Д**

**на планирани приходи и расходи**

| **Приходи** | **Износ во денари** | | **Расходи** | **Износ во денари** |
|---|---|---|---|---|
| Прих.од зел.домакинства | 31,560,000.00 | | Потр.матер.и суров | 14,000,000.00 |
| Прих.од зел.претпријатија | 15,936,000.00 | | Потр.елек.енерг | 800,000.00 |
| **Вкупно** | 47,496,000.00 | | Потр. гориво | 800,000.00 |
| Други приходи | 300,000.00 | | Потр.делови | 1,000,000.00 |
| **Вкупно** | **47,796,000.00** | | Трошоци за услуги | 6,000,000.00 |
| **Средства од буџет од Општина** | | | Бруто плата | 21,000,000.00 |
| Одржување р.Отиња и Брегалница | 2,085,000.00 | | Амортизација | 1.000,000.00 |
| Одржување на ЗОО парк | 1,616,200.00 | | Др.трошоци | 1,500,000.00 |
| Одржување на разделно зеленило на Бул Партизанска | 1,555.920.00 | | Камата од кредит | 13,000,000.00 |
| Одржување на стадиони и спортски игралишта | 4,700,000.00 | | | |

| | |
|---|---|
| Формирање на нови зелени површини,поставувањена нови системи за наводнување на постоечките и на новоформираните паркови површини, косење на зелен.површ.околу стамб.објекти и жардинерско уред.на булеварите | 5,000,000.00 |
| **Вкупно** | **14,957,120.00** |
| **Вкупно** | **62,753,120.00** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **59,100,000.00** |

Предвидената програма ке се финансира од следните извори - сопствени средства , буџетски средства, донации.
Повлекување на средствата од Буџетот на СО Штип ке се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП Исар - Сектор “Паркови и зеленило “

## ПРОГРАМА
## за работа за 2025 година на
## „Градски Пазари”

Одделението Градски пазари врши редовно одржување на градскиот пазар и стариот пазар, наплата на пазарните услуги, пазарни такси, резервација за тезги за продавање на разновидна стока, одржување на хигиената на пазарот, одржување на објектите, поправка на тезги, огради, уредување на зелени површини во кругот на пазарот.

Во текот на 2025 г. се планирани следниве активности:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на санитарни јазли - 75м² | 200.000,00 |
| 2. | Осветлување на плато 3 (три) | 600.000,00 |
| 3. | Поставување на видео надзор во пазарот | 150.000,00 |
| | Вкупно | **950.000,00** |

Наведените активности се планира да се финансираат од следниве извори:
- сопствени извори
- други извори

## П Р Е Г Л Е Д
## на планирани приходи и расходи

| **Приходи** | ***3.1.1.4.1*** *И* *знос* |
|---|---|
| Прих.од паз.такса | 600.000,00 |
| Прих. од резервација | 3.500.000,00 |

| **Расходи** | **Износ** |
|---|---|
| Потр.матер.и суро. | 50.000,00 |
| Потр.елект.енерг. | 400.000,00 |

| | |
|---|---|
| Приходи од закупнина | 1.200.000,00 |
| **Вкупно** | **5.300.000,00** |

| | |
|---|---|
| Трошоци за услуги | 50.000,00 |
| Амортизација | 630.000,00 |
| Бруто плати | 2.000.000,00 |
| Други трошоци | 200.000,00 |
| **Вкупно** | **3.330.000,00** |

**ПРОГРАМА**
**за работа за 2025год. на**
**„Бања Кежовица"**

Одделот „Бања Кежовица" во рамките на своите активности ги врши следниве основни дејности:
- обезбедува услови за бањско капење на граѓаните
- ноќевање и престој на гости во сопствени сместувачки капацитети
- одржување на постојните објекти и дворната површина.

Во делот за бањско капење бањата располага со женски и машки општ дел со соблекувални и 15 посебни туш кабини и 3 кади. Сместувачкиот дел располага со 13 соби со вкупно 30 легла и општа кујна со трапезарија. Објектот располага и со сопствена перална која се користат за сопствени потреби.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на планирани приходи и расходи**

| **Приходи** | 3.1.1.4.1.1.1 знос |
|---|---|
| Приходи од такса и билети | 1.800.000,00 |
| Приходи од ноќевање | 1.000.000,00 |
| Вкупно: | **2. 800.000,00** |

| **3.1.1.4.1.2 Расходи** | **Износ** |
|---|---|
| Потрошен материјал и суровини | 150.000,00 |
| Потр. елект. енрг. | 1.000.000,00 |
| Трошоци за рез. делови | 150.000,00 |
| Трошоци за услуги | 50.000,00 |
| Амортизација | 700.000,00 |
| Бруто плата | 2.500.000,00 |
| Други трошоци | 300.000,00 |
| Вкупно | **4.850.000,00** |

Предвидената програма ќе се финансира од сопствени извори

**ПРОГРАМА**
**за одржување на гробишта за 2025 година**

Одржувањето на гробиштата ЈП „Исар" - Штип го врши преку **Одделението Градски гробишта**.
Во текот на 2025 год. во градските гробишта се планирани следните активности:
**Реконструкција и одржување на гробиштата:**

| **р.бр.** | **Опис на активноста** | **мера** | **кол.** | **Ед.цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување на јавната чистота 12мх12.000м²х7дена | $м^2$ | 1.152.000 | 0,37 | 426.240,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Одржување на зелени површини 10.000x8x1 косење со тример, | $м^2$ $м^2$ | 80.000 | 5,00 | 400.000,00 |
| | собирање на искосена трева | $м^2$ | 80.000 | 0,60 | 48.000,00 |
| | Утовар и транспорт на искосена трева. | бр | 24 | 960,00 | 23.040,00 |
| | Кроење на грмушки 1000бр.x 3 | бр | 3000 | 100,00 | 300.000,00 |
| 2. | Изградба на нови зелени површини со поставување на корпи за отпадоци, контејнери. | $м^2$ | 300 | 500 | 150.000,00 |
| 3. | Поставување на влезни врати | бр | 5 | 10000 | 50.000,00 |
| 4. | Поставување на двокрилна влезна врата (алуминиумска) за капелата | бр | 2 | 60000 | 120.000,00 |
| **5.** | Телескопска пила | бр | 1 | 45000 | 45.000,00 |
| | **Вкупно:** | | | | **1.562.280,00** |

### Изградба на нови гробни парцели

| **р.бр.** | **Опис на активноста** | **мера** | **кол.** | **Ед.цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на пристапни патеки низ гробиштата – (ископ, поставување на шљунак, бетонирање д=12см | $м^2$ | 500 | 1.800 | 900.000,00 |
| 2. | Изведба на бетонски гробници | бр. | 250 | 15.700 | 3.925.000,00 |
| | **Вкупно:** | | | | **4.887.280,00** |

Одржување на капелата и пропратни објекти:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување | **500.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Сè вкупно:** | **6.887.280,00** |

## Планирани приходи

| р.бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Прих.од влез на оператори на погр. услуги | 600.000,00 |
| 2. | Приходи од ладилник и капела | 850.000,00 |
| 3. | Приход од издавање на протокол за регулациона, градежна и нивелациона линија | 1.100.000,00 |
| 4. | Приход од такса за споменик | 890.000,00 |
| 5. | Приходи од бетонска гробница | 1.200.000,00 |
| 6. | Приходи од гробна такса гробарина | 2.500.000,00 |
| 7. | Приходи од закупнина | 134.000,00 |
| | **Вкупно** | **7.274.000,00** |

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАПЛАТА

**Одделението за наплата** во 2025 год. ќе продолжи во континуитет да ги извршува следниве работни задачи:
- Редовно читање и проверка на водомерите од страна на реонските инкасатори.
- Редовно изготвување на месечните сметки за корисниците на услугите.
- Постојана комуникација и соработка со корисниците на услугите.
- Редовна наплата на месечните сметки,преку реонските инкасатори, преку наплатни центри во градот (Центар, Сењак, Градски Пазар) и Електронско плаќање преку web страна.
- Редовно изготвување на опомени пред тужби и решенија за исклучување од водоводната мрежа на корисниците кои нередовно ги плакаат сметките.
- Изготвување и достава до Правната служба на прегледи на корисниците кои нередовно ги плакаат сметките заради утужување.

- Склучување на Договори за водоснабдување, одведување на отпадни води, собирање, транспортирање и депонирање на отпад со сите корисници, договори за одржување на гробно место.
- Одделението за контрола на корисниците на услугите редовно ке ги контролира водомерите како и површините на објектите.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Имајќи во предвид дека ЈП „Исар" врши дејности од јавен интерес за граѓаните во текот на 2025г. ќе продолжи со работа ИНФО Центарот каде граѓаните ќе можат да ги достават сите свои барања, да ги добијат потребните информации и да остварат непосредни контакти со раководителите.

Со цел навремено и реално информирање на граѓаните за дневните активности на ЈП „Исар" како и воведување на транспарентност во работењето во текот на 2025г. ќе продолжи да се одржувааат web страната на Јавното Претпријатие **www.jpisar.com.mk** како и **facebook** страната, а непосредни контакти граѓаните може да остварат на е-маил адресата на ЈП „Исар" **info@jpisar.com.mk**.

1123.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за одржување на јавната чистота во Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8128/2
20 декември 2024 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1124.

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ број 111/08, 111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и („Службен весник на РСМ“ број 122/21), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 14/08 и 03/09) и член 21 став 1 точка 15 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општината Штип, на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА
ВО ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Под поимот одржување на јавната чистота се подразбира :

- Чистење (миење и метење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти.
- Чистење на снег во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота претставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини. За реализирање на овие активности ЈП „Исар” изготви годишна програма одржување на јавната чистота за 2025 г.

Со програма за одржување на јавната чистота за 2025 г. се утврдени: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства за вршење на работите, временските рокови за извршување на работите, динамиката и

начин на вршење на работите, како и поставување на корпи за отпадоци на јавните површини.

**ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ:**

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањето на чистотата на јавните површини како клучни фактори се земени:
- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини ( категоризацијата)
- Димензиите, типот и формата на јавните површини (големина)
- Начинот на одржување на јавната чистота
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата.

**Потекло и вид на сметот на јавните површини**

Под поимот смет се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржувањето на јавната чистота.
Под поимот собирање смет се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување во садови за смет.
Според начинот на живеење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:
- Густината на населеност
- Градскиот сообраќај
- Станбениот простор
- Културните навики на населението
- Стандардот
- Самодисциплината на граѓаните
- Придржување на позитивните прописи
Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите.
**1.1. Секојдневен смет:**
а) Отпадоци од возила кој настануваат при:
- при превоз на разновиден материјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал)
- при товарање и растоварање на разни стоки
- при собирање на домашен смет
- при косење на тревни површини
в) Загадувања од атмосферата
- загадување од чад, прав
- индустриски очаци
- гасовите од моторните возила
г) При интензивно врнење на дождови
- наноси од земја, песок, лисја и др.

**1.2. Сезонски смет**
Се појавува сезонски и обично го има два вида
- лисја од дрвата, суви гранки и слично
- песок, згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на клизавоста кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

**ДИНАМИКА, НАЧИН И ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ:**

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини. Категоризацијата на јавните површини зависи од: населеноста на градот, распоредот на работните и станбените објекти, интензитетот на сообраќајот.
Имајќи го во предвид искуството од претходните години ја предлагаме следнава категоризација:

**I. Категорија:**
Јавни сообраќајни површини во центарот на градот и трговскиот дел на градот каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење.
Обем на работа: комбинирано рачно и машинско метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо .
Работите од оваа категорија ќе се изведуваат секој ден во годината дење или ноќе во зависност од временските услови и обемот на работата,со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.
**II. Категорија:**
Јавни сообраќајни површини во градот и трговскиот дел на градот каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење.
Обем на работа: комбинирано рачно и машинско метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо.
Работите ќе се изведуваат секој работен ден во годината освен во Недела и државни празници, со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.
**III. Категорија:**
Густо населени улици и населби со послаб градски промет и луѓе.
Обем на работите: рачно метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо.
Работите ќе се изведуваат еднаш во неделата.
**IV. Категорија:**
Густо населени улици и населби со послаб градски промет и луѓе.
Обем на работите: рачно метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо.
Работите ќе се изведуваат еднаш месечно.

**V. Категорија:**

Миењето на јавните површини се врши рачно со црево. Работата се извршува најмалку еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

**VI. Категорија:**

Во оваа категорија спаѓа: изнесувањето на песок, камен ,кал, лисја по поројни дождови.

**VII. Категорија:**

Чистење на снег од јавните површини на Категорија I

Снегот и мразот од тротоарите се собира на рабовите на тротоарот, а ако тротоарите се потесни од 1,5м на работ од коловозот при што се внимава да не се затрупуваат сливниците и да не се нарушува движењето на возилата и пешаците. Остранувањето на складираниот снег и мраз ЈП „Исар" ќе го врши со сопствена механизација.

Работниците кој ја одржуваат чистотата на јавните површини ќе работат во центарот на градот (улици предвидени во категорија I) и ќе ги извршуваат следниве работи:

- Отварање на пешачки премини
- Отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците
- Целосни чистењеа на мостовите
- Чистење и празнење на уличните корпи

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е во надлежност на сопствениците или корисниците на објектите.

**Повремени работи:**

Како повремени работи се јавуваат пречистување на јавните површини по барање на органите на Општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирање на смет после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната манифестација и др. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во Програмата за одржување на јавната чистота за 2024г. не се предвидени следниве активности:

- Одржување на површини на отворените простории на јавните објекти и на дворните површини на колктивните и индивидуалните објекти.
- Расчистување на диви депонии
- Слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќај.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на годишен физички обем за одржување на јавната чисота на Јавно прометните површини во 2025 г.**

| р.бр | Категорија | Опис на работа | Површина $м^2$ | Денови | Годишна површина |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Категорија I | Метење на јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо секој ден. | 50.550 | 365 | 18.450.750 |
| 2. | Категорија II | Метење на јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо секој работен ден во годината освен во Недела и државни празници. | 175.490 | 296 | 51.945.040 |
| 3. | Категорија III | Метење на јавна површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо еднаш во неделата. | 38.260 | 48 | 1.836.480 |
| 4. | Категорија IV | Метење на јавна површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо еднаш месечно. | 22.350 | 12 | 268.200 |
| 5. | Категорија V | Рачно миење со црево еднаш месечно 7 пати во годината | 130.150 | 7 | 911.050 |
| 6. | Категорија VI | Чистење на снег од јавните површини | 7.400 | 10 | 74.000 |

| **р.бр.** | **динамика на интервенции** | **бр.на вработени** | **цена м²** |
|---|---|---|---|
| 1. | Метење секој работен ден | 10 | 0,37 |
| 2. | Метење секој работен ден освен Недела и за време на празник | 15 | 0,37 |
| 3. | Метење еднаш во неделата | 3 | 0,40 |
| 4. | Метење еднаш во месецот | 3 | 0,42 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.** | Машинско метење | 4-машини | 0,22 |

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ:**
**ПРЕСМЕТКА**
**за потребните финансиски средства за спроведување на предложената програма за одржување на јавната чистота за 2024 година**

| р.бр | Позиција на работа | е.мера | количина | ед. цена | износ во ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење секој ден – рачно | $м^2$ | 9.225.375 | 0.37 | 3.413.388 |
| 2 | Метење секој ден – машински | $м^2$ | 9.225.375 | 0.22 | 2.029.582 |
| 3 | Метење секој работен ден освен во Недела и државни празници – рачно | $м^2$ | 25.972.520 | 0.37 | 9.609.832 |
| 4 | Метење секој работен ден освен во Недела и државни празници – машински | $м^2$ | 25.972.520 | 0.22 | 5.713.954 |
| 5 | Метење еднаш во неделата – рачно | $м^2$ | 1.836.480 | 0.40 | 734.592 |
| 6 | Метење еднаш месечно – рачно | $м^2$ | 268.200 | 0.42 | 112.644 |
| 7 | Рачно миење на улиците со црево еднаш месечно 7 пати во годината ( во летниот период) | тура | 800 | 4.544 | 3.635.200 |
| 8 | Изнесување на земја, камен, кал и шут по пороен дожд | тура тракторска | 200 | 1.136 | 227.200 |
| 9 | Чистење на снег од јавните површини | $м^2$ | 74.000 | 7.34 | 543.160 |
| | **ВКУПНО** | | | | **26.019.552** |

**Планирани набавки за 2025 година**

| р.бр | Опис | Количина | Ед.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Рачни колички за отпад | 30 | 2.900 | 29.000 |
| 2. | Лопати | 50 | 460 | 9.200 |
| 3 | Копачи | 20 | 860 | 17.200 |
| 4 | Лопата за снег | 20 | 600 | 12.000 |
| 2. | Набавка на корпи за отпадоци | 100 | 3.000 | 300.000 |
| 3. | Набавка на метли | 8000 | 50 | 400.000 |
| 4. | ХТЗ опрема за вработени | 19 | 4095 | 77.805 |
| 5. | Резервни делови за машина за метење | | | 500.000 |
| 6. | Гориво | | | 300.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Дувалка за лисја | 4 | 20.000 | 80.000 |
| 8. | Гребли | 30 | 290 | 8,700 |
| | ВКУПНО | | | **1.733.905** |

**Преглед**
**на непосредни извршители на програмата**

| ред.бр | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Предводник за одделение за јавна чистота | 1 |
| 2. | Контролор за одржување на јавна чистота | 3 |
| 3. | Одржувачи на Јавно прометни површини | 20 |
| 4. | Возач на мала метачка | 2 |
| | Вкупно: | 26 |

**Планирани приходи:**

| | |
|---|---|
| 1.Домаќинства<br>-Станбена површина 16.970.000м²x 0,50 | 8.485,000 |
| -дворна површина 11.000.000 м² x 0.06 | 660.000 |
| 2.Претпријатија<br>-Работни простории 6.924.000м² x 1,20 | 8.308.800 |
| -Дворна површина 6.450.000 м² x 0,30 | 1.935.000 |
| **ВКУПНО:** | **19.388.800,00** |

Наплатата на надометокот за одржување на јавната чистота ЈП „Исар" ќе ја врши со доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад. Надоместокот за одржување на јавната чистота на сметката ќе се прикажува одвоено. Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот и се користат за финансирање на ова програма.На месечно ниво ЈП Исар ке доставува до Општина Штип информација за вкупно наплатени средства врз основа на фактурирани побарувања за јавна чистота..

Разликата од наплатените до потребните средства за реализација на програмата, ке бидат на терет на буџетот на Општината, а во зависност од расположливи средства.

Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП „Исар" - Сектор „Комунална хигиена".

**Одржување на јавни санитарни јазли**

Од 2024 г. ЈП „Исар” врши одржување на јавни санитарни јазли поставени на следниве локации: Парк „Безистен”, парк „8 Ноември”, парк „Баби” и парк „Сењак”

Одржувањето на јавните санитарни јазли опфаќа

- Одржување на хигена на објектот
- Одржување на исправноста на објектот

**Одржување на хигена на објектите**

| Р.бр. | | Количина - месеци | износ | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Бруто плата за еден вработен | 12 | 31.000,00 | 372.000,00 |
| 2. | Средства за одржување на хигена | 12 | 3.500,00 | 42.000,00 |
| | Вкупно | | | 414.000,00 |

**Одржување на објекти**

| Р.бр. | | Количина - месеци | износ | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Замена на славини и санитарни елементи (славина, шоља, казанче и др.) | 12 | 5,000,00 | 60.000,00 |
| | | | | |
| | **Се вкупно:** | | | **474.000,00** |

**Средствата за одржување на јавни санитарни јазли во висина од 474.000,00ден. ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Штип.**

Повлекувањето на средствата ќе се врши врз основа на врз основа на склучен договор со Општина Штип по месечни ситуации доставени од Сектор комунална хигена - Одделение јавна чистота.

За делот одржување на објектите цената е утврдена како цена на матерјалот по склучени договори со оператори и цена од 200ден/час за вградување на материјалот. Составен дел на месечната ситуација ќе биде и испратница за набавката на санитарниот елемент и налог за извршена работа.

Број 08 – 8128 /1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

1125.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за одржување на локални патишта и улици во Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8129/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1126.

Врз основа на член 14 став 4 и член 34 став 1 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 14/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и Службен весник на РСМ број 174/21) ,член 78 и 79 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 16/13, 15/21 и 07/21) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Штип, (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) на седницата одржана на ден 20 декември 2024 година донесе

ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА
ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

**1. ОПШТ ДЕЛ**

Програмата за одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2025 година е изготвена согласно реалните потреби за одржување на локалната патна мрежа и градските улици во Општина Штип и истата е проектирана во висина од 45.000.000 денари ,со можност за нејзино проширување.

## 2. ПЛАНИРАНИ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| Ред.бр. | Опис | Вкупно во денари |
|---|---|---|
| А. | **Извори на средства** | |
| 1. | Средства од Агенцијата за државни патишта | 7.000.000 |
| 2. | Средства од буџетот на Општина Штип | 38.000.000 |
| | **Се Вкупно** | **45.000.000** |

## 3. ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА ЗА АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ

| Ред.бр. | Опис | Вкупно во денари |
|---|---|---|
| Б. | **Редовно одржување на локалните патишта и улици:** | |
| 1. | 1.Крпење на ударни дупки со топла асфалтна маса<br>2.Крпење на ударни дупки со камена коцка<br>3.Крпење на ударни дупки со бетон<br>4.Обележување на хоризонтална сигнализација<br>5.Обележување на вертикална сигнализација<br>6.Одржување на семафорска сигнализација<br>7.Одржување (реконструкција) и чистење на атмосферската канализација (замена на улични сливници и тиролски решетки,поправка на ревизиони шахти)<br>8.Чистење на одрони и наноси<br>9. Чистење на отворени бетонски канали<br>10.Чистење на отворени земјани канали<br>11. Одржување и поствување на метални бетонски огради<br>12. Одржување и поправка на банкини, канали, канафки, потпорни и обложни ѕидови и заштита на косини со поставување на заштитна мрежа | 39.000.000 |
| В. | **Зимско одржување на локалните патишта и улици:** | |
| 2. | 1.Крпење на ударни дупки со топла асфалтна маса.<br>2.Набавка на абразивни средства (сол и сепариран песок).<br>3.Трошоци за механизација и работна рака на зимска служба. | 6.000.000 |
| | **Се Вкупно** | **45.000.000** |

Врз основа на претходно истакнатото и во зависност од приливот на средствата од Буџетот на Општина Штип, можни се измени и дополнувања на предвидените активности со оваа програма.

**4. Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Одделението за комунални дејности во Општина Штип, а реализацијата на истата ја врши ЈП Стипион 2011 Штип задолжен за одржување на сообраќајниците во Општина Штип.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина штип , а ќе се применува се до донесувањето на Програмата за одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2026 година.

Број 08 – 8129/1
20 декекмври 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1127.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ ЗА 2025/2026 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за одржување на локални патишта и улици во Општина Штип во зимски услови за 2025/2026 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8130/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1128.

Врз основа на член 14 став 4 и член 34 став 1 пд Закпнот за јавни патищта („Службен весник на РМ“ брпј 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 14/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ“ број 174/21), член 81 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/22) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ брпј 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА
ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025/2026 ГОДИНА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

**ОПШТ ДЕЛ**

Со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на улиците во град Штип, како и локалните патишта во Општина Штип, опфатени со Генералниот урбанистички план во зимски услови во сезоната 2025/2026 година.
Поради ефектното дејствување по Програмата треба да бидат земени во предвид следните работи и тоа:

**I. СТЕПЕН НА ПОДГОТВЕНОСТ**
**II. ПРИОРИТЕТ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ**
**III. УВИД И ИНФОРМИРАНОСТ**
**IV. УПОТРЕБА НА МЕХАНИЗАЦИЈА ;**
**V. УПОТРЕБА НА РАБОТНА РАКА**
**VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

**I. СТЕПЕН НА ПОДГОТВЕНОСТ**

Критериумот на степенот на подготвеност е настанатата временска ситуација која секојдневно се следи преку средствата за информирање.

Подготвеноста започнува на 5 ноември секоја календарска година, завршува на 15 март наредната година.

Степенот на подготвеност ќе го оценува Советот на Општината и Советот за безбедност на сообраќајот.

Според настанатата ситуација во тој период имаме три степени на подготвеност и тоа:

**<u>Прв степен</u>**

Календарски веќе е започната зимата, меѓутоа ситуацијата во секојдневниот сообраќај и комуникациите е нормална.

Во пунктот се е во исправна состојба, количеството на сол  и ситен песок е доволна, а расположивата механизација е исправна.

Потребната количина на сол е од 100 тона, а на ситен песок околу 250 м3, кои количества се доволни за потребите на градската улична мрежа и локални патишта во просечни зимски услови.

**Втор степен**

Настанува кога осетно се намалува температурата и се очекуваат врнежи од снег.

Се превземаат превентивни мерки за посипување на улиците од прв приоритет со сол.

Овој степен на подготвеност трае и со почнувањето на  врнежи од снег но истите се совладуваат со расположивата механизација опфатена со планот за дејствување.

**Трет  степен**

Настапува кога снежните врнежи и други појави не можат да се совладаат со расположивата механизација и луѓе опфатени со планот за дејствување.

Веќе се активира ДЗС и ЦУК и координирано се настапува во ублажувањето на временските прилики.

## II. ПРИОРИТЕТ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

Заради важноста на објектите од јавен интерес  и улиците што тие ги поврзуваат, се наметнува и приоритет на дејствувањето во зимски услови. Од тие причини, уличната мрежа и локалните патишта се рангираат според утврдениот приоритет по важност на објектите од јавен интерес , заради благовремена интервенција за ублажување на зимските прилики.

**А/  Прв приоритет**

Кога веќе зимските услови најавуваат загрозување на зимскиот сообраќај во зимскиот период се пристапува кон следното:

Превентивно посипување со сол за да се спречи појавата на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со редовното посипување со сол и песок се до нејзиното отстранување.

При интензивни врнежи од снег неминовно е негово отстранување од коловозот, со пренесување до најблиското корито на река Отиња или Брегалница.

Чистењето на коловозот се врши со широчина од 2,5 м. на една коловозна лента така да очистениот во двата правца изнесува 5,0 м.

Коловозот треба да е прооден за сообраќај до 5 часот наутро на улиците кои со Оперативниот план се ставени во прв приоритет, сообраќајот да се одвива со намалена брзина, согласно Законот за безбедност на сообраќајот и Законот за патишта.

Во првиот приоритет влегуваат објектите: Клиничка болница Штип, Клисура, УВР, Пожарна, Пекара на "Макпромет", Депонија, Филтер Станица и улиците:
"Партизанска", "Сремски Фронт", дел од улица "Борис Крајгер", "Сајбие Демир", дел од "Пиринска", "Сутјеска", "Гоце Делчев", "Железничка", "делот од "Железничка" до спојот со магистралниот пат Велес-Кочани", "Брегалничка", Камен мост на р. Брегалница (Мал одмор), Касарни, населба "Пребег", "Маршал Тито", "Ванчо Прке", "Михајло Апостолски", "Тодор Коларов", дел од ул. "Борко Талев", од почетокот до Стариот здравен дом, кеј "Димитар Влахов", излез Клисура, "Борис Кидрич", "Чатал", "Васил Главинов", "Христијан Карпош", "Јосиф Ковачев", населба "Дузлак", "Крушевска Република", "Лески", влез на "Баби 5", "Славчо Стојменски", "Панче Караѓозов" со вкупна должина од 30.00 км.

**Б/ Втор приоритет**

Ширината на исчистениот коловоз во еден правец да изнесува 2,0 м. во двата правца широчината на коловозот е 4,0 м. Исто така на секој 50-100 м. ќе се направи проширување за разминување на возилата.

Едносмерните улици се чистат во широчина од 2,5 м. на коловозната лента. Чистењето да се изврши најкасно за 8 часа од престанокот на врнежите.

Исчистениот коловоз треба да е подготвен за одвивање на сообраќајот со намалена брзина прилагодена според зинските услови на коловозот.. Повремено се врши посипување со сол заради појава на голомразица, а во колку таа настане се продолжува со посипување со сол и песок се до нејзиното отстранување.

Сообраќајот може да се прекине со координација на сообраќајната полиција, а возилата се упатат по други улици се до завршување со чистењето на критичното место.

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: "Вита Поп Јораданова", "Мирче Ацев", Медицинско училиште, дел од ул. "Љубен Иванов", "Тодор Коларов", покрај зидот на градска болница, "Васил Догаnџиски", дел од ул. "Борко Талев"(до дуќанчето), дел од ул."Јоаким Стојков", (до самопослугата) "Блок 77" главна улица,"Блок 85" (главна улица), "Сутјеска" до диспанзерот, ул. "Иван Рибар", ул. "Радански пат", "Еврејска", "Вардарска", "5-та Партиска Конференција", "Солидарност", "7-ми Конгрес", "Боро Арсов", "Булевар ЈНА" со вкупна должина од 12.10 км.

Во вториот приоритет влегува и локалната патна мрежа со користење на расположива механизација што е за градското подрачје само во случај истата да е слободна, без потреба за интервенција во градот и пристапите , во спротивно се активираат договорите и градежните оперативи, со кои истите се ангажирани за секој локален правец посебно со своја задача и оперативен план.

Должината на локалната патна мрежа која се одржува изнесува 32.10км.

**В/ Трет приоритет**

Во третиот приоритет влегуваат сите останати улици во градот каде пристапот на механизација е невозможен, истите ќе се чистат со интервенција на граѓаните со координација на урбаните и месните заедници.

## III. УВИД И ИНФОРМИРАНОСТ

### 1. Увид

Обиколката на теренот ќе се врши со патнички возила со кои располагаат групите што се вклучени во Зимската служба, во потешки случаи се користат услугите од Дирекцијата за заштита и спасување како и од Собрание на Општина Штип, а информациите ќе се примаат од истите групи како и од органите на СВР и Јавното претпријатие за подржување и заштита на регионални и магистрални патишта Скопје,подружница Штип. Увидот ќе биде поприсутен на локалната патна мрежа поради оддалеченоста и на патните правци, а во градското подрачје истото ќе го вршат одговорните лица на дадената смена. Истите лица задолжително од предходната смена ќе добиваат извештаи за состојбата и за ефектот на постигнатата работа записнички со прилог во дневник во координација со сообраќајната полиција.

### 2. Информираност

Од Оперативната група што е на терен и одговорните на групите што вршат увид на лице место а користејќи ги информациите од јавните средства за информирање како и службата на СВР преку врска се известува дежурниот во службата задолжен за прием и известување стациониран во просториите на

ЈП "Стипион 2011" Штип истовремено координира со ДЗС и ЦУК и за текот на работите ќе бидат известувани и органите за безбедност на сообраќајот за нивна евентуална интервенција како и АМСМ.

## IV. УПОТРЕБА НА МЕХАНИЗАЦИЈА

Во планот за зимско одржување ќе бидат опфатени најнеопходните машини со кои можат да се совладат временските неприлики во рамките на нормални зимски услови, во спротивно, за временски непогоди ќе се активира и дополнителна тешка механизација во координација со ДЗС и ЦУК.

За градското подрачје се ставени на располагање следните машини: Унимаг У90, ФАП-дуплак со плуг и соларка рег.бр.(шт-558-АЛ), ТАМ со плуг и соларка рег.бр.(шт-373-БД), универзална машина КАД Д – 428, универзална машина Волво, трактор со приколка со растурач на сол и песок, трактор за утовар и камион Мерцедес рег.бр.(шт-0148-АЦ), .

За ангажирање на градежната механизација од страна на други правни лица за потребите при совладување на временските неприлики во зимски услови, постигнати се договори за нивно учество со потребна механизација.

## V. УПОТРЕБА НА РАБОТНА РАКА

За градското подрачје ЈП "Стипион 2011" ќе ангажира пет возачи, по потреба општи работници и два раководители. Истите ќе влезат поименично во прилогот на Оперативниот план за одржување на сообраќајниците и локалните патишта во зимски услови.

Истовремено го напоменуваме следното :
Правните лица се должни редовно да ги чистат површините пред и околу објектите кои ги користат.

Просторите во и околу училишните објекти ,организирано се чистат од учениците и класните раководители.

Тротоарите пред деловните простори ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на просторот што го зафаќа во должина на тротоарот. Тротоарите на мостовите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈП "Исар" организирано преку сопствена програма.
Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе изнесува 5 см., додека на помала снежна покривка , ќе се интервенира со посипување на сол и песок.

Раскрсницата "Дујле" кај "Базалт", "Мал одмор", Стопанска банка и кај Градската црква ќе се чистат целосно со отстранување на снег и голомразица.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени со сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 110 км. или 550.000 м2.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

### 3. ПЛАНИРАНИ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

| Ред.бр. | Опис | Планирани средства во денари |
|---|---|---|
| А. | **Извори на средства** | |
| 5. | Средства од буџетот на Општина Штип | 6.000.000 |
| | **Вкупно** | **6.000.000** |

### 6. ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА

| Реден број | **Опис** | Планирани средства во денари |
|---|---|---|
| **1.** | употреба на возила (амортизација, гориво, резервни | **2.200.000** |

| | | |
|---|---|---|
| | делови) | |
| **2.** | Услуги за ангажирање на градежна механизација од други правни лица | **1.200.000** |
| 3. | Употреба на работна рака (дежурства и редовна плата) | **1.100.000** |
| 4. | Употреба на материјал (песок , сол, ладна асфалтна маса и др.) | **1.500.000** |
| | **Вкупно** | **6.000.000** |

Средствата треба да бидат обезбедени од Општина Штип.
Конечните трошоци ќе се утврдат по изготвување на градежна книга заверена од овластено лице на локалната самоуправа по која ке се врши исплатата од средствата за зимско одржување.

**О П Е Р А Т И В Е Н П Л А Н**

Стационирањето на луѓето и механизацијата ќе бидат во пунктот до Автобуска станица а приемот на информациите и понатамошното известување ќе биде во пунктот на телефон број 078/473-466.
Првото активирање на целокупната група вклучена во зимско одржување ќе го изврши директорот на ЈП "Стипион 2011"-Штип Панче Стефановски.
Понатамошниот тек на дејствување на оперативните групи ќе биде според оперативниот план и директна одговорност на раководителите на групите.

<u>Прв приоритет</u>

Критични места каде треба да се обрати посебно внимание:
- Клиничка болница Штип
- клисура
- ул. "Гоце Делчев" (од Црква "Св. Никола" до ул."Ванчо Прке"; од ул. "Партизанска" до надвозник кај "Македонија пат'; и од "Мал одмор" до фабрика "Астибо"
- ул. "Партизанска" (од надвозник кај "Македонија пат" до Дом на млади)
- ул. "Борис Кидрич"
- ул. "Сремски Фронт"
- спојка "Сењак-Баби"
- ул. "Крушевска Република"

Улиците од Прв приоритет ќе се минуваат по следниот редослед: Клиничка болница Штип , Клисура, УВР, Пожарна, Депонија, Филтер станица и улиците: "Партизанска", "Сремски Фронт", дел од улица "Борис Крајгер", "Сајбие Демир", дел од "Пиринска", "Сутјеска", "Гоце Делчев", "Железничка", делот од "Железничка" до спојот со магистралниот пат Велес-Кочани", "Брегалничка", Камен мост на р. Брегалница (Мал одмор), Касарни, населба "Пребег", "Маршал

Тито", "Ванчо Прке", "Михајло Апостолски", "Тодор Коларов", дел од ул. "Борко Талев", од почетокот до Стариот здравен дом, кеј "Димитар Влахов", излез Клисура, "Борис Кидрич", "Чатал", "Васил Главинов", "Христијан Карпош", "Јосиф Ковачев", населба "Дузлак", "Крушевска Република", "Лески", влез на "Баби 5", "Славчо Стојменски", "Панче Караѓозов" со вкупна должина од 30.00 км.

Втор приоритет

Во вториот приоритет влегуваат следните улици: "Вита Поп Јораданова", "Мирче Ацев", Медицинско училиште, дел од ул. "Љубен Иванов", "Тодор Коларов", покрај зидот на градска болница, "Васил Доганџиски", дел од ул. "Борко Талев" (до дуќанчето), дел од ул. "Јоаким Стојков", (до самопослугата) "Блок 77" главна улица, "Блок 85" (главна улица), "Сутјеска" до диспанзерот, ул. "Иван Рибар", ул. "Радански пат", "Еврејска", "Панче Караѓозов", "Вардарска", "5-та Партиска Конференција","Солидарност", "7-ми Конгрес", "Боро Арсов", "Булевар ЈНА". Редоследот на чистење на улиците од втор приоритет го определува дежурниот раководител.
Во втор приоритет влегува и Локалната патна мрежа.

Во колку возилото определено за чистење на прв приоритет обезбеди нормално функционирање на сообраќајот се упатува на расчистување на Локалната патна мрежа во спротивно ако е потребно се активираат договорите склучени со градежната оператива задолжени за посебни реони од истата.

Трет приоритет

Во трет приоритет влегуваат останатите улици од град Штип каде што не е можен пристап на механизација.

Истите се чистат од граѓаните во ширина на нивните дворни места во координација со урбаните и месните заедници.

Правните лица се должни редовно да ги чистат површините пред и околу објектите кои ги користат.

Просторите во и околу училишните објекти организирано се чистат од учениците и класните раководители.

Тротоарите испред деловните простории ќе се чистат од страна на сопствениците на истите со големина на прсторот што го зафаќа во должина на тротоарот.

Пешачките мостови со тротоарите и тротоарите без деловни простории ќе ги чисти ЈП "Исар" организирано преку сопствена програма.
Отстранувањето на снегот ќе се врши кога неговата дебелина ќе изнесува 5 см., додека на помала снежна покривка ќе се интервенира со посипување на сол и песок. Раскрсницата "Дујле" кај "Базалт", "Мал одмор", Стопанска банка и кај Градската црква ќе се чистат целосно со отстранување на снег и голомразица.

Улиците од прв приоритет треба да бидат оспособени за сообраќај до 05,00 часот наутро. Вкупна должина на улиците и локалната патна мрежа е приближно 110 км. или 500.000 м2.

Број 08 – 8130 /1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

1129.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР
ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8131/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1130.

Врз основа на член 15 став 2 од Одлуката за коритење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип број 11/18,07/19 и 02/21) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број  01/03, 18/07, 11/08, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР
ЗА ПАРКИРАЊЕ  НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ГРАД ШТИП ЗА 2025ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Оваа Програма ги опфаќа активностите што треба да се превземат од страна на ЈП,,Стипион 2011“ Штип а кои се поврзани соорганизирањето,управувањето, уредувањето и одржувањето на јавните површини за паркирање (јавниот простор за паркирање),насочени кон квалитетно и ефикасно задоволување на потребите на сите учесници во сообраќајот,приоритетно задоволување на потребите на жителите во централното градско подрачје,со цел решавање на сообраќајниот метеж и проблемите со паркирањето.

Оваа Програма се однесува пред се на просторот за паркирање кој е од отворен тип и на кој паркирањето на возилата е без посебен режим на влегување и излегување,кој е обележан и за чие користење се наплаќа определен надомест.

**ПРОГРАМАТА СОДРЖИ:**
**1.ОПШТ ДЕЛ**
**2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**
**3. ПРИХОДИ И РАСХОДИ НАОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПЛАТЕНИ ПАРКИНЗИ**
**4.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**1.ОПШТ ДЕЛ**

Врз основа на донесената Одлука на Советот за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип(,,Службен гласник на Општина Штип,бр. 11/10,01/13,08/14,10/14,01/15,05/15,07/15,08/15 и 13/15),со цел организирање, управување,уредување и одржување на јавните површини за паркирање,пред се во насока за квалитетно и ефикасно задоволување на потребите на жителите на Централното градско подрачје и секако решавање на сообраќајниот метеж и проблемот со паркирањето.

Паркирањето на подрачјето на град Штип е од отворен тип.Во рамките на јавното претпријатие е формиран Сектор за општински линиски превоз и платени паркинзии во чии состав е Одделението за платени паркинзи кое се грижи за организација за наплатата на јавниот простор за паркирање.

Јавното претпријатие вршејќи ја оваа дејност,постојано утврдува и изнаоѓа нови и ги усовршува постојните услуги следејќи ги современите трендови и практики за давање на услуги за користење на јавните површини за паркирање.

На сите јавни паркиралишта со кои управува ЈП Стипион 2011 приоритет се дава на жителите на Централното градско подрачје на кои согласно востановената деловна политика и начинот на организирање на работата на паркинзите,им се гарантира пристап и користење на јавното паркиралиште со што всушност и се оправдува постоењето на јавните паркинзи како јавен сервис на граѓаните,со што трајно и во континуитет се води грижа за правилен, ефикасен и непречен режим на сообраќајот на самите паркиралишта,што наидува на огромна благодарност и одобрување од граѓаните.

Јавното претпријатие ја нуди можноста заиздавање на месечни и годишни повластени карти за паркирање за лица станари со живеалиште на улиците каде е предвиден временски ограничениот паркинг простор со наплатаа користат

сопствено возило или возило на име на правното лице, како и  за физички лица кои се вработени во правното лице со седиште на адресите каде е предвиден паркинг простор со наплата.
Согласно Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип,на временски ограничениот простор за паркирање,времето за паркирање е ограничено :
-зимско работно време  07-19 ч.
-летно работно време    07-21 ч.
**-** работно време во саботите 07-15 ч.

На подрачјето на Општина Штип се наплатува надомест за паркирањенавкупно900 паркинг места од кои 131 се во Н1 зона.

**2.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПЛАТЕНИ ПАРКИНЗИ ЗА 2024 ГОДИНА**.
*доколку се јави потреба за  паркирање  на други улици,ќе треба поставување на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација.
*Планирано е и воведување на “Затворени паркинзи“.

**3.ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПЛАТЕНИ ПАРКИНЗИ**

| Реден број | Опис | воденари | | Вкупноводенари |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **ПРИХОДЕН ДЕЛ** | | | **11.200.000** |
| 7. | Приходи од СМС | 7.500.000 | | |
| 8. | Приходи од грепки | 800.000 | | |
| 9. | Приходи од блокатори | 800.000 | | |
| 10. | Приходи од винетки и налепници | 2.100.000 | | |
| **Б.** | **РАСХОДЕН ДЕЛ** | | | **10.300.000** |
| 1. | Вертикална сигнализација (сообраќајни знаци) | 50.000 | | |
| 2. | Хоризонтална сигнализација(боја за обележување) | 150.000 | | |
| 3. | Трошоци за печатење на грепки и налепници и винетки | 250.000 | | |
| 4. | Трошоци за ХТЗ опрема на вработени (контролори на паркирање) | / | | |
| 5. | Бруто плата на | 7.000.000 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | вработени | | | |
| 6. | Трошоци за блокатори | 50.000 | | |
| 7. | Трошоци за гориво | 50.000 | | |
| 9. | Надомест за услуга на оператор за одржување на софтвер за зонско паркирање- 20 % СМС услуга | 1.100.000 | | |
| 10. | Трошоци за обука на вработените | / | | |
| 11. | 20% комунална такса | 1.600.000 | | |
| 12. | Сервисирање на фискални апарати | 50.000 | | |
| | | | **Разлика на приходи и расходи** | **900.000** |

Број 08 – 8131 /1
20 декември 2024 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1131.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8132/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1132.

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 06/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 112/2014, 166/2014, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018, 275/2019, 67/2022 и 170/2024“), член 5 став 1 точка 5 од Закон за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016, 64/2018 и 302/2020), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) и член 2 од Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Штип („Службен гласник на Општината Штип" број 05/2020, 04/22, 02/23, 10/23, 14/23, 18/23, 12/24 и 15/24), Советот на Општина Штип на седница одржана на 20 декември 2024 година

**ПРОГРАМА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИЦИ ЗА 2025**

## 1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Со Програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци за 2025, се предвидува обемот и видот на мерките и активностите кои ЈП СТИПИОН 2011(во натамошниот текст: ЈП)планира даги превземе за подобрување на квалитетотна услугата - превоз на патници.
Планираните мерки и активности се засновани врз основа на искуството од реализацијата на превозот во текот на 2024 година, утврдените потреби за подобрување на квалитетот на услугата превоз на патници, зголемувањето на обемот на превезени патници инасоките од Општина Штип како Основач на ЈП.

1.1 Дејност, статус и правна форма

ЈП е основано како Јавно претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално-услужни дејности со приоритетна дејност Изградба на патишта и автопати како и други дејности во внатрешниот промет.Со Одлука на Советот на Општина Штипбр.08-1069/1 од 8 мај 2023 год , носител на општинскиот линиски превоз во Општина Штип е ЈП и за таа цел, во рамките на ЈП на 05.07.2023 е снована Подружница за превоз на патници во Општина Штип со приоритетна дејност -Градски и приградски патнички копнен транспорт.

**2. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

Во ЈП се вработени вкупно 57 лица на неопределено време согласно постојната систематизација . Во текот на 2024 година се регулира статусот на дел од возачите односно 6 од нив се вработени во ЈП на неопределено време.За непреченото вршење на превозот на патници за останатите автобуси односно зголемениот обем на работата и имајќи во предвид недостатокот на ваков вид на профили на пазарот на трудот, дополнително се обезбедени 3 возачи на определено време.

Во 2025 година, ЈП предвидува регулација на статусот и на овие возачи, како и вработување уште еден нов возач.

**3. АНАЛИЗА НА РАБОТАТА ВО 2024**

**3.1**. За потребите на вршење на општинскиот линиски превоз, од страна на Основачот на ЈП, односно Општина Штип, во 2024 беа обезбедени финасиски средства за набавка на3 автобуси и тоа:

- 2 автобуси со капацитет од 106 патници,
- 1 автобус со капацитет од 23 патници.

Набавката е спроведена од страна на ЈП и автобусите се набавени со целосна исплата на истите.

Превозот на патниците се врши согласно утврдени:

-10 редовни линииод понеделник до петок во период на училишна година, Л.1. Трговски центар-Стар Караорман-Трговски центар, Л.2.1 Трговски центар-Баби-Трговски центар, Л.2.2 Трговски центар-Баби-Трговски центар, Л.3. Трговски центар-Три Чешми-Чардаклија-Трговски центар, Л.4 .Трговски центар-Дузлак-Трговски центар, Л.5. Ново село-ООУ Ванчо Прке-Ново село, Л.6. Трговски центар-Лакавица-Селце-Трговски центар, Л.7. Трговски центар-Радање-Трговски центар, Л.7. Трговски центар-Кучица-Трговски центар и Л.9. Трговски центар-Долни Балван-Радање-Трговски центар.

- 1 редовна линија која се одвива во текот на целата годинаод понеделник до петок Л.2.3 Баби-Бања Кежовица-Баби.

-2 редовни линии за време на викенд, празницииi надвор од училишна година, Л.1.1 Трговски центар-Дузлак-Стар Караорман-Трговски центар и Л.3.1 Трговски центар-Три Чешми-Чардаклија-Трговски центар и

- 1 редовна линија која се одвива во период надвор од школска година од понеделник до петок Л.7.1 Трговски центар-Радање-Трговски центар.

**3.2**ЈП го започна вршењето на превоз на патници од 01.09.2023, со кој превоз во најголем обем се превезувани учениците од четири средни училишта,три основно училиште на територијата на Општина Штип и Општина Карбинци врз основа на склучени договори помеѓу ЈП и овие училишта. Учениците добија поквалитетна и подобра услуга во поглед на можноста на користење на сите линии во сите временски периоди бесплатно доколку истите имаат остварено право на бесплатен превоз до училиштето и обратно. За останатите ученици кои немаат остварено право на бесплатен превоз и студентите кои се запишани на студии на факултетите во Штип, овозможено е користење на превоз со месечни или годишни билети по намалени цени.

Со редовните линии се превезуваа и останати патници кои го користеа општинскиот линиски превоз на територијата на Општина Штип и Општина Карбинци.
Без надоместок - бесплатен превоз и без временско ограничување остварија инвалидизираните лица и децата до 5 годишна возраст, а пензионерите остваруваат право на бесплатен превоз со временско ограничување од една година од започнување на мерката секој петок која ќе продолжи за уште една година.
Исто така, намалени месечни и годишни билети можат да користат и лицата кои се корисници на социјална помош и членовите на семејството, пензионерите, лицата постари од 62 години за жени, односно 64 години за мажи и децата без родители и родителска грижа.
Во периодот од една година или во текот на 2024 год. се продадени вкупно 51.532билети - дневни и повратни и 446 месечни билети и тоа:

**Табела 1**

| | Општина Штип | | | | Општина Карбинци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона | I зона | II зона | III зона | IV зона | I зона | II зона | III зона | IV зона |
| Билети | 27.875 | 4.690 | 11.157 | 234 | 1.724 | 1.385 | 205 | 24 |
| Вкупно: | 51.532 | | | | | | | |

Издадени се вкупно 78 бесплатни инвалидни картички.
Со договор склучени со училиштата се превезуваат вкупно 858ученици секој ден од понеделник до петок во двете насоки (до училиште и од училиште) во период на школска година со што се реализирани околу 278.000 патувања во текот на 2024 година.

**Табела 2**

| | Општина Штип | | | | Општина Карбинци | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона | I зона | II зона | III зона | IV зона | I зона | II зона | III зона | IV зона |
| Ученици | 521 | 62 | 69 | 31 | 28 | 22 | 92 | 33 |
| Вкупно: | 858 ученици | | | | | | | |

За бесплатните патувања, повластените категории на корисници - инвалидизирани лица и деца до 5 години и пензионерите во петок, нема регистрирано точна бројка на патувања, но според проценките се остварени минимум 30.000 патувања.
Согласно сите претходно категории на патувања, ЈП има реализирано минимум 600.000 патувања во текот на 2024 година.
Во текот на 2024 година, автобусите имаат изминатовкупно 201.761,7километри.

**Табела 3**

| р.б. | Возило | Изминати км |
|---|---|---|
| 1. | ST-8851-AD | 29.580,7 |
| 2. | ST-8852-AD | 36.297,8 |
| 3. | ST-8853-AD | 13.015,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | ST-8861-AD | 34.182,9 |
| 5. | ST-8862-AD | 27.138,8 |
| 6. | ST-8863-AD | 18.139,4 |
| 7. | ST-0854-AE | 28.563,8 |
| 8. | ST-2385-AE | 7.680,7 |
| 9. | ST-2386-AE | 7.162,4 |
| Вкупно: | | 201.761,7 км |
| | | |

**3.3** Финансиските показатели за овој период , односно обемот на превземаните активности за период од 01.01.2024 заклучно со 30.11.2024 и недоспеаните а планирани финансиски показатели од месец декември 2024 се :

**Табела 4**

| | **Позиција** | **Тековна година 2024** |
|---|---|---|
| | **Расходи од работењето** | |
| | **1. Трошоци за суровини и други материјали** | |
| | Трошоци за печатење на билети и месечни карти | 572,00 |
| | Одржување на возилата (редовно сервисирање, поправки, пнев., масла, антифризи др.) | 1.579.536,00 |
| | Гориво и адетив | 2.822.316,00 |
| | Плати и надоместоци за плата | 5.863.274,00 |
| | **2. Останати трошоци од работењето** | |
| | Банкарски услуги | 22.000,00 |
| | Трошоци за набавка на ново возила | 5.795.000,00 |
| | Трошоци за реклама | 60.425,00 |
| | трошоци за отплата на финансиски лизинг - рата | 9.554.776,00 |
| | Трошоци за регистрација и осигурување | 1.062.172,00 |
| | Трошоци за договор на дело | 977.000,00 |
| | **Вкупно:** | **27.737.071,00** |
| | | |
| | **Приходи од работењето** | |
| | субвенции | 18.800.000,00 |
| | превоз на ученици - договор со училишта | 16.530.137,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | превоз на патници - билети | 2.470.073,00 |
| | **Вкупно:** | 37.800.210,00 |
| | **Вкупно приходи** | 37.800.210,00 |
| | **Вкупно расходи** | 27.737.071,00 |
| | **Добивка** | **10.063.139,00** |

**4. ПЛАНИРАНИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ**

Целта на ЈП е да продолжи да биде ефикасно, современо организирано и рационално претпријатие, кое ќе обезбедува високо ниво на квалитетно вршење на општинскиот линиски превоз.

За реализација на оваа цел, се планира правото на услуга за превоз да се афирмира и зголеми и за вработени во правните лица (јавни служби, трговски друштва, државни и локални органи, здруженија на граѓании фондации и други институции), при што правните лица ќе вршат организирана уплата на парични средства на име на купување на поединечни, повратни, месечни, или годишни билети за своите вработени/членови, за лица опфатени во задолжително образование и сл.

Обезбедувањето на почеста контрола на наплата, како важен сегмент во финаиските показатели за профитабилно работење, се планира да се врши преку контролори со возило за што ќе биде потребно да се набави патничко моторно возило, кое ќе биде основ за планирање на средствата потребни за оваа намена во Годишниот план за набавки за 2025.

Согласно утврдување на зголемени потреби на граѓаните во наредниот период, постоиможност за зголемување на бројот на линии и бројот на поаѓања и доаѓања на веќе постоечките линии. За зголемување на квалитетот на услугата и намалување на експлоатационите трошоци, се предвидува набавка на дополнителни два автобуси со капацитети до 30 патници и создавање на возен парк со резервни возила, како и вработување на еден нов возачи за превоз на патници доколку дојде до зголемување на линиите или фрекфенцијата на поаѓања и доаѓања на постоечките линии.

Во насока на подобрување и овозможување на поквалитетна услуга, се планира изградба на повеќе автобуски стојалишта на локации кои се утврдени во Одлуката за општински линиски превоз на патници, како и поставување и обновување на урбана опрема на истите.

Унапредување на работниот процес при вршењето на превозот, ќе биде во насока на подобрување на постоечката оперативна процедура и изработка на дополнителна оперативна процедура за користење на возилата за превоз на патници при вршењето на општинскиот линискиот превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци, со која ќе се уредат начинот и постапката за користење на возилата за вршење на превозот на патници.

Потребата за подобра информираност за сите промени или нови содржини во превозот , се планира да се врши преку зголемување на степенот и квалитетот

на информациите наменети за корисниците на превозот со соодветни материјали и рекламирање преку радиостаници и локални ТВ станици.

**5. ФИНАНСИКИ ПЛАН**

Програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци е проектирана на 40.350.000,00 денари, со можност за нејзино проширување.

**5.1.** Планираните извори на финансиски средства за финансирање на активностите за превозот на патници за 2025 година се:

**Табела 1**

| Ред.број | Основ на приход | Планиран приход (во денари) |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од превоз на патници | 4.000.000,00 |
| 2. | Приход од превоз на ученици | 19.000.000,00 |
| 3. | Приход од користење на автобуски постојки | 350.000,00 |
| 4. | Средства од субвенции од линија | 17.800.000,00 |
| | ВКУПНО : | 41.150.000,00 |

**5.2.**Планирани расходи за 2025 се :

**Табела 2**

| Реден број | Основ на расход | Планиран расход (во денари) |
|---|---|---|
| 1. | Месечна рата за отплата на автобуси | 10.800.000,00 |
| 2. | Регистрација и осигурување на автобусите | 1.300.000,00 |
| 3. | Трошоци за гориво | 5.000.000,00 |
| 4. | Сервисирање на возилата | 2.500.000,00 |
| 5. | Трошоци за печатење на билети и месечни карти | 60.000,00 |
| 6. | Плати и надоместоци и други трошоци за вработени | 8.000.000,00 |
| 7. | Трошоци по договор на дело | 900.000,00 |
| 8. | Непредвидени трошоци | 200.000,00 |
| 9. | Трошоци за реклама | 500.000,00 |
| 10. | Трошоци за нови возила | 10.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | 39.260.000,00 |

Врз основа на напред истакнатото и во зависност од приливот на средства по сите основи, како и приливот на средства од Буџетот на Општина Штип

доколку основачот предвиди други дополнителни видови на планирани активности, можни се измени и дополнувања на активностите во оваа програма.

**6.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма се грижи ЈП преку Подружницата за превоз на патници во Општина Штип.

За делот од Програмата каде ЈП, не е во можност да ги реализира програмските задачи,истите ќе ги реализира Општина Штип.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Штип а ќе се применува до донесувањето на Програмата за вршење на општински линиски превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци за наредната година.

Број 08 – 8132 /1
20 декември 2024 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

1133.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Престанок на мандат.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8133/2
20 декември 2024 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

1134.

Врз основа на член 44 од законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РМ број 12/2019), член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и член 36 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На Митко Арсов избран член на Управен одбор на Јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип и престанува мандатот поради оставка сметано од 06.12.2024 година.

Член 2

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 8133 /1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1135.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ЈП СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за усвојување на Финансиски план на ЈП Стипион 2011“-Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8134/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1136.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 до Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 26 и 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА
ЈП СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Се усвојува Финансиски план на ЈП Стипион 2011“ Штип за 2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е финансискиот план на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2025 година број 0202 – 547/9 од 13.12.2024 година, усвоен од УО на ЈП „Стипион 2011“–Штип со заклучок за усвојување на финансикси план на ЈП ,,Стипион 2011” –Штип за 2025 година

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 8134 /1 Совет на Општина Штип
20 декември 2024 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

1137.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8135/2
20 декември 2024 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

1138.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 8135/1
20 декекмври 2024 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1139.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по програмата за одржување на локални патишта и улици.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8136/2
20 декември 2024 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1140.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по програмата за одржување на локални патишта и улици.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 8136/1 | Совет на Општина Штип
20 декекмври 2024 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

1141.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8137/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

1142.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД
01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 8137/1 Совет на Општина Штип
20 декекмври 2024 година Претседател

Штип Весна Кожинкова, с.р.

1143.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ
ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА
ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011"-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по Програмата за превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-8138/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1144.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЈП „СТИПИОН 2011"-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА
ПЕРИОД ОД 01.07.2024 ДО 30.09.2024 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА
ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

I

Се усвојува Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011"-Штип со финансиски показатели за период од 01.07.2024 до 30.09.2024 година по Програмата за превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 8138/1 Совет на Општина Штип
20 декекмври 2024 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

1145.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИК НА ЈП ,,СТИПИОН 2011”–ШТИП ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

I

Се објавува Одлука за давање согласност на ценовник за измена и дополнување на ценовник на ЈП ,,Стипион 2011”–Штип за услугите за превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8139/2 Општина Штип
20 декември 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1146.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ број: 275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА ЈП „СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА УСЛУГИТЕ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Член 1

Се дава согласност на Ценовникот ЈП „Стипион 2011“ Штип за измена и дополнување на Ценовникот на ЈП„Стипион 2011“ Штип за услугите на превоз на патници во општина Штип и општина Карбинци.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Ценовникот ЈП „Стипион 2011“ Штип за дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“ Штип за услугите на превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци број 0202 – 527 /9 донесена од Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“- Штип на седницата одржана на 25.11.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 8139 /1
20 декември 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1147.

Врз основа на член 11 став 2 точка 7 од Статутот на ЈП „Стипион 2011“- Штип пречистен текст („Службен Гласник на Општина Штип“ број 08/23), Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип на седницата одржана на ден 25.11.2024 утврди

Ц Е Н О В Н И К
За измена и дополнување на Ценовникот на ЈП„Стипион 2011“ Штип за услугите за превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци

Член 1

Во Ценовникот на ЈП„Стипион 2011“ Штип за услугите за превоз на патници во Општина Штип и Општина Карбинци („Службен Гласник на Општина Штип“ број 16/23, 18/23, 12/2024 , 2/24, 12/2024 и 15/2024), во член 9 став 2, по зборот„петок“ се додаваат зборовите „ до 31.12.2025 година “ а зборовите „во рок од една година “ се бришат.

Член 2

Ценовникот влегува во сила по добивање на согласност од страна на Советот на Општина Штип и истиот ќе се објави во Службен гласник на Општина Штип .

Број 0202-527/9
25.11.2024 година

Ш т и п

Управен Одбор на ЈП
Стипион 2011 Штип
Заменик Претседател,
Мирјана Ефремова, с.р.

1148.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“ ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“ ШТИП за одржување на Новогодишен концерт.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8140/2
20 декември 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1149.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ДМУЦ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“ ШТИП ЗА
ОДРЖУВАЊЕ НА НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000,00 денари на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип за одржување на Новогодишен концерт.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2024 и 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08- 8140/1
20 декември2024 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

1150.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА КНИГА (СТИХОЗБИРКА „БЕСПАЌЕ“)

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на книга (стихозбирка „Беспаќе“).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-8141/2
20 декември 2024 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

1151.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ
НА КНИГА (СТИХОЗБИРКА „БЕСПАЌЕ“)

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за печатење на книга (стихозбирка „Беспаќе) во висина од 5.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2024 и 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08- 8141 /1
20 декември 2024 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.